**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Третото продолжение на Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 јули 2004 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници,

Продолжуваме со работа по Седумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Славица Грковска, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Емилија Костадинова, Иван Стоиљковиќ, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Чедомир Краљевски, Орданчо Тасев, Аднан Ќахил, Љубчо Георгиевски, Мендух Тачи, Али Ахмети и Трифун Костовски ме известија дека од оправдани причини се спречени да присуствуваат на седницата.

Бидејќи немаме кворум, а треба да пристапиме кон гласање, ќе почекаме.

Објавувам пауза до 10,30 часот.

(По паузата)

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

66 пратеници притиснале копчиња на системот за гласање..

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на Законот територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија.

Претресот по амандманот на членот 10 под б) за додавање нова точка 53-а по точката 53, поднесен од пратениците Сприро Мавровски, Никола Груевски, Љупчо Балковски е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 7 пратеници гласале за амандманот, нема воздржани, 64 пратеници гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието на го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 55-а по точката 55, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амамдманот на пратеникот Коце Трајановски не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Коце Трајановски, имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Јас ќе се обидам да образложам зошто сметам дека општина Миравци треба и понатаму да остане во списокот на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија.

Општината Миравци брои околу 2.800 жители и во текот на нејзиното постоење од 1996 па до 2004 година, значи до оваа година, како посебна единица на локалната самоуправа имаше неколку успешни работи кои треба да се споменат овде и кои сметам дека претставуваат една од основите и еден од аргументите поради кои оваа општина треба да опстојува. Имен, во целина го реши проблемот со вода за пиење на сите населени места. Исто така, со комуналните работи, асфалтирањето на улиците во најголемиот дел од населените места, како и реализација на проекти за канализациони мрежи. Значи придобивките од постоењето на оваа општина во овие осум години се евидентни и сметам, доколку општина Миравци се припои кон општина Гевгелија, овие населени места кои сега спаѓаат во составот на општина Миравци ќе бидат запоставени како рурални и како места кои се надвор од градското подрачје. Инаку, тоа го покажува и

50-годишната пракса во Република Македонија дека селата кои се блиску до градот, иако се блиску до градот, според тоа што е направено и во каква состојба се чувствува како да се многу далеку, како се стотици километри далеку од градовите кон кои тие гравитираат се поради негрижата на градските власти за развој на селата или населените места кои се блиску до овие урбани средини.

Исто така, сметам дека општина Миравци, согласно бројот на жителите и средствата кои се прибираат од фондовите и тоа: Фондот за пензиско-инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување, потоа од персоналниот данок и ДДВ, таа ќе може непречено да опстојува. Има неактивирана фабрика за дрвена амбалажа и доколку биде нејзиното активирање, а деновиве во тек е активност за нејзина продажба, можат да се вработат околу 300 луѓе, што навистина ќе претставува голем процент на разработување во оваа општина и даноците по основите на персоналниот данок и другите даноци сметам дека ќе бидат доволни за опстојувањето на оваа општина. Исто така, општина Миравци располага со голем шумски фонд, на кој стопанисува Шумското стопанство - Гевгелија, па според тоа сметам доколку и таа ингеренција понатаму се префли во општински ингеренции, општина Миравци ќе има и економски основ за нејзино опстојување.

Покрај овие финансиски или економски показатели, јас тука би додал и тоа, доколку Миравци припадне во градот, повторно ќе напоменам дека ќе има нејзино запоставување како приградска населба. Меѓутоа, вториот аргумент кој исто така е многу значаен е тоа што согласно Европската повелба за локална самоуправа, во членот 5, каде се вели дека за менувањето на општинските граници, ќе потенцирам, мора да се консултираат, значи не треба туку мора да се консултираат и локаланите власти, согласно на тоа Советот на општина Миравци, на седница одржана на 22 јануари 2003 гоедина донесе Одлука за распишување на референдум. Притоа сакам да напоменам дека Советот на општината го сочинуваат мнозинство советници од СДСМ. Значи, не се работи за никаква партиска активност, туку се работи за интерес на сите граѓани, независно од нивната партиска или политичка определба и тој референдум е одржан на 7.03.2004 година, на кој граѓаните или жителите на општина Миравци се изјаснија со 73%

за постоење на општина Миравци како посебна единица на локалната самоуправа во Република Македонија. Со тоа знаеме дека е исполнет и вториот услов, значи референдумското изјаснување на жителите на општина Миравци за постоење како самостојна општина, многу значаен аргумент и факт што сметам дека треба да се земе предвид и оваа општина, согласно климатските услови и условите за развој на раноградинарство, блиску до Вардар, по основ на земјоделство има исто така огромна можност за развој на земјоделството. Потоа, блиску е до границата со Грција, а исто така со изградба на објекти кои ќе бидат во функција на извозот спрема Грција на фирмите кои се бават со извоз, така што сметам дека оваа општина навистина има перспектива да остене како посебна општина, самостојна општина во рамките на Република Македонија.

Затоа, би апелирал до пратениците од позицијата да го прифатат овој амандман.

Иако господинот Ќуркчиев не е тука, тој е од општина Гевгелија, сметам дека тој би дал придонес со својата дискусија за опстојување на оваа општина, меѓутоа, пак ќе споменам тој не е тука, а требаше да биде тука, бидејќи се работи за една општина која е во таа изборна единица.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас би ве молел, господине Трајановски, во иднина да не повикувате други пратеници, бидејќи вашата пратеничка група повеќе од половината ја нема, не е тука. Коректно е така.

Повелете господине министре, имате збор.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Трајановски, одредени факти кои вие ги укажавте држат и статистички се така, но би сакал да ви укажам дека од моето доаѓање како минисртер за локална самоуправа од првите денови беше да изнајдеме можности да ги деблокираме жиро-сметките на општина Миравци заедно со градоначалникот на општина Миравци и до денес, односно до пред седум дена не е деблокирана. Во Република Македонија има повеќе општина со блокирани жиро-сметки, но долгот на општината Миравци изнесуваше околу 3-4 милиони. Кога разговаравме со градоначалникот на општина Миравци, тие средства од изврни приходи кои се предидени со законот требаше да ги собираат 10

години за да ги исплата само побарувањата, што значи капацитетите на општина Миравци за задоволување на основните потреби, а не за инвестициони, точно е дека се изградени со грантови и донации. Вашата теза во која  тврдите дека одредени селски населби до одредени општини - јас ќе ви укажам на оние општини кои традиционално се една целина географска, економска и природна и изнесуваат околу 40 општини, како Гевгелија, Ресен, Берово, Радовиш, па и други средни поголемина за македонски усслови селските населби се подобро уредени и подобро функционираат отколку одредени квартови во градовите. Затоа, сметаме дека општината Миравци во рамките на целокупниот развоен капацитет на општината Гевгелија, граѓаните ќе имаат можности да го развиваат на целиот тој дел заедничкиот интерес, а тоа е пред се земјоделството и поврзаноста и прекуграничната соработка со Република Грција. Посебни напори правевме со интервенции да ја деблокираме жиро-сметката на Миравце да почне да функционира за основните потреби.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика господине Трајановски, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас ќе се обидам да кажам дека не се согласувам со министерот во неговото искажување во следното: Јас би го прашал колку од општините кои сега се предлагаат да останат општини имаат исто така блокирани сметки, кога министерот дојде на оваа функција 2002 година. Знам и многу големи општини кои дојдоа со блокирани сметки. Причината за блокирањето на сметките во голем дел е и од нецелосната дефинираност на законите, во кои градоначалниците ќе бидат задолжени да работат толку колку што имаат средства. Инаку, кога се менуваат градоначалниците, тој претходниот ја задолжува општината по различни основи и после тоа пристигнуваат судските извршни решенија и слично.

Инаку, за подобро функционирање на одредени населени места како што кажа министерот, морам да кажам дека сум живеел во приградска населба Илинден и каква беше Илинден од 1996 година во општината Гази Баба, каде што таа беше една од 50-те населени места, а каква е сега како посебна општина може да се види.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика за господинот Апостолов, повелете 3 минути.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Господине Трајановски, и јас сум од Гевгелија. За среќа или несреќа работев две години во Миравци, а вие незнам дали сте биле во Миравци, дали сте биле во Петрово, Давидово, Смоквица, односно населените места што се околу Миравци и што се во рамките на оваа општина. Ве сметам за еден од попринципиелните пратеници од опозицијата, но во овој ваш предлог односно со овој ваш амандман малку принципиелноста ви затајува во смисла на образложението на амандманите, каде стои дека основен и единствен критериум е референдумот. Бројката од 83% е точна, но како заврши и како се водеше референдумот јас знам, па ќе ви кажам после ако сакате во фоајето.

Не може, и вие сами знаете дека основен и единствен критериум не може да биде референдумот. Со Законот за локална самоуправа, сите општини па и општина Миравци имаат големи овластувања, но имаат и големи обврски. Сметам дека обврските општина Миравци не може да ги исполни, бидејќи како што рече и министерот нејзината сметка повеќе е блокирана, односно помалку е деблокирана и вие самите рековте дека има и други општини, но знаејќи ја нивната моќ од само 30 илјади евра буџетски пари, способноста да се деблокира е никаква. Се она вие што го наброивте во смисла на тоа што е направено во општина Миравци, да ви кажам дека се тоа само донации и дотации, а не може една општина да опстојува само со донации и дотации, ако нема доволно извори за финансирање. За жал, тоа е и општината Миравци. Во едно сум сигурен дека општина Гевгелија, и сеуште општина Миравци, заедно економски ќе бидат посилни бидејќи поквалитетно и поефикасно ќе ги искористат сите природни ресурси што им стојат на располагање.

Да не должам, на крајот сакам да потенцирам дека инвестициите што ќе бидат во општина Миравци нема да бидат во никој случај помали во оние што ќе бидат во општина Гевгелија. Тоа го поткрепувам со фактот бидејќи ние како општина и претходно опстојувавме и знаат во општина Миравци ова што вие го напомнавте во однос на

патиштата беше направено и пред 1996 година. Затоа, можам да тврдам дека развојот на општината Миравци никако нема да заостанува во однос на развојот на општина Гевгелија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трајановски 1 минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас би сакал да ги кажам податоците од референдумот, со оглед на тоа дека не беа точни. Можеби во искажувањето сум згрешил нешто, меѓутоа сега би сакал да ги потенцирам правите податоци. Значи од вкупно запишани 2233 гласачи во општина Миравци на гласање излегле 1634 или 73%, од кои гласале 88%, значи не 73% туку 88% се изјасниле општина Миравци понатаму да опстојува како самостојна општина и во постојните граници.

Сметам дека ние пратениците пред се и над се избрани од граѓаните во соодветните општини, претпоставувам дека со оглед на тоа дека колегата е од таму, сигурно би требало да ја почитува волјата на овие граѓани кои се жители на општина Миравци, од 73% излезени за да имаат своја општина. Инаку, исто така не се согласувам..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски, измина времето.

Госпоѓо Бонева, имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Никола Ќуркчиев.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Сакам да се приклучам кон амандманот на колегата Коце Трајановски и да го кажам моето мислење односно да ја искажам мојата поддршка за постоењето на Миравци, бидејќи веќе беше кажано што се со донации има направено општината.

Општината Миравци до 1965 година беше општина. По 1965 година, со новиот закон за територијална организација општина Миравци стана составен дел на општина Гевгелија и за среќа 1996 година благодарение на тоа што се направи нова

територијална организација на Република Македонија се создадоа услови повеќе рурални општини во државата да започнат свој сопствен рзвиток. Меѓу нив е и општина Миравци. Токму заради тоа конечно во општина Миравци почнаа да се решаваат огромен број на инфраструктурни проблеми, кои што дотогаш тие ги има и скоро 40 години не беа решени.

Реков дека нема да набројувам што се е направено, меѓутоа ќе кажам дека треба желбата и чувството на граѓаните дека подобро ќе живеат во сопствена општина да се почитува, бидејќи населението верува, а тие велат дека и праксата тоа го покажа, имаат многу повеќе перспективи доколку постојат како посебна единица на локалната самоуправа. Дека многу подобро ќе ги задоволуваат своите инфраструктурни потреби и многу подобро ќе работат на ангажирање на сите ресурси и презентирање пред потенцијалните инвеститори, а за останатите надлежности кои што со новиот закон за децентрализација се предвидуваат да се пренесат на локалната самоуправа, а за кои што власта смета дека општината нема капацитети да ги задоволува има начини и мочности истите да се реализираат со пренесување на дел од надлежностите на извршување на соседните општини согласно со Законот за локална самоуправа од одредена област. Одредени свои интереси граѓаните можат да ги остваруваат, и од областа на образованието и од областа на здравството во другите општини со меѓусебни договарања.

Токму заради тоа сметам дека треба да ја поддржиме желбата на граѓаните за опстојување на општина Миравци. Не можам да се согласам сега да зборуваме дали таа финансиски може да опстои или не, но можевме навистина аргументирано да зборуваме за тоа доколку во прва фаза ги разгледувавме пакетот закони за финансирање на локалната самоуправа и доколку знаевме колкави ќе бидт тие пари што ќе влезат во Буџетот на општина Миравци. Доколку аргументирано ни беше дадено сето тоа сега можевме да разговараме со бројки и да кажеме дали тие финансиски може да опстојат или не.

Сега, во моментов онака како што ги поставивме работите можам да кажам дека јас ги почитувам желбата и чувството на граѓаните кои што со референдум искажале дека

сакаат да имаат своја општина и дека можат многу поуспешно да ги остваруваат своите потреби во самостојна општина Миравци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Ќукрчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Почитувани колеги пратеници, почитуван колега Коце Трајановски,

Предпоставувам дека со најдобра намера сте го поднеле овој амандман. Притоа претпоставувам дека вие објективно сте ја согледале севкупната состојба во општина Миравци или поинаку кажано непристрасно и стручно сте ги извагале работите во контекст на законските критериуми и најпосле откако изворно на лице место сте ја почувствувале волјата на тамошните граѓани седнавте и потиснати од неодоливата желба им излеговте во пресрет на граѓаните од оваа општина. Воопшто не се сомневам во мотивот на овие граѓани во иднина поквалитетно да живеат и се разбира понепосредно одлучуваат за својата локална самоуправа.

Вие го поднесовте овој амандман, иако навистина од друга страна ако ги разгледаме работите не можам никако да сакам како вие гледате на тие луѓе кои што на мое големо задоволство се мои сограѓани.

Навистина незнам како може цела една општина или вкупно 2626 граѓани така да се потценуваат. Јас разбирам дека не само за сметка на општина Миравци, туку и на сите други кои се укинуваат со новиот закон за територијална организација во Република Македонија намерата е со амандмани да се купува време, но, непристојно би било, не мора кон нас пратениците, нека биде кон тамошните жители да бидеме навистина посериозни бидејќи со амандманот вие навистина зборувате во нивно име.

Со најдобра намера како на колега, ако сте сериозен по амбицијата да се грижите за волјата на овие луѓе најдобро намерно ви кажувам една infoрамција за нив. Имено, жителите на општина Миравци, за кои што говорите и околните населени места се исклучиво вредни и чесни, разумни, достоинвствени луѓе кои што јас колку што ги познавам искреноста многу им значи, меѓутоа, никогаш досега тие не го прифаќаат

додворувањето. Ова го кажувам од причина што претпоставувам дека амандманот сте им го намениле на нив.

Доколку, пак целта ви е да трошиме време во Собранието тогаш тоа е поинаква работа, меѓутоа, ако е и така коректно е и кога тоа го правите да настапувате со точни податоци кои сте можеле да ги имате, а не вакви какви што изнесовте.

Сосема на крајот да кажам доколку вие излезете на говорница и кажете колку вработени има во локалната самоуправа и без да читате ги наброите населените места јас ќе го поддржам овој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, реплика г-дине Трајановски, три минути.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, се потврди мојата констатација дека г-динот Ќуркчиев ќе го поддржи амандманот, меѓутоа, само би сакал да кажам дека нашата комуникација со граѓаните може да биде најразлична. Тука е претседателот на Советот на општина Миравци, г-динот Виктор Паласкаров кој што дава извештај за извршениот референдум. Тоа е еден од главните мотиви кој мене ме натера да го поднесам овој амандман, бидејќи од 73% според овој  допис до мене како пратеник, може би го имаат и сите пратеници, од 73% излезени 88% гласале општина Миравци да остане како самостојна општина. Тоа е едниот од главните мотиви и согласно на Европската повелба за локална самоуправа во членот 5 каде што вели дека границите на локалната самоуправа мора, мора, да се менуваат во консултација со локалната самоуправа.

Инаку, господине Ќуркчиев најмалку ми е до додворување. Ни на крај памет не ми паднало, како што кажавте имав добра волја за да може да се слушне гласот на тие 73% излезени граѓани. Дали сум бил на лице место или не тоа е моја работа. Ние можеме на многу различни начини да комуницираме. Јас не ги потценувам тие 2600 граѓани, не ми беше намерата тоа и сметам дека не ви требаше со таков вокабулар да се служите, меѓутоа верувајте единствено ми беше инфорамцијата на претседателот на Советот во општина Миравци кој што дава извештај за извршениот референдум. Тоа за мене е могу меродавно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дин Ќуркчиев, а г-ѓо Бонева вие што сакате, реплика ли?

Заврши тоа бидејќи репликата почна.

Ќе се пријавите веднаш после говорот.

(Реакции на г-ѓа Бонева)

Не, не, господинот Ќуркчиев имаше настап, а репликата беше од страна на Коце Трајановски, а вие се пријавувате сега.

Ве молам, една минута г-динот Ќуркчиев.

НИКОЛА ЌУРКЧИЕВ:

Навистина се што требаше јас всушност да одговорам кажа и г-динот Трајановски кој што во суштина го поднел овој амандман онака како што треба, онака како што некој го напишал, тој само го потпишал. Меѓутоа, верувам дека на крајот од амандманите ќе дојде на ред и расправа по текстот, или она што е измена од овој текст и тогаш ќе имаме можност пошироко да дебатираме на оваа тема за која и јавноста е многу заинтересирана.

Меѓутоа, бидејќи го спомнавте и се повикувате најмногу на референдумот и на европската повелба и член 5, господине Трајановски со законот кој што го донесовте токму вие и вашата Влада тој член, или направивте корекција во Законот за локална самоуправа, член 19 во кој што ја избришавте одредбата дека референдумското изјаснување на граѓаните е задолжително за предлагачот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 9 гласале за амандманот, нема воздржан и 59 гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10, под б) точка 55 и на член 10 под б) за додавање нова точка 63-а, под точката 63. поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевкси, Михајло Георгиевски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорге Паљошковски, Ристо Пеовски, Блаже Стојановски, Илија Србиновски, Коце Трајановски,Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле и Драго Шајноски.

Го молам претставникот на Владата а се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот не се прифаќа .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен, ве молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам пртресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(Реакција на некои пратеници)

Се извинувам, јас гледам овде.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 61 пратеник, 2 гласале за, 2 воздржано и 59 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Повелете г-дине Караџоски процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-дине претседателе, согласно деловникот се додека има на екранот пријавени пратеници за дискусија, вие не смеете да го ставите на гласале било кој предлог.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сосема се согласувам, само немаше.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе имаше.

Претседателе, дозволете да завршам.

Вие кога почнавте да објавувате дека треба да се стави на гласање бевте опоменати дека има пријавени кандидати. Тој принцип што го воведувате со пет секунди, иако не поминале 5 секунди не е деловнички и според тоа очигледна Ви е намерата дека сакате да ни ги скратите правата да дискутираме. Ова е далеку, веќе незнам по кој ред нарушување на Деловникот. Тоа е едно.

Друго, колку што знам и колку што пишува во Деловникот, нема да ви го цитирам членот затоа што ќе го најдете, денеска е четврток, последен ден од месецот каде што според Деловникот требаше да има седница за пратенички прашања. Не чувме од Вас ништо која е причината  поради која што директно го нарушувате Деловникот, а цело време ја водите расправата само што побрзо да помине ова што ви е цел.

Ние како пратеници, ако веќе нема седница за пратенички прашања, затоа што граѓаните очекуваа дека ќе има треба да дадете врз основа на кој член и кои се причините поради кои вие не ја закажавте седницата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Караџоски, морам да Ви одговорам.

Јас не го ставив на гласање, амандманот пред да ја заклучам расправата. Јас реков кој бара збор, гледав во екранот, и никој не се пријави. Потоа, ја заклучив расправата по амандманот и тоа можете да го видите по стенографските белешки. Според тоа не е точно дека јас сум ставил на гласање амандман без да се пријави некој.

(Реакција на некои пратеници од место).

Се извинувам. Се извинувам.

Во врска со второто деловничко прашање точно е дека во Деловникот пишува дека последен четврток се одржува седница за деловнички прашања. Таму не пишува дека е задолжителна, Постои и член во Деловникот каде што се вели дека претседателот ги закажува седниците. Јас оценив дека денска треба да расправаме по овој закон и не ја закажав таа седница. Според тоа и таму не е деловнички ништо прекршено.

Сега да одиме по ред.

Г-дине Ѓорчев барате збор процедурално? (Не)

Повелете г-дине Караџоски процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-дине пртседателе, очигледно е, вака да се убедуваме не е во ред. Очиглендо на тоа што вие се повикувате на тој член каде што кажува дека претседателот е тој што ги закажува седниците, тоа е генерално, да се знае кој закажува седница, но тоа не можете да го поврзете со членот каде што се кажува кој ден во месецот треба да се одржи седница за пратенички прашања. Тоа не оди заедно. Обврската да закажувате седница е ваша обврска за секоја седница, меѓутоа, кога нешто се издвоило и се кажало кога тоа значи дека треба да има тогаш и тоа досега го правевме.

Јас имам друг предлог претседателе.

Во името на пратеничката група барам половина час пауза, а за тој половина час Комисијата за деловнички прашања мора да ни даде толкување. Очигледно дека слабо го толкувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Караџоски, имате 15 минути пауза.

(Пауза од 11,05 часот).

(По паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со расправа.

Господине Ѓорчев, имате процедурално, вие сте први пријавени.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Благодарам господине претседателе.

Јас ќе дискутирам по членот 81. Точно е така, вие како претседател на Собранието давате збор и одземате збор, давате збор по отворање на претресот и по затворање на претресот. Меѓутоа, навистина го ценам трудот што го направивте да се обезбеди материјал кој што ќе ги клаасифицира сите амандмани. Јас како пратеник не бев поднесувач на овој амандман, меѓутоа, сега за дискусија додека го најдов амандманот, можеби поминале една или две секунди, не знам дали биле 5, 6 или 7, но во моментот кога вие го затворавте претресот, тогаш се пријавив за дискусија. Ценам дека

многу пати сме биле со добра волја да надминеме ваков момент, и сме правеле, да речеме, за доброто на граѓаните на Република Македонија како парламентарна демократија сме дозволувале, би рекол, од одредени отстапки од она кога се работи за софтвер, кој што многу прецизно мери 5, 6, 7 или 8 секунди, но многу пати ние сме се согласувале да чекаме кворум повеќе од 10 минути. Примерно кажувам дека сме биле како пратеници, навистина принципиелни и доследни кон работата на овој Парламент. Оттука, барам како пратеник по членот 85 и сметам дека без разлика, еве со добра волја можеме да го надминеме овој проблем и ако некој пратеник се јави за дискусија и задоцнил 2 секунди, да му се дозволи да дискутира.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Ѓорчев, јас на никого не му го ускратив зборов, одев по процедура. Вие рековте дека го цените тоа што е направено од страна на претседателството и од страна на претседателот да ви ги даде амандманите по редослед. Затоа, се чудам со вашата изјава сега после 3 дена дека вие не сте успеале и не сте имале време да си ги подредите амандманите и да знаете кој амандман по кој редослед е. Бидејќи, вашето образложение со доцнењето на притискање на копчето е тоа дека амандманот не сте можеле да го најдете. Според тоа, јас мислам дека вашата забелешка, освен што апелирате за добра волја, но јас не можам да го вратам процесот назад деловнички.

Повелете господине Трајановски, имате процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Мојата процедурална забелешка е слична поради непринципиелноста во смисла на тоа што ние многу често поради немање на кворум, не 10 туку некогаш и половина час чекаме. А, сега со оглед на тоа што се работи за амандман кој што го поднесоа повеќе пратеници и со оглед на тоа што за ова за Маврови Анови и Ростуше има повеќе амандмани, ние додека го најдовме имаше само неколку секунди, секунда или

две беше додека стиснавме на копчето, муѓутоа, вие веќе ја затворивте расправата по овој амандман.

Сметам, а исто така и би ве замолил ако може да ја продолжиме расправата по тој амандман бидејќи навистина се работи за еден многу значаен амандман и се работи заради принципот на работење во Собранието. Значи, се имало толеранција за одредени други работи, би требало и за ова. Тоа е првото.

Второто е во однос на пратеничките прашања. Јас како координатор до вчера не бев запознат дека денеска нема да има пратенички прашања и луѓето ги очекуваат секогаш. Секој последен четврток во месецот имало пратенички прашања. Вие ни со писмо не не известивте дека денеска ќе се продолжи со седницата, дека нема да има пратенички прашања, туку ќе продолжиме по точката за територијалната организација. Сметам дека требаше да не информирате. Сега, колегите малку ми помагаат, додека се носеше буџетот што беше врзано со рокот, се прекина, за да се поставуваат пратенички прашања во тој последен четврток од месецот. А, сега исто така сметам дека требаше истото да се направи. Тоа е второто.

Третото, вчера претседателе до Вас доставивме писмо како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ, во кое што, ќе цитирам има два реда: “Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, заради партиски активности околу организирањето на прославата на 101-Годишнината од Илинденското востание, бараме термините за одржување на седницата на Собранието на Република Македонија во наредните два дена, т.е. денес и утре да трае до 17,00 часот онака како што е со Деловникот т.е. без продолжување поради нашите партиски активни околу организирање на 101-Годишнината од Илинденското востание”. Исто така, би ве замолиле да го уважите ова наше барање како пратеничка група и во овие два дена да работиме до 17,00 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски, на првата ваша процедурална забелешка која беше слична како и на господинот Ѓорчев, веќе е одговорено.

На втората во врска со пратенички прашања претседателот не известува дали ќе има или ќе нема седница, туку претседателот закажува седница. Бидејќи писмено не сте добиле дека седницата е закажана, а секогаш се закажува седницата неколку дена унапред, тоа значи дека пратенички прашања нема да има и не ја закажувам таа седница.

А по третото ваше барање јас немам ништо против да работиме и до 17,00 часот ако тоа се сложи мнозинството, ако нема предлог од мнозинството.

Благодарам.

Се извинувам, процедурално има Којзеклиска, на ред е Којзеклиска.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Претседателе неколку пати ви беше цитиран членот 81 од Деловникот на Собранието на Република Македонија во кој децидно се вели дека на седница на Собранието никој не може да говори пред да побара и да добие збор од претседателот на Собранието, пратеникот за збор се јавува лично по отворањето на претресот и може да се пријавува до завршувањето на претресот. Ние често пати овде бевме сведоци на ваше воведување надвор од Деловникот 5, 10, секунди не пријавување една минута, 12 секунти, и ако во Деловникот почитуван претседателе постојат одредби каде децидно се вели: говорот трае толку минути, реплика трае толку минути. Во самиот Деловник никаде не е наведено колку време е потребно пратеникот да се пријави. Често пати имавме можност да видиме дека Деловникот веќе стана Деловник на добра волја на претседателот на Собранието, а не Деловникот на Собранието на Република Македонија. Значи, вие прво не го почитувате Деловникот така како што е напишано. Тие 10 секунди се ваша творба и сметам дека досега многу пати имавме прилика, заради тие 10 секунди да имате понатаму одлагање и паузи и процедурално, така што се направи многу поголема штета, отколку да дозволите да се врати амандманот.

Прво, во овој конкретен случај барам претресот по амандманот да си продолжи, затоа што претседателе, вие со ваквото ваше однесување 10 или 8 секунди, апсолутно го нарушувате достоинството на овој Парламент.

Второ, да ве потсетам за овој амандман ние гласавме два пати. Значи, барам претресот на амандманот под број 29 да продолжи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Којзеклиска, тоа што го барате не е деловнички, бидејќи претресот е заклучен.

Второ, во врска со 10, 15 или 20 секунди, бидејќи како што рековте не е уредено деловнички, можевте да побарате јас да чекам 2, 3 или 5 часа за некој да се пријави. Според тоа, проценката е моја, а јас бев коректен. Јас реков дали некој има збор, после одбивање на амандманот. Чекав доволно, електрониката е брза, а тоа што некој го бара амандманот, а три дена го имате списокот на сите амандмани, мора да се ги подредите и да ги следите, тоа е друга работа.

Повелете господине Стојановски, имате процедурално.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседателе,

Сакам да биде јасно во однос на членот 37 од Деловникот дали тој се почитува во зависност од вашите желби или не, затоа што тој гласи: “за поставување на пратенички прашања се свикува посебна седница последниот четврток во месецот”. Вие имате должност како претседател на Собрнието да свикате седница последниот четврток во месецот. На седницата присуствуваат претседателот и членовите на Владата и други носители на јавни функции за кој е најавено дека ќе им се постави прашање. Значи, не можете вие да одлучувате во име на Собранието дали таква седница ќе се одлучи или не, затоа што во Деловникот имате обврска да закажете седница последниот четврток во месецот.

Затоа, независно од итноста, ако имаше итност, тогаш таа седница можеше да се одржи до 5 часот, па после 5 часот да продолжиме со другата седница. Меѓутоа, обврската од Деловникот Вие не ја исполнувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски,

Прецизирањето дека пратенички прашања последниот четврток во месецот, точно така стои, но таму не стои дека е задолжителна. Ве молам, јас тоа го објаснив и затоа секогаш однапред се свикува седница од страна на претседателот за пратенички прашања.

Повелете господине Дојчиновски, имате процедурално.

КИРИЛ ДОЈЧИНОВСКИ:

Јас сакам да укажам на следното. Синоќа навреме добивме телекс, со кој што не повикавте на оваа седница за денес во 10,00 часот. Седницата кога ја отворивте, сето ова што во текот на седницата се поставува, можеше да се постави тогаш, а не во средината на седницата. Многу непринципиелно е што се прави.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, но ова не е процедурално.

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање на нова точка 56-а по точката 56, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ѓорѓе Паљошковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, би сакал по овој амандман поднесен од пратениците Бонева и Паљошковски, бидејќи во предлогот за донесување на закон територијалното организирање на општина Струмица, особено со овој амандман, со кој почитуваните пратеници бараат да опстојува и понатаму општината Муртина беше организиран на тој начин што општината Муртино се спојуваше со општината Босилево. Врз основа на текот на јавната расправа, особено врз основа на иницијатива и консултации со претставниците на локалната власт од Струмица, со цел за подобро функционирање на целокупниот струмички регион, поготово за развој на локалниот економски развиј,

овозможување на перспективите за развој на сите тие општини кои продолжуваат да функционираат во Струмичкиот регион, тоа е Ново Село, тоа е делот на Босилово и Василево со предлогот на закон кој е пред пратениците, се нуди една поинаква организација во делот на територијалното оргнизирање на општината Муртино, со тоа што одредени села, тоа е селото Бањско, Муртино и Сачево се припојуваат кон општината Струмица и уште еднаш би сакал да нагласам дека тоа е врз основа на барање на локалните власти на Струмива и во консултации, како што ме убедуваа, со дел на населението на овие села. А, додека другиот дел од општината Муртино, како што е селото Моноспитово, се припојуваат кон Босилово. Во тој дел врз основа на таквата усогласена територијалната организација, амандманот од Бонева и од пратникот Паљошковски не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете г. Паљошковски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер.

Општина Муртино има свои посебни карактеристики, што значи дека спаѓа во категоријата на општини со специфичен карактер. Оваа општина се наоѓа на јужниот дел на Струмичката котлина, на 41 км. Живеат околу 7 илјади жители во само 4 населени места. Општинскиот центар Муртино, населеното место Моноспитово, населеното место Банско и населеното место Сачево, во населеното место Банско, освен македонско население живее и турско население, со 57,5% со македонско население, а 41,4% се Турци. Населението во општина Муртино претежно се занимава со земјоделство, односно со земјоделство се занимаваат околу 89% од вкупниот број на работоспособното население, со посебен акцент на раноградинарството. На другите индустриски, трговски и услужни дејности отпаѓа 11% од работоспособното население. Образованието на

општина Муртино се одвива во две осмогодишни училишта, во Муртино и во Моноспитово. Во училиштата до 4 одделение во Банско, со паралелки на турски јазик околу 100 деца. Вкупниот број на ученици во оваа учебна година се 830 ученици. Здравствените услуги се даваат во две здравствени станици, Муртино и Моноспитово, каде што покрај лекар од општа медицина, работи лекар стоматолог и аптека. Во Моноспитово работи лекар од општа медицина, каде што се згрижуваат пациенти од соседните населени места.

Бидејќи, постојат терминални води во Бања Бањско, чија што температура изнесува 72 степени, изградени се повеќе хотели и угостителски објекти. Во едниот од нив е Цар Самоил. Постои единица на физичка терапија, каде што се рехабилитираат лица, не само од Струмичкиот регион, туку и од целата република. Територијата на општина Муртино е релативно мала општина по површина. Но, факт е дека оваа општина располага со позитивни економски потенцијали. Имено, финансиските приходи на општината Муртино ги обезбедува, благодарение на своите извонредни природни специфики се на завидно ниво. Да ги разгледаме и тие економски потенцијали. Општина Муртино ја има таа бенефиција да обезбедува средства од таксата за уредување на градежно земјиште, од таксата за издавање на локации за изградба на објектите од времен карактер, од надоместок за изградба на нови објекти, од издавање на деловен простор, од такса за поврзување на мрежата со водоводот од вредноста на потрошената вода, вредноста на топлата вода, таксата за користење одводни канали, такса за користење на речните води за наводнување, такса за користење на паркинг простори, такса од посета на археолошки локалитети, туристичка такса, издавање на земјоделско земјиште под концесија, испитување на Моноспитичкиот дел, привлекување на спортски екипи и спортисти од земјава и од странство и развивање на рекреативниот туризам.

Со оранжериско производство на раноградинарските производи пропагирање на здрава храна како на регионално и републичко ниво така и за извоз во странство.

Од горе наведеното може со сигурност да се утврди дека економската перспектива на општина Муртино е солидна и постои одлична економска основа да се развива самостојно. Тоа може да се потврди и со анализата на постојната инфраструктура во

стопански, здравствен, комунален, образовен, сообраќаен, комуникациски, културен и туристички карактер.

На територијата на општина Муртино постоја повеќе стопански претпријатија. Фабрика за производство на полиетиленски конец во село Муртино, оранжерии во село Банско, ПТТ, производство и доработка на алуминумски и други машински елементи во село Моноспитово. Во овие претпријатија има вработено околу 800 лица. Земјоделски семејства кои што се занимаваат со рано и касно земјоделско производство, општина Муртино располага и со изворедни туристички капацитети или во Банско постојат четири нотели со преку 120 вработени. Тие хотели се: “Цар Самоил”, “Дукат Банско”, хотел “Спиро Заков” , хотел “Термица” .

Општината Муртино располага со нова административна зграда, со јавното претпријатеие за хигиена за комунални дејности кое егзистира пет години. Исто така е формирано и јавно претпријатие за стопанисување со топла вода  “Акватерм”. Општина Муртино го реновира културниот дом и зградата за јавното претпријатие “Хигиена” .

Има изградено водовод со изградена мрежа со 45 км. Така што населените места и жителите се снабдуваат со хемиско, бактериолошка испитана вода и здрава. Образовнат аинфраструктура е претставено со две  основни училишта со 830 ученици од Муртино и Моноспитово. Исто така има и 110 деца кои се згрижени со дневен престој . Има и готови проекти со кој располага општина Муртино и тие се следните. Главен проект за фекална атмосферска канализација за село Муртино. Главен проект за патот 5608 и 5605, главен проект за водоснабдување во населеното место Моноспитово, главен проект за водоснабдување на населеното место Банско, главен проект канал за атмосферски води во населеното место Моноспитово, интегриран геотермален проект Банско, проект за спортска сала во населеното место Муртино, проект за рибник - мрестилиште.

Од она што досега е презентирано како факт за општината Муртино може да се заклучи само едон дека општината Муртино ги има потребните потенцијали самата како општина да се развива во духот на регионалната политика како главен носител и стопанска стратегија на Република Македонија.

Територијалната поставеност на општината поврзана со Струмица, поврзаноста со Република Бугарија, поврзаноста со комуникација на сите населени места, со асвалтираните патишта, учеството во регионалниот развој и постоењето на силна инфраструктурна мрежа создава реално можност за неопходниот опстанок на општината во сите услови.

Општината Муртино започна да го гради својот локален развој во позитивна насока, започнат е сериозен процес на напредок на општината која може да послужи како пример како функционира општина базирана врз потребните стандарди за децентрализацијата на локалната самоупра.

Благодарам.

(плроцедурално бара  г-динот Жерновски)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во што е процедурата прекршена. Повелете да чујам.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван претседателе,

Јас го почитувам мојот колега кој за разлика од други колеги образложението го дал во двеипол густо отчукани страници. Навистина тоа е за почитување.Јас би ве замолил да ги прекинете оние кои што од А до Ш ги читаат амандманите, бидејќи нема потреба, тие се дадени во образложението. Ако се сеќавате поранешниот претседател..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Жерновски, тука ќе ве прекинам, не сте во право.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Како не сум во право.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не сте во право, секој пратеник има право да си го образложи амандманот и да не убеди.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Нови податоци треба да добиеме. Не овие, постоечките.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам г-дине Жерновски, ако вие не можете да го слушате можете да излезете . Јас можам да слушам. Ништо не е надвор од процедурата. Ве молам, може уште 100 страници да се прочитаат, ако е за Муртино, јас тоа го прифаќам.

Г-динот Зоран Заев има реплика од три минути.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Благодарам г-дине претседателе,

Јас би сакал пред и другиот предлагач да го образлага амандманот да предложам да биде повлечен истиот поради тоа што има навистина ехнички грешки кои што не се својствени . На пример се предлага село Бористово да биде да биде кон општина Муртино.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Заев, ние до таму не сме стигнале, ако имате реплика дајте реплика на ова што зборувано и дискутирано.

Повелете г-ѓо Бонева имате збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам претседателе.

Тргнувајќи од јасно изразената волја на грѓаните  на општина Муртино јасно искажана преку референдумот јас колегата Паљошкоски го доставивме овој амандман со кој што бараме од нашите колеги да гласаат за опстојувањето на општина Муртино. Зошто граѓаните на општина Муртино бараат да им опстои општината.

Најпрвин општина Муртино има 7000 жители, тоа значи дека го исполнуваат демографскиот критериум кој што е еден од условите дали некоја општина треба да постои или не. Понатаму критеримот дали тие имаат економска одржливост на општината. Врз основа на пресметките кои што ги доставија раководството на општината и нивниот градоначалник се гледа , а тие го тврдат дека е така, дека имаат доволно средства за опстојување на општината во иднина. Тие тргнуваат од она што е предложено во Законот за финансирање на локалната самоуправа од средствата кои што треба да ги добијат иако не знаат повторно за тоа во колкав обем ќе бидат блок

дотациите,меѓутоа, бидејќи јасно е назначено во Законот дека финасирањето со блок дотации треба да го прокрие постојниот обем на средства кои што треба да ги добијат општините и кои што и досега ги добивале за задоволување на потребите од областа на образованието, културата, здравството, во однос на платите што ги примаат вработените. Значи нивните пресметки кажуваат декимаат тие три ипол пати поголем буџет од постојниот. Значи без блок дотации приходите сметаат дека ќе изнесуваат 12 милиони и 697 илјади денари.

Бидејќи немаме од страна на Министерството за транспорт и врски, исто така и од Министерството за локална самоуправа немаме пресметка колку изнесуваат вкупните приходи на оваа општина и дали тие не го исполнуваат овој критериум, јас нивните податоци ги земам како релевантни и затоа сметам дека го исполнуваат и овој втор критериум односно економската одржливост на општината.

За тоа дали имаат развиена инфраструктура како стопанска, патна, здравствена, комунална , образовна , сообраќајна, комуникациска, културна , да нагласам дури и туристичка, јасно е дури откажувањето на мојот колега дека и овој услов за развиена инфраструктура го исполнуваат, посебно заради тоа што општината освен тоа што е раноградинарски центар, еден од најголемите, таа во исто време претставува и туристички центар кој што во наредните години уште позасилено ќе се развива бидејќи има геотермален извор и повеќе хотели кои што опстојуваат на теријата на општина Муртино.

Бидејќи ги задоволуваат и објектите од општествениот стандард кои што им се потребни, имаат изградено водовод во должина од 45 км. здрава вода за пиење конечно после 50 години и токму заради тоа сметам дека навистина нема основ да не постои општина Муртино бидејќи сите критериуми кои што ги има дадено Министерството, а кои што ни се презентирани пред нас како пратеници во рамките на Законот за територијална организација, општина Муртино ги исполнува и токму заради тоа барањето на граѓаните од општина Муртина јасно е искажано преку референдумот и тоа е дека нивната општина треба да опстои и затоа сметам дека пратениците, апелирам до нив да гласаат за опстојување на оваа општина. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-дин Зоран Заев, реплика.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Почитувана г-ѓо потпретседателке,

Би сакал само да укажам односно пред тоа да напомнам дека се согласувам со образложението што го дадоа колегите, но сепак има една нелогичност во овој амандман поради тоа што мислам дека безусловно првиот и вториот амандман за општина Муртино се со заедничко образложение и мораат да бидат прифатени како заедон, затоа што ако биде прифатен евентуално првиот амандман тогаш не би било логично да опстои како таков, во самиот закон без образложението кое што го има во вториот амандман, кое што не е во ред, односно треба да се повлече.

Ако биде прифатен како амандман, амандман 1 тогаш во законот би се променило да биде додадена општина Муртино, но не би било наведено кои населени места, односно не би била издржана самата промена на законот по амандманот.И, мислам дека е нелогично двата амандмана треба да бидат заедно разгледани, а со самото тоа што вториот амандман е неиздржан, треба да биде повлечен автоматски и првиот амандман. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Меѓутоа, се оди по некој редослед каков што постои во сценариото на амандмани, сега за овој амандман се зборува, кога ќе дојде другиот, тогаш би се зборувало за тоа зависно од тоа дали би бил овој прифатен.

Процедуралон г-динот Камчев. Повелете.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Г-ѓо потретседател,

Јас сакам процедурално да укажам, бидејќи веќе направивме за оваа расправа, за овој закон, таков гест амандманите 1 и 2 да ги разгледуваме и дискусиите да се водат заедно, а да гласаме посебно како што направивме веќе еднаш. Да ги групираме бидејќи првиот амандман и вториот амандман се однесуваат за иста работа. Образложението и

за двата амандмани е исто. И, заради тоа јас мислам дека таа процедура ако така ја запазиме ќе има ефект од работите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Само ако може да објаснам.

Бидејќи расправата по овој амандман веќе е започната, сега неможе дополнително да се менува начинот меѓутоа може да се договориме за некои идни амандмани кои што се поврзани, јас се согласувам дека би требало заеднички да се разгледуваат затоа што и кога се поднесуваат амандмани за одредено прашање тие се поднесуваат во пакет од два, три или четири некаде, на едно место се бирше на друго место се додава и тоа што го велите за мене е сосема логично. Бидејќи во моментов така се распоредени и така е отворена расправа тогаш едно по едно ги разгледуваме, што значи ако се прифати овој амандман тогаш има основа и следен амандман кој што би бил поврзан со овој да може да се прифати. Значи, тогаш би се заокружил целиот пакет.

Јас го прифаќам вашиот предлог, во иднина мислам дека би било добро, но во моментот веќе сме започнале и ќе мораме така да завршиме.

Г-ѓа Лалчевска повелете.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г-ѓа потпретседател,

Ова што вие сега велите дека е прифатливо да дискутираме во една расправа за амандманите, а според сценариото тие се сосема поинаку распределни, ние навистина ќе предизвикаме хаотична расправа и затоа јас мислам дека е најдобро расправата да тече како што е во сценариото на седницата. Во спротивно, ако водиме заедничка расправа, ние имаме многу такви групи на амандмани и ако почнеме да водиме заедничка расправа, да речеме тие се под број 23, 45 и 105, тогаш ние ќе го нарушиме комплетно сценариото на седницата и не ќе можеме навистина да работиме.

Јас предлагам навистина да оди како што е сценариото на седницата, а колегите пратеници можат слободно да ги следат амандманите и ако некој амандман се прифати за создавање на општина, а подоцна оди амандман за бришење на одредени општини тие можат тоа да го следат и да гласаат соодветно како што е побарано. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Со оглед на сценариото тоа е така, така е направено сценариото.

Да продолжиме, г-ѓа Бонева повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана г-ѓо потпретседателке,

Мене навистина ме радува тоа што моие колеги конечно се разбудија и она што беше барање уште на почетокот на расправата, значи не чуле воопшто што се расправа овде во Парламентот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да не одиме со такви префрлања, ве молам.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Истото тоа, г-ѓо потпретседател, истото ова што го кажуваат моите колеги го баравме и јас повторно го поставив кога општина Тетово се расправаше со комплет од седум амандмани. Беа извадени опкштина Џепчиште, Мала Речица, Голема Речица, Тетово посебно, сите се расфрлани на различни страни. Моја сугестија беше амандманите кои што се однесуваат за територијална организација на еден регион или на една општина да ги разгледуваме заедно бидејќи ни се заеднички образложенијата на сите амандмани, не само на овој амандман. Значи до се га воопшто не се следела расправата, сите амандмани кои што ги има дадено пратнеичката група на ВМРО-ДПМНЕ, имаат едно образложение за пет, шест , седум или десет амандмани кои прават територијална организација на една област.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-ѓа Бонева,

Ако може само да дообјаснам, ова што сега сите го расправате требало да се договори на почетокот кога имаше координација со претседателот на Парламентот. Јас може само да жалам зошто тоа не е направено, зошто очигледно постојат такви размисли во различни групи, меѓутоа да бидеме прагматични и да го почитуваме она што значи сценарио, што значи Деловник, штом сме започнале вака, вака ќе треба веројатно и да продолжиме, освен ако експлицитно не се изјасните поинаку по одредено прашање.

Г-ѓа Лилјана Иванова процедурално. Повелете.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВА:

Благодарам потпретседателке,

Моето процедурално јавување се однесува на зачувување на нивото на работата на Собранието на Република Македонија . Дали некој спие или се разбудил,г-ѓата Бонева сама нека заклучи затоа што од мојата десна страна половина од пратеничката група сеуште не е дојдена на работа, а ова е наше работно место, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ сеуште спие, така да нејзините заклучоци кој спие, кој се разбудил, ќе дојдат во 16 часот во најгледаните термини. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам колешке, иако јас ја опоменав колешката Бонева во однос на тоа како се изрази. Јас ве молам да продолжиме.

За дискусија се јави г-динот Спиро Мавровски.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дека имавме образложение на амандманот број 30 од предлагачите Силвана Бонева и Ѓорѓе Паљошковски, а се однесува на општина Муртино. Очекував после овие образлагања многу детални и ова што го слушнавме, оправдувачки за постоењето на општината Муртино, дека ќе го слушнеме гласот на министерот кој вчера за општината Куклиш ни кажа зошто не може општина Куклиш да опстои. Сега мислам сите показатели кажуваат дека оваа општина треба да постои, но јас не го слушнав министерот да се искаже, а кажа претходно дека не е за постоење на општината Муртино, но после овие образлагања на моите колеги мислам дека требаше дополнително да се произнесе.

Гледајки ги сите овие факти кои беа дадени и читајки го образложението кое ни беше дадено, а воедно и излагањето на моите колеги, видов дека многу општини кои ќе постојат, ако направиме некоја споредба што имаат колку имаат и дали воопшто нешто од ова имаат, мислам дека ќе дојдеме во онаа ситуација, апсолутно постоењето на општината Муртино е оправдано, плус нивниот референдум и она што и ЗЕЛС го бараше

од вас г-дине министре, тоа е почитувањето на членот  5 од Европската повелба за локалната самоуправа, а ние цело време говориме за ЕУ и ако не ги почитуваме повелбите што таа ги донесува ќе дојдеме во една непријатна ситуација , токму поради тоа утре да имаме некои пробелми. Јас и понатаму останувам на тоа финансиските аспекти за постоењето на било која општина, министерот мислам дека беше должен да ги достави до пратениците,  да можеме да имаме една по содржајна расправа, да можеме и самите да направиме анализа што значи моменталното постоење на општината и што ќе значи во рамките на останата општина, дали тие луѓе ќе добијат нешто од финансиски аспект, дали тоа ќе значи дека ингеренциите се префрлаат од општина Муртино во општината Струмица и апсолутно  за тоа ќе треба да се произнесат. Но јас тука не гледам таков показател.

Од тоа што моите колеги го изнесоа, јас ќе гласам за предлогот.

И во однос на оваа расправа што се разви после овој амандман, дали треба да се разгледуваат еден или два амандмани, јас ќе кажам , ако некој ги разгледал до крај амандманите, ве убедувам дека има амандмани дека воопшто не се напишани во овие два дела, така штопонатаму многу тешко ќе се снаоѓаме. Точно е дека првиот и вториот дел се поставени  на многу различни ситуации, но има и амандмани кои воопшто не се внесени во овие два списоци коини беа доставени. Мислам дека и на тоа ќе треба да се вниамва. Јас ќе ги доставам , ако треба до вас амандманите, да видите кои ги нема во овие два списоци.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор минситерот за локална самоуправа г-дин Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Мавровски, јас на самиот почеток објаснив зошто е направена измена на територијалното организирање во делот на подрачјето на општина Струмица, со новите општини Ново Село, Босилово и Василево. Мислам дека голем дел од излагањето на пратениците во претходните договарања со претставниците на локалните власти во Струмица, а тие тргнвуајки пред се од функционирањето на Струмичката котлина или согласно сообраќајните и просторните услови и територијалното организирање на

општините, ние одиме на функционирање на една функционална целина преку која ќе се постигне функционирање најоптимално на целиот простор, особено за економскиот развој. Во тој дел , во тие размислувања директно на претставниците на локалните власти во Струмичкиот дел, од нивна страна произлегоа одредени размислвуања за целосно организирање, за што мислам се запознаени пратеницит еи не би сакал јас сега да навлегуваме во тоа. Значи на сите општини во Струмица треба да им овозможиме целосно и најоптимално функционирање. Од тие причини вака е организиран делот на постоечката сега општина Муртино во дел спрема Струмица и дел спрема Босилево.

Не би сакал подетално да навлегувам во тие работи бидјеки на пратениците од тој регион им е многу јасно што значи туристичкиот комплекс Банско, во овој период, што значеше претходно за РМ и за привлеквување на странски туристи. Јас можам да кажам дека и лично сум престојувал во еден период таму и лично сум ги користел тие благодети, но знаете требаше пред година дена или 6 месеци да се направи резервација, бидјеки селото Банско и хотелот Цар Самуил беше исполнет со грчки туристи. Зато тргнувајки од организирање на другите објекти, во делот на функционирање на тој туристички комплекс, особено во делот на можностите за Струмица што ги нудат соседните погранични општини, во согласност, по иницијатива , по барање, пред се на локалните власти. Јас кажав, во консултација со граѓаните, иако граѓаните тргнувајки од своето исконско право да опстанат онака како што се организирани во општина Муртино, излегле на референдум. Овие факти јас ги пренесувам и ги искажав, вие можеби ги слушнавте, но добро им се познати и на дел од пратениците во тој реон. Затоа ваквото организирање сметаме дека нуди подобро функционирање на тој дел и побогат и подобар живот за сите граѓани, а не цврсто фаќајки се за одредена општина во која се затвораме самите себе. Најважната функција на одредени природни региони, иако организирањето е на ниво на еднostепена локална самоуправа, односно општина, да дадеме можност сите тие општини да претставуваат целина и во делот на меѓуопштинската соработка , особено на локалниот економски развој.

Често овде се зборуваше до 1965 година беа одредени, само би сакал да укажам дека до 1965 година во Република Македонија имаше двостепена локална самоуправа.

Овој дел на организирање, сигурно во идните наши размислвуања ќе има одреден дел на профункционирање на микро подрачја кои не овозможуваат развој на макро подрачјето. Сметам дека ваквото предлагање е во интерес на сите граѓани на Струмица и на Ново Село и на Босилево и на Василево па на дел на Муртино.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине министре.

За реплика се јавува г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас и понатаму мислам дека Струмица не може да одлучува за Муртино. Граѓаните на Муртино се тие кои ја искажаа својата волја. Кажавме дека треба да влегуваме во ЕУ и да ја почитуваме Европската повелба за локална самоуправа, членот 5. Желбата на граѓаните е токму таа. Дали вие сте разговарале со градоначалникот и луѓе околу него, или луѓе кои се заинтересирани, или пак тоа што значи богатство кое сега се наоѓа во општина Муртино, па треба да се префрли во општина Струмица, верувајте ми дека и општина Муртино може да ги приватизира овие објекти и да работат многу поуспешно,како што кажувате, години наназат. Значи не се работи за тоа  дали , со тоа што ќе се префрлат сега во општина Струмица па Муртино ќе добие не знам какви права и граѓаните ќе ги реализираат своите права многу поефикасно отколку што ги остварувале до сега, и начинот како се организирани на полето на здравствено осигурување, оснвоно образование и сите ингиренции што ги имаат општините, едноставно од тоа што го слушнав и тоа што го прочитав, мислам дека може да опстои. Тоа е мое размислување и понатаму.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам г-дине Мавровски.

За дискусија се пријави г-динот Љубисав Иванов Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Госпоѓо претседателке,  благодарам што ми дадовте збор,

Јас со големо внимание ги слушам овиер асправи за територијалната организација на Македонија и највнимателно сакав да дојдам до заклучок кои се, навистина

правичните критериуми за опстанок на една општина која веќе постои, а кои се тие , таа општина да биде укината и приклучена кон една или друга општина. За жал, јас не дојдов до такви сознанија.

Кога беше законот во првата фаза на расправа, јас предложив Министерството за локална самоуправа да формира едни стручни тимови, да ги проучат помалите општините од економска гледна точка за нивната оправданост од постоење. Значи дали тие општини имаат економски потенцијали, кои , ако не во овој момент, во идно време ќе можат да се активираат и тие општини самостојно да се развиваат.

Една од најважните работи во формирањето на овие општини е вољата на граѓаните. Таму каде што општините се едно национални и има референдуми...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Иванов, се извинувам, ако можете да се насочите на амандманот.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Токму на тоа се насочувам, ама некој не ме разбира. За да ме разберат дека сум насочен на тоа треба подлабоко да навлезе во тоа што сакам да го кажам.Тоа сакам да го кажам за општината Муртино.

Ако веќе треба вољата на граѓаните да се почитува, посебно во општините кои повеќе се днонационални и доминантно едно население, вослучајот македонското, тоа што може да се зборува дека вољата е изразена само кај еден етникум, а не е кај другиот. Овде е многу јасно дека самите граѓани , не еден дел од тие граѓани по етничка основа, туку граѓаните во таа општина навистина изразиле желба да живеат воопштината. Од досегашните објаснувања и кажувања, а тоа не го порекнува ни минситерот Гештаквоски, стои дека таа општина има своја економска моќ и дека во иднина може , благодарејќи на приходите кои ќе се создаваат во таа општина, таа општина може да ги финансира и потребите на граѓаните. Според тоа, не гледам ни една причина, барем до сега искажана, се беше тоа паушално искажано, не гледам ни една причина ние тука во Парламентот д аодлучуваме за судбината на граѓаните во една општина, на 120 , одлучуваме за судбината на 3 илјад, 4 илјади, 5 илајди, 6 илјади луѓе или повеќе или помалку и не е фер спрема тој народ таму. Јас не ги знам деталните

граници на таа општина. Јас сум бил во тој регион. Меѓутоа мислам дека таму каде има определена воља на тие луѓе , ние таа вољъ да ја почитуваме. Тоа е оснвоното мерило и уште ако ги има и тие други елементи, потребни за функционирање на една општина, треба кај нас да преовлада логиката, да се приклониме кон тие желби на граѓаните во Македонија, во тие општини.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги молам пратениците да влезат во салата, а службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Имаме кворум и можеме да преминеме на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеници, 7 гласале за амандманот, 55 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 56-а по точката 56, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ѓорѓе Паљошковски.

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 58-а по точката 58 поднесен од пратениците Ванчо Стаменков и Михајло Ѓеорѓиевски и амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 58-б по точката 58 поднесен од пратениците Ванчо Стаменков и Михајло Ѓеорѓиевски, кои се точки 31 и 32 од списокот на амандманите по редоследот, по кои се води претрес, се со иста содржина.

Предлагам по овие амандмани да водиме единствен претрес, а гласањето да го извршиме за секој од нив оделно.

Предлгото го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 51 пратеник, 48 гласале за и 3 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворма претрес по амандманите на член 10 под б) за додавање нова точка 58-а по точката 58 и на член 10 под б) за додавање нова точка 58-б по точката 58, поднесени од пратениците Ванчо Стаменков и Михајло Ѓорѓиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете г-дине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван потпретседателе, амандманот од Ванчо Стаменков, со кој се предлага општината Оризари да остане во постоечките граници и да продолжи врз основа на сегашната територијална организација или расправата по другиот амандман врз основа на одредено проширување , по Предлогот за донесвуање на закон со г-динот Стаменков што бил градоначалник на одредена општина, разменивме мислења. Јас не би ги повторувал тие ставови во однос на општината Оризари, поврзаноста сооопштината Кочани, нивната близина, нивното урбанистичко поврзување и функционирање дури и со катастарските општини. Зато тие причини кои беа изнесении по Предлогот за донесување на закон, амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор пратеникот Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ

Почитувана потпретседателке, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Јас го поднесов амандманот за опстој на Општина Оризари во постоечките граници, пред се од причина што сметам дека Владата ќе направи огромна грешка со укинување на оваа општина. Единствен мотив беше да го поднесам амандманот, да ја спречиме огромната штета што ќе се направи со укинувањето на оваа општина.

На расправата по Предлог-законот, и во контактите со министерот, разговаравме точно за аргументите кои се на страната на Општина Оризари да остане како самостојна општина, а кои се на страната на Владата зошто ја укинува општината.

Сметам дека единствен аргумент кој го имаше општината е близината со Градот Кочани. Тоа е и заклучок. Мислам дека од сите тие разговори дека населеното место

Оризари е многу близу до Кочани и затоа треба да се укине општината. За овој аргумент сакам да го кажам следното. Што е близу, а што е далеку, тоа е поим за близина и далечина, кој што треба да се протолкува за да имаме сознание. Близината и далечината се дефинираат од брзината на движење со што ќе се движиме. Ако се движиме со некое космичко летало и космосот е близу. Значи времето на патувањето се скратува. Дали ќе се движиме со некој наш воз или со некој воз во Франција, исто постои разлика иако и тој е воз и другиот е воз. Или дали ќе се движиме со фичо, или со некој мерцедес, исто постои разлика. Дали ќе одиме пешки, или со велосипед исто постои разлика.

Јас ќе ви кажам ако одиме пешки од Општина Оризари, поточно од Собранието на Општина Оризари до Собранието на Општина Кочани ќе ни треба час, час и половина. Ако одиме со некој автомобил ќе ни требаат 15 до 20 минути, со велосипед некаде на средината меѓу двете, така да тоа е релативна работа кој како ги сфаќа далечините и големините.

Инаку, во Македонија, според моите сфаќања за далечината се е блиску, само што ние сме заостанати во развојот, па уште користиме превозни средства кои што се 50 до 100 години назад во однос на нормалниот свет, развиениот свет. Инаку, целата територија на Република Македонија е во пречник од 300 км., така да со нормално превозно средство се поминува за неколку часа. Така да, ние можеме слободно според наодите на Владата да бидеме една општина со еден градоначалник, бидејќи се ни е близу. Значи можеме да преминеме во држава општина каде што на едно место ќе одат сите граѓани. Така би излегла работата.

Сакам да зборувам за некои други мотиви, кои што не сака министерот да ги каже за укинување на општината, кои што се многу поважни од близината на Оризари до Кочани. Тоа е мое мислење, не значи дека е точно, но јас сметам дека е така.

Јас мислам дека основни мотиви за укинување на Општина Оризари, доаѓаат од луѓето, некои луѓе кои што живеат во Оризари и кои што беа на функција до 1996 година. Тие се припадници на СДСМ, нивни членови и беа на функција претседател на месна заедница, на членови на Советот на месната заедница и во 1996 година со изборот за

градоначалник, каде што јас бев кандидат, тие ги изгубија тие функции. Ги изгубија, затоа што лошо работеа во месната заедница.

Морам да ви кажам дека она што јас го затекнав 1996 година во просториите на сегашната Општина Оризари е нешто кое што нема да звучи добро во овој законодавен дом. Имаше силен грабеж од страна на тие луѓе, дури вратите и прозорците на сегашните општински простории ги имаа однесено дома. Дури и фасонките од таваните на просториите ги имаа однесено. Тие луѓе сакајќи повторно како претседател на месната заедница по укинувањето на општината да се вратат на тие функции, имаа силен мотив да направат повторен грабеж, бидејќи знаете како се избира претседател на месна заедница. Претседател на месна заедница се избира со собир на луѓе.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега јас се извинувам, дали ова е директно поврзано со амандманот?

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Да, директно е поврзано. Ако ме следите госпоѓо потпретседателке ќе видите дека е поврзано. Значи на собир на граѓани се избира тој претседател на месна заедница и се собираат обично 50 до 100 луѓе, иако населеното место Оризари брои скоро 4.000 жители. По својата големина е да речеме поголемо од едно Пехчево, кој што е град. Тоа е факт дека е така. Има околу 3.900 жители. Значи 50 луѓе ќе изберат претседател на месна заедница, а тоа ќе биде под покровителство на општината во чиј состав е месната заедница. Значи овие луѓе единствено да се вратат на тие функции што ги изгубија го наоѓаат во укинувањето на Општина Оризари. Дали Владата ќе дозволи она што сега е стекнато како имот во тие осум години, а тој имот не е мал, многу голем е, да речеме едни современи простории на кои што може да ни позавиди Градот Кочани. Современо опремени простории со компјутери, телефонска централа, канцеларии кои што и да се во Скопје ќе значат нешто. Зграда која што е комплетно реновирана со сите сали кои се потребни за егзистенција на една современа општина. Инвестицијата која што е вложена во оваа изградба за да може општината да ги обавува своите функции се движи над 100 илјади евра, можеби и повеќе. Сега треба да се вратиме назад пред 1996 година и сето ова кое што е вградено со пари, државни пари од даночните обврзници, да го дадеме на

располагање на луѓето кои што имаат единствен мотив да го вратат времето назад и повторно да го направат истиот грабеж кој што го направија. Тоа е едната група на луѓе.

Втората група на луѓе се луѓето...

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Стаменков, јас ве молам ако може сепак да се насочите аргументирајќи зошто треба Општина Оризари да опстои.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Јас зборувам за аргументите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Мислам дека отидовте во детали за еден настан кој што ве оддалечува од главната дискусија.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Јас зборувам за мотивите за укинување на Општина Оризари. Вие изгледа не ме следите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА

Ве следам. Јас ве молам да го интегрирате сето тоа во една дискусија.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Значи втората група на луѓе која што сака да направи укинување на Општина Оризари се одредени луѓе од Градот Кочани, кои што исто така, имаат свој интерес. Помеѓу Оризари и Кочани постои една традиционална нетрпеливост. Од секогаш постоела таа нетрпеливост, луѓето од Оризари не се добредојдени во Кочани и обратно. Тоа е факт дека е така. Ако вие како министер господине Гештаковски сте биле на теренот и сте разговарале со луѓето, а ве поканивме неколку пати, можеби едно 10-15 пати да дојдете има и писмени дописи, ќе видевте дека се работи за сосема различни луѓе и се работи за луѓе кои што со генерации наназад си имале свои нерешени проблеми. Вие тоа не го знаете, но јас таму израснав, таму живеев, уште имам таму престојувалиште, така да многу добро сум го почувствувал тоа и на своја кожа а и добро сум го почувствувал што се случува меѓу тие две населени места. Така да, развојот на Оризари му смета на Кочани. Верувајте, не на цело Кочани туку на одредени луѓе кои се

задоени со некои такви погрешни сфаќања. Има луѓе кои што едноставно уште се задоени со малограѓанштина и размислуваат погрешно. Тие луѓе интервенираат кај Владата, Оризари да се укине. Тоа се двете групи на луѓе, не сакам веќе во таа насока да зборувам, но морам да го кажам тоа дека единствени мотиви е притисокот кој што се прави на локално ниво од овие две групи на луѓе преку партиската организација на СДСМ да се укине општината. Инаку сите други аргументи се во насока на тоа Општина Оризари е моќна општина. Моќна општина со моќен развој и одлична перспектива за наредните години.

Еве јас ќе се осврнам сега на овие аргументи кои говорат во таа насока дека тоа е така. Големината на центарот јас ја спомнав. Според овој закон, кој што е на дневен ред во Собранието за територијална организација член 6 утврдено е дека населено место со над 3.000 жители треба да биде град, ако има одредени  други услови кои што ги исполнува, како што се  повеќе од 50% од  вработените да се надвор од примарните дејности. Оризари тоа го има господине Гештаковски. Јас ќе ви кажам дека во населеното место Оризари има над 2.000 работоспособни луѓе. Скоро 1.000 припаднички на понежниот пол, жени, работат во конфекциите. Само тие, да ги ставиме на страна мажите. Процентот на невработеност  во Оризари е многу понизок од Градот Кочани. Имаме испод 40% невработеност. Во Градот Кочани ќе ви кажам дека има работоспособни 15.000 луѓе, од тие се вработени  5.000, од 5.000, 1.000 се вработени во државната администрација. Само 4.000 се вработени на други места. Тоа е така. Зошто е тоа така не е јасно и што се случува со овој феномен во Градот Кочани кде има толку мала вработеност да ја мине границата од 66%. Тоа се официјални бројки од Бирото за вработување.

Значи големината на центарот кажавме дека  го исполнуваме критериумот. Инфраструктурата која што треба да ја има и да претставува географска целина за околните населени места, кои што припаѓаат на тој центар, географски, односно тие населени места да влегуваат во центарот. Со населеното место Оризари тоа е така. Зошто? Општина Оризари, сегашната е по течението на Оризарската река. Оризарска река од почетокот па надолу се дели на два дела, има две реки, кои се спојуваат во една.

На едната страна се населените места Главовица, Безиково и Пресека, а на другата страна се  Небојани, Костин Дол, Речани и Вранинци и на крајот завршува со село Прибачево на сливот во река Брегалница. Тоа е една географска целина која што никој не може да ја дели. Тие луѓе секогаш од пралинските предели припаѓале во Оризари, не приаѓале во Кочани, куќи граделе во Оризари тие што се иселиле од нив и живеат во Оризари и да завршам со Прибачево, децата од секогаш уште пред 1945 година учеле во Оризари, не учеле во Кочани. Тие и до ден денеска учат во Оризари во основното училиште. Тие немаат ништо заедничко со Кочани. Тоа се генерации и генерации кои што работеле и се школувале во Оризари. Имаме традиција и историја. Аргументите дали Оризари има традиција, јас ќе ви кажам дека постои црква од 14 век Свети Атанасие, една од поголемите и поубавите цркви во Источна Македонија. Ако во 14 век ова населено место успеало да изгради таква црква, тоа покажува дека тие луѓе имаат традиција и имаат корени. Тоа покажува дека  тоа не е новосоздадено населено место, или вештачки, како што ги направивме градовите од 1945 година наваму, на сметка на другите населени места, ги иселивме сите да станеме пролетери и да ја оставиме земјата во селата. Тие луѓе во Оризари останале да си живеат, не се иселиле и до денеска опстоиле. Имаме издадено книга, монографиа за Оризари, каде што можат да се видат сите детали околу историјата на Оризари, таа сигурно ја имате во Министерството за локална самоуправа, бидејќи секој документ што ќе излезе од општината прво се праќа во Министерството за локална самоуправа. Ја имате монографијата за ископините во Оризари од римско време, така да ќе видите дека  аргументот за традиција и историја не можете да го занемарите и да го  спојувате со Градот Кочани, бидејќи сме целина. Оризари со Кочани нема ништо заедничко. Ниту луѓето на Оризари, нтиу луѓето на Кочани сакаат да биде Оризари со Кочани.

Демографска целина:

Во Оризари, морам да ви кажам, живее 100% македонско население. Во Оризари, за разлика од другите населени места, има некое силно изразено национално чувство. Тоа покажува дека народот во оваа општина си ја сака државата, си ја сака Македонија и живее за државата. Тоа го покажа и во овој момент кога сака некој да му ја земе

општината, единствена општина каде немаше ниту еден протест е Оризари, ниту еден протест, ниту инцидент околу укинувањето на општината не се случи. Луѓето на Оризари не можат да тргнат против државата, затоа што ја сакаат. Не дека се меки или слаби. Дури и раководството на општината не сакаше да ги организира во такво нешто бидејќи знае со блокирање на патишта, само се прави штета на државата, и ред други работи кои ќе се направат. А, ако Владата отиде понатаму со овој закон, ја укине општината, јас незнам кои се мерки ќе ги преземат граѓаните на општина Оризари. Бидејќи бев на еден собир, присуствував, видов што се случуваше таму и имаше разни предлози кои се влезени во записник, не само од една политичка партија, од сите политички партии, од сите граѓани на Оризари. Таму беа присутни, ми се чини луѓето на СДСМ, беа присутни и членовите на ВМРО кои што не се членови на ниту една партија. Сите имаат едногласен заклучок да се преземат мерки доколку Владата и понатаму продолжи. Јас не верувам дека тоа ќе биде блокада на патишта, тоа нема да го направат за да прават штета на други луѓе. Мислам дека првата мерка ќе биде, да децата не се пуштат на училиште со започнувањето на школската година. Тоа е број 1 кој што е заклучен на тој собир, и ќе се соочиме со еден таков проблем со почетокот на школската година.

А, колку што знам, колку се единствени верувам дека тоа ќе биде така.

Сега, на крај ги оставив економските параметри, да зборувам за нив, за економскиот развој, за економската моќ на општината.

Дали Оризари има економска моќ.

Ќе ви кажам само дека во последната 2004 година, по основ на комуналии се собрани скоро два милиона денари. Два милиона денари, помалку од два милиона денари е буџетот на општина Оризари по основ на изворните даноци, данокот на имот, комуналните такси и данокот на подарок и пренос на недвижности. Околу 1 милион и 900 илјади е тој. Значи тие имаат сопствен приход од два милиони денари само од комуналии. А овие како што ќе минат годините се повеќе ќе растат. Зошто ќе растат. Затоа што е направена базата на времето. 1998 година Оризари го донесе новиот детален урбанистички план, во кој што постои огромно нереализирано, неизградено градежно земјиште. Оризари направи генерален урбанистички план што треба да го има

едно населено место за да биде град, посебно, заедно со Прибачево. Посебно од Кочани. Со овој генерален урбанистички план уште повеќе се шири градежниот реон на Оризари каде што индустриската зона која што веќе заживеа и почна да се гради се проширува на уште многу, многу хектари.

Местоположбата на Оризари, политиката на локалната самоуправа за ниски давачки за надоместокот за таа изградба на неизградено градежно земјиште, односно комуналиите каде, кои што се за негде на половина од комуналиите во Кочани, а за индустриски објекти се 1/3 од комуналиите од Кочани, даваат за право да кажеме дека Оризари ја има перспективата за разој, односно за изградбата на објекти од областа на живеењето и од областа на стопанството.

Тоа е така, вие ако дојдевте, господине министер, ќе го видевте тоа дека е така. Ќе ги видевте бројкоте кои што ви ги кажувам сега, колку се уплатени комуналии оваа година, или во претходната, ќе видевте дека во овој момент Оризари има само на сметката на Фондот два милиони денари кои ги нема искористено, ќе видите имаат пари на сметка во Буџетот кои ги нема искористено, ќе видите дека за 8 години ниту ден не доцнела локалната самоуправа со исплата на личниот доход на вработените или со плаќање на било каква сметка.

Околу работењето на општината, можеби е единствена општина во Македонија која ни ден не била блокирана поради некакви долгови, општина која нема долгови во овој момент, туку има пари на сметката и ќе видевте дека  и во овој период 2003-2004 година општина Оризари гради, затоа што добија пари не од Владата, но добија пари од други извори, како што се средствата кои дојдоа 500.000 евра од Европската агенција за развој и инвестиции, за изградба на нов водовод. 80 иљјади долари од УСАИД за набавка на градежна машина  - ровокопач, од Светската банка нова инвестиција за кејските ѕидови и кејските улици.

Знаете ли зошто ни даваат пари? Затоа што имаме квалитетни проекти, затоа што имаме сопствени средства за учество во тие објекти, затоа што локалната самоуправа она што ќе го изгради во Оризари го гради по ниски цени, цени кои кога ќе се споредат со други општини, доаѓаат смешни во однос на висината. Тоа е факт дека е така.

Ќе ви кажам еден пример, канализацијата во општина Оризари два колектори во должина од 5 километри Фи-800, две третини од уличната мрежа на канализација чинеа помалку пари отколку она што го гради локалната самоуправа преку парите од Телекомот, односно не успеа да заврши ниту една третина од канализацијата, тоа е така, проверете ги бројките, ќе видите сумата за овие објекти е пониска од една третина од канализационата мрежа што ја гради локалната самоуправа со парите од Телекомот што ги добивме за доврщување на канализацијата во Оризари.

Ние изградивме мост 22 метри долг, 10 метри широк преку Оризарска река за 3,5 милиони денари, некои градат фонтани за тие пари.

Значи аргументите се тие, локалното раководство ги цени парите и ги троши домаќински. Така е направен развојот на општината и затоа разните фондови, донатори инвестираат во Оризари. Знаат дека средствата ќе бидат максимално искористени и ќе бидат употребени за изградба на инфраструктурни објекти во Оризари.

Да појдеме сега од даноците кои ќе ги прибираме по новиот закон за финансирање на општините. Дали ќе има пари општина Оризари да опстои, вие не го спомнавте тоа како иритериум кој не го исполнува, но јас сакам да нагласам, бидејќи е многу важен. Кога зборувавте општо зошто се укинуваат овие рурални општини, центри, зборувавте дека намаат економска моќ, ќе немаат пари да ги исполнуваат надлежностите.

Општина Оризари има 5 вработени од кои 4 со високо образование, 1 со средно образование. Тие пет вработени, според сегашниот обем на работа што го имаат, можат слободно да имаат 4 часовно работно време. Четири часа да работат е доволно за да ги извршат сите обврски кои се зацртани со стариот закон за локална самоуправа и квалитетно да си ги завршат работите со надлежностите ои се даваат. Тоа е од сверата на образованието, здравството, социјалата, урбанизмот. Овие 5 вработени се соема доволни за да ги задоволат потребите на граѓаните во сите сфери ако 8 часа си работат ефективно.

Во Оризари нема вработено, како што има во други општини по 3-4 хигеничарки, 2-3 возачи, кафекуварки, такви профили на вработеност. Во Оризари има стриктно вработување према потребите на општината.

Значи парите потребни за оваа администрација е 1 милион денари, милиот денари е половина од сегашниот буџет на општина Оризари кој изнесува 1.900.000 денари по овие извори кои ги набројав.

Данокот на имот, данокот на подарок, пренос на недвижнини и комуналните такси. А каде се парите кои ќе ги добие општината Оризари со новиот закон за финансирање, административните такси, парите од персоналниот данок или да го спомнеме како најголем ДДВ од 2,5%. Према бројот на жители само населеното место Оризари ќе има 1.200.000 денари. Тоа е факт дека е така, само населеното место. Значи, ќе има Оризари некои приходи над 5-6 милиони денари буџет надвор од приходите кои ќе ги има како сопствени од надоместокот за уредување на градежното земјиште и ред други приходи кои како општина постепено ги воведува.

Штетата што ќе ја направиме е огромна. Треба да ги заборавиме овие ситни души кои од таму сакаат да влијаат да се укине општина Оризари, да го гледаме интерсот на државата, да гледаме дека 8 години државата инвестираше во оваа општина да ја направи општина и тие инвестиции беа искористени од страна на општината.

Дали сега треба да дозволиме она што како огромна инвестиција е влезена таму, да го уништиме?

Дали треба овие пари да бидат попусто фрлени од страна на државата, да се вратиме назад и да запреме еден силен развој на една општина.

Значи, последиците од укинувањето се, ако можеме да ги предвидеме како пратеници, ќе видиме дека се страшни, страшни за државата, страшни за граѓаните на таа општина, страшни за економскиот развој и на локално ниво, а како што многу пати сум кажал, неможеме да имаме економски развој на државата ако не го спуштиме на локално ниво.

Ние можеме државата да ја развиваме само ако економскиот развој го спуштиме блиску до граѓаните до локалните власти, таму каде што најмногу се знаат потребите, најмногу се знаат луѓето кои треба да бидат носители на економскиот развој. Се знае кој е домаќин човек и кога ќе му се даде кредит или средства ќе може тие средства наменски да ги инвестира односно да вработи луѓе, да отвори нови погони, нови инвестиции, а се

знае кој ќе ги земе парите само за да ги потроши и да направи штета. Тоа е така во сите држави зошто да не биде и во Македонија. Како ќе имаме локален економски развој ако ги укинуваме општините? Неможеме да го имаме тоа, бидете свесни..

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, имаме две минути до паузата, па ако може да привршите.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Ќе прекинам, а потоа ќе продолжам.

Значи, мое мислење е дека стратегијата за развој на државата мора да се потпре на општината.

Ние како законодавен дом можеме да носиме закони и закони по предлог на Владата за разни економски мерки, а ако нема кој да ги спроведе, ако нема кој да ги реализира, ништо нема да направиме. Ќе пропаѓаме како што пропаѓаме сега, еве последните бројки 30% пад на индустриското производство, пад на целата економија, сиромаштија.

Значи, кога сум кај последиците морам да кажам дека општините кои што се меѓу себе близу, имаат и одредена конкуренција.

Градоначалниците на општините кои што се соседни, гледаат еден од друг и си влијаат што поквалитетно да работат.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега, зе извинувам ама веќе е еден часот, ако може реченицата да ја довршите.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Значи, овие градоначалници благодарејќи на таа конкуренција се трудат што повеќе да направат за да не заостанат зад соседниот. Тоа е и случај со Кочани, верувајте.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ви благодарам колега.

Пауза до 14,00 часот.

(по паузата седницата продолжи со работа во 14,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, министрот исто така.

Дали по амандманот што се расправа кој бара збор.

Повелете, г-дине Стаменков, продолжете.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Г-дине претседателе, почитуван министр, почитувани колеги пратеници, да продолжам уште малку да завршам за општина Оризари зашто треба да остане општина.

Јас кажам многу работи, кој слушна кој не слушна, кој нешто сфати или не сфати, или кој сака да сфати, или не сака да сфати, тоа е нормално. Сигурно ќе се почитува партискиот став, нема да се усвои овој амандман, ќе биде укината општина Оризари. Штетата ќе се направи, кој ќе ја плаќа понатака ќе видиме. Кога ќе се донесе една колективна одлука, никој поединечно не може да одговара нели за штетата. Треба цело Собрание да одговара или тие што гласале, оти кај нас многу штети се прават, ама се криеме зад колективните одлуки. Никогаш поединечната одговорност не избива во прв план.

Сакам да продолжам значи таму каде што застанав, во делот на конкуренцијата, меѓу општините кое што е многу важно. Ние сме свесни сите дека без конкуренција нема квалитет. Нема развој, нема напредок. Затоа и донесуваме тука закони за заштита на конкуренцијата, монополот итн.

Нашата држава може да напредува ако и во оваа сфера ние развиваме конкуренцијата, во делот на локалната самоуправа. Токму оваа конкуренција придонесе минатите години да имаме развој и на општина Оризари и на градот Кочани и на околните општини како што беа Зрновци, Виница, Облешево, Чешиново. Тие општини меѓу себе се натерале од конкуренцијата односно нивните градоначалници се трудеа што повеќе да направат во соседната општина. И, да ви кажам успеаа на тоа целиот овој кочански крај како што се вика претрпе еден силен развој. Затоа оваа конкуренција треба да остане и во овие општини продолжат како што си беа по старата територијална организација од 1996 година. Да ја оставиме таа конкурнција да живее, да ги оставиме сегашните градоначалници и идните грдоначалници кои што ќе дојдат без разлика од која партија ќе

бидат, најмалку е важно градоначалникот од која партија е важно е дека тоа е грдоначалник на сите граѓани на општината. Важно е да е прав човек кој што ќе знае да го почитува тоа и ќе се грижи за интересите на сите граѓани.

Поголема штета е да се избере човек кој што без разлика од која политичка партија е, кој што нема тој тоа да го сфати од стартот, дека тој е на сите граѓани, а да од политичката партија собере одредени поени со тоа што ја добила таа општина. Штетата ќе ја направи и за политичката партија, најповеќе, а ќе ја направи и за државата и за самата општина. Така да со овој чекор што го правиме сега, со овој закон, излегува на површина уште еден мотив, од кој што нели Владата е инспирирана за да ја укине општина Оризари. Тоа е мотивот, што во Оризари нема ниту еднаш победено. Досега имаше три пати избори, 1996, 2000-та и вонредните 2002 година, и секогаш СДСМ ги губеше изборите со својот коалиционен партнер ЛДП.

Ех, сега, значи за да не победи ВМРО-ДПМНЕ таму сакаме да ја укинеме општината Оризари, па нема да има градочалник веќе. Кој гарантира дека ВМРО -ДПМНЕ ќе победи на следните избори. Тоа ќе го каже народот, ценејќи ја работата и на Владата и на Собранието и на Локалната самоуправа. Никој не може да гарантира како ќе се определи народот, па да се каже ќе го споиме со Кочани затоа што во Кочани победуваме, и таму ќе добиеме сигурно градоначалник, а во Оризари ВМРО-ДПМНЕ нема да има градоначалник. Тоа се многу ситни размислувања игра на ситно што се вика без некоја поткрепа. И, сите тие размислувања се осудени на загуба и на пропаст.

Не смее така да се размислува. Мора да се гледаат пошироките интересди на државата, пошироките интереси на Македонија, на македонскиот народ, на она кое што како стремеж ни е или како цел влегувањето во Европа. Со такви размислувања не се г-до или колеги пратеници влегува во Европа. Така само се оддалечуваме од Европа, се подалеку, а во своите нели декларативни искажувања велиме дека целта ни е на Европа да и се приближиме. Не можеме со вакви потези да се приближиме. Или ние ќе се оддалечиме, или таа ќе ја оддалечиме, Европа ќе биде многу далеку.

Инаку, морам да кажам за соработката со општина Кочани во изминатите години.

Ако некаде имало соработка меѓу две општини, на високо ниво, тоа е соработката меѓу општина Кочани и општина Оризари. Во општина Кочани, се сменија тројца градоначалници, Овој е сега трет од 1996 навака. Во Оризари е овој сега втор од 2002 година. Со сите градоначалници без разлика кој бил, постоела една одлична соработка без разлика на партиската припадност. Бидејќи знаеме во Кочани градоначалникот во сите тие три мандати е од СДСМ, во Оризари од ВМРО-ДПМНЕ. Одлична  соработка без нерешени прашања или недоразбирања. Тоа морам да го потенцирам, бидејќи таа соработка трае до ден денеска, и веќе се реализираат заеднички проекти. Еден од тие заседнички проекти е патот Прибачево, Грдовци, Горни, Долни Подлог Облешево. Кое што е веќе во фаза да отпочне со изградба.

Друг, заеднички проект е водоснабдувањето. Водоснабдувањето е еден од најгорливите проблеми на општините Кочани и Оризари, па и другите општини од овој регион, и тој, се решава со заеднички настап. И на Оризари и на Кочани. А, тоа е дека мора да постои еден централен систем за водоснабдување, кој што веќе во одмината фаза е значи изградена е фабриката за вода и пуштена пред некое време во употреба, проектот што се гради од 1997 или 1998 година, не сум точно сигурен, еве сега е завршено. Мислам дека и министерот беше таму во пуштањето на употреба.

Потоа, цефководот кој што ќе оди кон Оризари, е веќе исто така во одмината фаза на изградба, а, реконструкцијата на водоводната мрежа во населба Оризари и следната фаза би требало да биде значи реконструкција на водоводната мрежа во Кочани. Бидејќи таа е застарена и таа треба да се обнови и изградба на брана акумулација, или водозахвад на Оризарска река. Со тоа ќе се заокружи овој проект кој што заеднички ќе го реализираат двете општини. Без никакви проблеми без никакви пречки. Бидејќи постои соработка меѓу двете општини за заедничките проблеми кои што ги имаат.

Значи, како што кажав не би требало некој од страна да и се меша на работа на локалните власти и да предвидува дека некој на некој ќе биде кочница за развојот. Тоа е погрешно, туку само со помош на двете локални самоуправи може да се реализираат многу поуспешни од тие проекти кои што треба да се реализираат.

Морам, да ви кажам дека урбанистичките планови, деталните урбанистички планови, Оризари и Кочани имаат заеднички улици, кои што во наредните 10 или 15 години веќе ќе бидат можеби и на тие места ќе бидат изградени куќи. Простор за живеење, станбен простор, или па некој друг деловен простор. Тоа е исто. Постои потполно разбирање за таа работа, и дури, дури постојат куќи во Кочани кои што користат инфраструктура, водовод, електрична енергија, улица, која што е изградена од страна на општина Оризари, а со договор меѓу двете двете локални самоуправи сите тие проблеми се многу лесно решаваат и многу се проблеми кои што се секогаш се решаваат во интерес на граѓаните, без разлика на партиската припадност како што реков.

Мислам дека доста кажав, уште еднаш ќе апелирам до вас како пратеници, бидејќи слушнавте многу аргументи, да општина Оризари опстане, да го поддржите овој амандман бидејќи ќе спречиме една голема штета што ќе се нанесе на држава.

Исто сакам да апелирам, односно да ја замолам меѓународната заедница, која што во изминатите години беше еден голем инвеститор во општина Оризари и уште еден голем дел од инветициите кои што ги даде за Оризри, не се реализирани до крај, или се во тек на реализација, или треба да отпочнат со реализација, да знаејќи го капацитетот на општината Оризари, и штетата што ќе се направи со укинувањето на општината Оризари, да интервенира кај Владата на Република Македонија да овој чекор го прекине, односно општина Оризари опстои во сопствените граници, во границите определени во 1996 година.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Стаменков.

Има збор прво министерот за локална самоуправа.

Повелете г-дине Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине Стаменков,

Додека зборувавте за параметрите, за критриумите, можев да ве сфатам како човек кој долги години работел во таа општина како градоначалник Можам да го

разбирам и вашиот емотивен настап. Сигурно, повеќе пати сме разговарале, јас би сакал, вие добро знаете, уште пред да почне триторијалната организација и лично бев, се сретнав со сите градоначалници на општина Кочани како најоптимално да ја организираме и мислам дека соработката особено со вашиот наследник, кога вие бевте избран за пратеник, а тој ве наследи и беше избран, продолжува на мнову високо ниво. Поканите што ги упатува тој и во ваше име можеби, чест претставуваат за мене, меѓутоа се договараме секојдневно со него.

За другите аргументи би сакал сега и пред јавноста и пред пратениците да ве прашам, како соработувате со општина Кочани? Дали имате воспоставено дипломатски односи? Дали тие дипломатски односи се на ниво на амбасади или преку меѓународни претставници ја соработувате таа соработка.

Г-дине Стаменков вашата емотивнст е оправдана. Но, вие укажавте на одредени ваши согледувања за односот Кочани-Оризари: нетрпеливост, немање ништо заедничко. Националните чувства во Оризари биле на многу високо ниво, што значи на другата страна не биле националните чувства. Во самото Оризари имало три групи, не знам како ги квалификувате, желни за власт, во село од 3000 жители. Ниту сум се сртнал, ниту сум ги видел ниту сум разговарал со некои други. Тоа што го предизвика таквото ваше изјаснување, чувствата кај мене не можам да ги искажам, и незнам дали предизвикаа кај другите пратеници и дали предизвика кај македонската јавност?

Тоа што се случува меѓу Кочани и Оризари, а за вистината на пратениците и на македонската јавност, границата меѓу Оризари и Кочани, фактички не постои граница. Оризари со Кочани е споена и вие добро знаете, имаше проблем, за изградба на средно училиште на катастарска општина на Кочани или на Оризари.

Г-дине пратенику Стаменков, не може така да размислуваме за Македонија. Не може граѓаните така вие да ги делите и да размислувате. А, најмалку можете да зборувате за политичките аспекти, - во кој интерес биле. По таа логика јас слободно можам да ви кажам, со доведување, вие како што кажувате, традиционални ВМРО-ски, гласачи во Кочани и во Оризари и во соседната општина, значи во Кочани ќе победи ВМРО. Ако некој од СДС размислува така, што значи дека јас обратно правам, гласачите

од ВМРО ги доведувам во Кочани за да победи ВМРО во Кочани. Или Кочани е СДС а Оризари е на ВМРО.

Мислам дека треба, за пораката што ја упативте, вистината, не да се корегира, најобјективно, најискрено, мислам дека така не размислувате. Не размислувате дека може да има, тоа што вие го искажавте, таква омраза, такво нетрпение, меѓу луѓе кои живеат секојдневно. Вие кажавте секојдневни се и роднинските и пријателските врски, припаѓаат на една држава, на еден народ, на една вера.

Јас можеби ова ќе го кажев и за другиот амандман она што се случува, што е многу чудно и интересно кога имав средба и меѓу Чешиново и Облешево. Инаку, врз основа на другите принципи, принципот на организирање на државата и во интерес на државата е оптимално, рационално искористување во функција на граѓаните. Новите надлежности можат ако вака се живее, што не верувам во никој случај, граѓаните тоа не можат да го сватат сигурно, што ќе правиме. Можеби утре со одредена донација и Оризари ќе гради можеби болници, не сака да се лечи во Кочани, принципот на организирање на граѓаните оптимално, рационално искористување на сите објекти и овозможување на локален економски развој и во делот на соработка. И мислам дека иднината на Оризари, една населба која ќе биде дел од Кочани по сите елементи и комунални. Вие викате Кочани е кал, па во Оризари тече мед и млеко, а има буџет 20 иљади евра. И граѓаните на Кочани влегувале во развој на Оризари и Меѓународната заедница и државата. Вие добро знаете јас лично и со градоначалникот колку средства заеднички се залагавме да ги добие Оризари и другите општини. Заедничкиот проект не го кажувате кој меѓу Кочани и другите општини се прави во износ од 800 иљади евра за поврзување на сите тие селски и градски општини. Тоа е онаа иднина која преку Пактот на стабилност и Европската агенција за реконструкција го правиме за тој реон, кој веќе е одобрен и кој веќе е тендериран. Тоа се условите Вие можеби по вашите согледувања и укажувања утре ќе сакате да прогласите и држава Оризари,  можеби и тоа го сакате по вашите укажувања, а луѓе кои не се трпат немаат ништо заедничко да живеат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стаменков имате реплика од три минути.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Министерот кажа многу работи. Изгледа во одредени моменти не ме слушал или не сакал да ме слушне. Во одредени моменти или не ме слушал, можеби е изморен, премногу амандмани, така што не е сконцентриран на она што се зборува. Јас кажав нетрпеливост помеѓу одредени луѓе и од општина Кочани и од општина Оризари. Тоа може да се види од стенографските белешки. Не дека сите граѓани на Кочани ги мразат граѓаните од Оризари, или сите граѓани од Оризари ги мразат сите граѓани од Кочани. Таа втора група на нетрпеливи од страната на Кочани ја спомнав како еден од мотивите да ја укинете опшитна Оризари. Друга работа, не спомнав три групи на луѓе од Оризари, туку спомнав само една група на луѓе од Оризари која што има мотив да се укине општина Оризари, а тоа е да влезе на мала врата во месната заедница и со тоа да направи грабеж во општината.

Друго, националните чувства јас ги спомнав во контекст на тоа дека граѓаните на општина Оризари бидејќи си ја сакаат многу државата, не сакаат да прават пречки на овој, или оној начин, како што се блокади на патишта и ред други работи. Така што она што го спомнавте како проект од 800 иљади евра, јас толку добро елаборирав и можеби зборував 5 минути за него, за водоснабдувањето, така што не знам како не сте ме слушнале дека толку многу зборував за него. И за заедничките улици меѓу Кочани и Оризари исто така зборував, заедничките инвестиции, за соработката. А јас ве уверувам, не знам од каде сте ги чуле тие информации дека нема соработка меѓу општина Оризари и Кочани, односно меѓу градоначалниците. Само да ви кажам дека градоначалникот на Оризари е член на Управниот одбор на Водовод - Кочани и активно учествува во работата на Водовод - Кочани. И сигурен сум дека има секојдневно контакти и со градоначалникот на Кочани. Јас како градоначалник од 1996 до 2002 година морам да ви кажам дека со сите градоначалници значи Лазар Веселински, Љубомир Јанев, двајцата

кои што беа имав одлична соработка и скоро секој ден се имаме слушано и разговарано за проблемите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Коце Трајановски има реплика на излагањето на министерот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Мислам дека не му држеше излагањето на министерот во кое што се обиде да им укаже на пратениците како да дискутираат. Сметам дека тие одговараат пред нивните избирачи, а не пред Владата, или пред министрите на Владата на Република Македонија. Инаку она што се кажа, дали Оризари сака да прогласи држава, истото ние можеме да го поставиме прашањето, дали ДУИ сака да прогласи држава со оглед на тоа што тие и ја прогласија Илирида пред повеќе од 7, 8 години.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски, не сте во право. Господинот министер Гештаковски го брани својот закон и одговара на аргументите кои што господинот Стаменков ги даде во врска со Оризари. И дозволено е, ако пратеникот има право да каже нешто што смета дека треба да го каже, сигурно е дозволено и министерот кој што го брани законот да каже контра аргументи. А тоа што го кажа министерот беше спомнато и во говорот на господинот Стаменков.

Има збор господинот Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници и членови на Владата.

Прво, јас сакам да го изразам моето незадоволство и длабок револт од министерот и парламентарното мнозинство кое што досега, еве 30 амандмани поминаа, не прифати ниту еден. Тоа не значи дека тие амандмани не се добри. Тие амандмани се добро образложени, добро кажани и добро фундирани. Меѓутоа се гледа дека нешто не е

во ред со целата оваа работа. Што се однесува до општината Оризари, таа е една од поразвиените општини во Македонија со изградена инфраструктура, со изградени сите потребни елементи за една успешна општина, со економски развој, со се она што ја сочинува една успешна општина. И нејзиното неприфаќање да остане во своите сопствени граници, сегашни граници е негативна работа за цела Македонија и за општината Оризари. Општината Оризари опфаќа 10 населени места и тоа полски и планински села кои што се потенцијал за успешно работење во економијата општо во нејзиното целокупно живеење. Со укинувањето на општината Оризари, со спојувањето со општина Кочани се прави уназадување, се враќаме назад. Општината која си изградила своја инфраструктура, која си изградила свој амбиент за успешен живот, сега ја припојуваме кон општина која не гарантира како понатаму ќе се развива. И сега на крајот да кажеме, една општина која е успешна, ние можеби ќе ја направиме поуспешна но тоа веќе е ризик. Зошто да се ризикува, да се прави нешто од готово вересија. Со укинувањето на општината Оризари прво се нарушуваат демократските принципи. Тоа значи таму е направен референдум, таму луѓето се изјасниле дека сакаат да си живеат во тие сопствени граници, значи се нарушува демократијата. Со тоа правиме незадоволни луѓе, од луѓе кои што сега си ја гледаат работата, успешно работат, спрема државата си плаќаат даноци итн, правиме незадоволни луѓе кои што можат утре да направат и поголеми проблеми и поголеми незадоволства. Значи се удира на демократијата, на луѓето и нивното право на сопствено одлучување, сопствено живеење во нејзините граници што сега се предвидува.

И на крајот сакам да потенцирам дека укинувањето на општините, така да речам селските општини се прави голема штета на селото, селото се уназадува, значи селото се става во подредена ситуација од градот. Услугите што треба да си ги вршат селаните во своите места, тие мораат да патуваат во град и таму во отежнати услови да ги исполнуваат своите обврски. Значи, уште еднаш спрема селото кое што е извор на храната, кое што е извор на прогресот во Македонија, се прави удар на селото. Со тоа се враќаме назад на некои времиња кога градовите растеа, а селата се запустија. Тоа е повторно запустување на селата, тоа е повторно враќање назад кон она што не чинеше,

го обновуваме негативното, а не го прифаќаме позитивното. Апел е да поразмисли уште еднаш министерот и парламентарното мнозинство да не се укинуваат селските општини, затоа што тие се изворот на животот, тие се перспективата на македонското општество.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Го заклучувам претресот по амандманите.

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 58-а по точката 58 поднесен од пратениците Ванчо Стаменков и Михајло Георгиевкси, го ставам на гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 9 за, 1 воздржан и 50 против.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата за време на гласањето беа присутни 61 пратеник.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Поминуваме на гласање по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 58-б по точката 58, поднесен од пратениците Ванчо Стаменков и Михајло Георгиевски.

Бидејќи опозицијата излезе, немаме кворум.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да го обезбедиме кворумот.

Процедурално има господинот Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Претседателе мислам дека овој амандман по член 10 во точката 58 да се додаде нова точка 58-а која гласи: 58-а општина Оризари е поврзана со амандманот по член 12 по точка 47 треба да се додаде нова точка 47-а која гласи: општината Оризари со селата Безиково, Вранинци ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стаменков, да ви ги скратам маките, ние расправаме по амандманите како што сте ги доставиле. Да беше еден амандман, со вашата забелешка додека беа различити. Ова е амандман по точката 10. Немојте вториот амандман со атарските граници и општински граници да го мешате.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Амандманите се еднаш Оризари да биде во старите граници, а еднаш да биде со Зрново.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сето тоа јас многу добро го знам. И кога ќе дојде тој вашиот амандман во старите граници, вие повлечете го, затоа што овој амандман е изгласан да остане како општина Оризари по член 10. Имате два исти амандмани по член 10 каде што се бара општина Оризари да остане посебна. А по член 12 ви се различити. Кога ќе дојде амандманот по член 12, тогаш ќе го расправаме и ќе го дискутираме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 58-б по точката 58, поднесен од пратениците Ванчо Стаменков и Михајло Георгиевкси го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 2 гласале за овој амандман, 1 воздржан, 56 против.

Бидејќи во салата се присутни 64 пратеници, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 58-а по точката 58, поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе амандманот на господинот Ѓорѓи Трендафилов се однесува на делот на понатамошно продолжување во постоечките рамки на општината Облешево. Бидејќи настанати, или немилите настани кои се случуваат перманентно наназад 10 дена откога е објавен предлогот на закон за општината Облешево на нивниот протест или реакција на предложените решенија во законот, чувствувам потреба за правилно информирање на пратениците, а преку нив сигурно и јавноста, да укажам на она што се случуваше, што се разговараше и што беше предмет на таквото реагирање на граѓаните на Облешево со делот на нивниот протест и се она што граѓаните можеа да го видат.

Во предлогот за донесување на закон усвоен од овој парламент точно е дека од постоечката општина Чешиново која брои 2419 жители и постоечката општина Облешево која брои околу 5071 жител се предложи да се формира една општина со седиште во Облешево. Тоа беше поддржано од овој Парламент и врз основа на таквото решение се отвори јавна расправа во која учествуваа и граѓаните на општината Чешиново и Облешево. Би сакал да укажам дека општината Чешиново во нејзиниот состав има 6 селски населби во која најголема е Чешиново со околу 1000 жители, а додека во општината Облешево има 8 селски населби во која најголема селска населба е населбата Облешево со 1131 жител и во нејзиниот состав постои уште една населба во тој ранг Спанчево со 1048 жители.

Значи рангот на селските населби Чешиново, Облешево и Спанчево се приближно слични.

Во текот на јавната расправа населените места Бурилчево, Кучичино, Уларци и Чифлик учествуваа во јавната расправа и првите села, Бурилчево, Кучичино и Уларци го информираа Министерството за локална самоуправа дека врз основа на референдум сметаат дека подобро ќе бидат организирани до колку седиштето биде во Чешиново. А додека претседателот на Месната заедница од Чифлик со известие исто така укажа дека би било подобро и седиштето да биде во Чешиново за функционирање на населбата Чифлик.

Врз основа на ваквите согледување и свесни дека рефердумите кои се организирани во овие селски населби не беа со дозвола на општината Облешево, во чиј состав сте, нормално градоначалникот и органите на Облешево побараа толкување во делот на Министерството за правда дали предизвикуваат правно дејство. На градоначалникот на Облешево му беше истакнато дека не произведуваат правно дејство.

Тука сакам да укажам дека и референдумие на ниво на општина во делот на облигаторното дејство не предизвикуваат задолжително дејство. Но луѓето кои работеа во Министерството за локална самоуправа на конечниот предлог, сваќајќи ја консултацијата и желбата на овие граѓани кои се во значителен број, некаде 2300 од вкупно 5000, фактички со 2500 жители општината Чешиново доаѓаше да има поголема желба на граѓани седиштето да биде во Чешиново. Врз основа на таквите размислувања и известувања, пред пратениците во Предлогот на законот се даде предлог седиштето на општината да биде во Чешиново.

Врз основа на ваквиот предлог имаше реакции од органите на општината Облешево и на нивните први најави, после излегување на законот, веднаш направивме средба. Јас лично ги примив видните граѓани од Облешево, градоначалникот на Облешево, ги сослушав нивните аргументи. Тие укажаа дека референдумите и желбите на овие селски населби во делот од Облешево се фалсификат, не се израз на нивната желба и дури одредени известувања, особено од големата населба Чифлик со 667 жители дека е фалсификат известувањето од претседателот на месната заедница, Благој Манев и дека тие се подготвени да ми достават документација од претседателите на месните заедници, бидејќи референдумите во селските заедници не се задолжителни, кои спротивно ќе ја изразат желбатана граѓаните.

Со ова би сакал да укажам дека локалните проблеми и интересот на граѓаните за територијалнта организација, колку одиме се подолу, ги отвораме истите проблеми како што се отвораат на ниво на општина на ниво на селски населби. Морам најодговорно да кажам, на претставниците на Облешево им ветив дека ќе ги разгледаме сите аргументи, тие да ги достават писмените извесувања и благовремено, пред одлучување пред овој

амандман во Парламентот ќе добијат известување или за одлуката на Владата кога ќе го разгледува овој проблем.

На нивното прашање дали дел на барикадите, што да прават понатаму, јас им кажав дека тие се должни да го изразуваат незадоволството, врз основа на позитивните законски прописи да не ги попречуваат правата на другите граѓани, тие ултимативно настапија дека, до колку не ги известам за два деке Облешево ќе биде седиште, тие ќе продолжат да ги блокираат патиштата, што сигурно ќе предизвика попречување на сообраќајот, штета на државата во економскиот развој. Јас укажав дека тоа е нивно право и треба да ги почитуваат законите. Но им ветив цврсто дека со аргументите што ќе ги достават ќе биде запозната Владата и Владата ќе ја донесе конечната одлука, респектирајќи ги новосоздадените услови. Точно е дека во меѓувреме доставија одредени свои писмени докази. Дури, би сакал да укажам на Парламентот што се случува, од општината Чифлик од истиот претседател на месната заедница, Благој Јанев, кој го известува Министерството дека населбата Чифлик граничи со општина Чешиново, односно со населеното место Чешиново, па според тоа гравитациски нормално и природно би било да се најде во општина Чешиново. Во моментот Чифлик припаѓа на општина Облешево, што не ни смета, но поради инфраструктурната и стопанската развиеност на општината Чешиново не претставува пречка село Чифлик да се вклопи во територијата на општина Чешиново со седиште во Чешиново.

Да не должам, истиот човек, претседател на Чифлик Благој Манев сега на претставниците на Облешево дава друга изјава, во која се негира и тврди дека од страна на претставниците на општината имаше иницијатива за одржување на референдум во нашето село и за нивна подршка, како што беа одржани во Кучичино, Боричево и Уларци, но од наша страна не добија подршка и немаше референдум, и во изминатите осум години имале добра соработка.

Ова е фактичката состојба.

Почитувани пратеници и претседателе,

За да ни дадете шанса или време во текот на расправата да ги согледаме целосно и врз основа на локалните проблеми, морам да кажам дека она што се случуваше од г-

динот Стаменков меѓу Кочани и Оризари, не можам да го искажам тоа што се случуваше меѓу претставниците на Чешиново, односно од Облешево за Чешиново. Тие се роднински поврзани, градоначалникот на Чешиново и Облешево се вујко и внук, жените на сите претставници се од Чешиново или Облешево, чудно се случува, меѓу менталитетот на борбата за опстанување и понатаму на локална власт или за лични и други интереси.

Во интерес на граѓаните сфаќам и сакам да им порачам на граѓаните на Облешево дека нивните аргументи, нови кои се доставени, ќе бидат разгледани пред Владата, пренесени од Министерството за локална самоуправа и сигурно ќе донесеме решение кое е во интерес на граѓаните, пред се.

Сакам пратениците да знаат, Чешиново и Облешево се на два км.Точно е дека Облешево е на автопатот и патот врви кон Кочани, треба од Чифлик да се помине. Инаку, 2 км е, што би рекле гравитационо, низводно треба да одат граѓаните на Облешево за да стигнат до Чифлик. Граѓаните на Облешево врз основа на овие аргументи, врз основа на нивниот протест сметам дека искажаниот револт и несогласување без никакви пристрасности, без никакви приоритети и без никакви ургенции ќе бидат разгледани, ќе бидат известени и сигурно во интерес на граѓаните ќе ја донесеме одлуката. Се работи за седиште. Не е спорно дека меѓу Чешиново и Облешево сакаат да имаат една општина со сите капацитети која би броела околу 7500 жители.

Затоа, почитуван претседателе, почитувани пратеници, ќе се повикам на член 169 од Деловникот на Собранието на Република Македонија , Собранието да го одложи претресот по овој амандман како би дале можност да го донесеме правилното решение, а граѓаните на Облешево да се стрпат со своите пречекорувања во делот на газење на Законот за собири на граѓани и протест, загрозување дури и на животот на одредени граѓани, бидејќи мораме да кажеме дека со пренасочување на сообраќајот имаше сообраќајни несреќи, а исто така, граѓаните на Чешиново да не ги преземаат сличните мерки кои ги најавуваат.

Затоа, почитувани пратеници, би сакал да го прифатите овој предлог и расправата за Облешево и Чешиново без предизвикување на страсти да ја продложиме со амандманите кои би дошле при крајот на оваа расправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,г-дине министре.

Членот 169 вели: “Собранието ќе го одложи претресот по амандманот во случај кога предлагачот на законот го бара”. Предлагачот на законот тоа го побара и ние поминуваме на следниот амандман.

Повелете процедурално г-дине Трендафилов, он кажете ми ве молам во што е прекршена процедурата.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Бидејќи се подготвив за ова, сакам оваа дискусија преку процедуралната форма да го замолам министерот за локална самоуправа да влијае кај своите колеги во Владата и овој период на одложување на расправата по оваа точка да не биде искористен во насока на натамошна радикализација на она што се случува особено во населеното место, општина Облешево.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас мислам дека тоа го кажа министерот и благодарам што уште еднаш тоа го повторивте.

Процедурално, има збор г-ѓа Ганка Самоиловска-Цветановска, но прво да микажете во што е прекршена процедурата.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Сакам да прашам во однос на процедурата дали се плашите да слушне јавноста што се случува во Облешево, дали затоа се одложува амандманот. Дали се плашите да слушне јавноста македонска ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-ѓо Самоилова, ве молам тоа не е процедурално.

Повелете г-дине Караџоски, имате збор процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-дине претседателе, прочитајте го уште еднаш членот 169. Таму вели Собранието, не вели претседателот на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Таму не вели Собранието дека одлучува, туку Собранието ќе го одложи.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не сте вие Собрание, претседателе, Собрание се пратениците. Ставете нека одлучи Собранието, не вие.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам г-дине Караџоски, пишува Собранието ќе го одложи.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не сте вие Собрание.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас го претставувам Собранието.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не го претставувате вие, пратениците треба да се изјаснат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе го прекршам Деловникот ако Собранието..

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Собранието одлучува со гласање, а не со вас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам г-дине Караџоски, побарајте да се гласа со поддршка од 10 пратеници, и тоа ќе го направиме.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не сакам ништо да побарам, но кажувам што значи таа одредба.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас го интерпретирам Деловникот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Кога се вели Собранието одлучува се знае како одлучува Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не пишува одлучува, туку пишува дека Собранието ќе го одложи претресот по амандманот во случај кога предлагачот на законот тоа го бара. Не пишува дека Собранието ќе одлучи да го одложи претресот.

Одиме на следниот амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под (б) ..

Процедурално, има збор пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Г-дине претседателе, пишува дека и Собранието донесува закони. Дали тоа значи дека претседателот на Собранието донесува закони.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, г-дине Оровчанец, да не се расправаме понатаму одиме на следниот амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под (б) за додавање нова точка 61-а, по точката 60, поднесен од пратениците Ефтим Манев и Никола Груевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Амандманот на г-динот Ефтим Манев не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете г-дине Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Во однос на предложениот амандман за останување или формирање на општина Подареш која до денес постои, а со новиот предлог закон истото се спојува во Радовиш, би го кажал следното.

Сметам дека не постојат никакви услови, ниту министерот ги кажал до сега дека оваа постоечка општина не ги исполнува условите за нивно опстанување. Село Подареш односно општината Подареш е составена од четири поголеми села и едон помало планинско село. Тоа се селата Подареш, Јаргулица, Покрајчево, Злеово и селото Смиланци. Во овие 8 години постоење на оваа општина, развојот на истата е значително видлив и стандардот на граѓаните од овие населени места е подобрен од времето кога истото било во општина Радовиш од 1963 година па наваму.

Најнапред би сакал да укажам на инфраструктурата која што ја има оваа општина и што е постигнато во сите овие населени места.Во општина Подареш има изградена општинска административна зграда со толку уредени канцеларии како во ова Собрание и канциларииите што ги имаме ние. Постои пошта, постои амбуланта, изграден е водовод, селото скоро целосно е асфалтирано и е една добра урбана средина која многу не се разликува од Радовиш. Исто така, направен е пат кој ги поврзува селото Подареш со селото Злеово, кои се одлалечени 8км, така што по тој пат се поврзуваат сите овие четири села кои припаѓаат на оваа општина. Во сите овие села се направени водоводи и канализации,  село Злеово има амбуланта која ја користи селото Покрајчево, а додека амбулантата во село Подареш ја користи селото Јаргулица, што укажува дека овие населени места имаат идеални услови и понатаму да продолжат како општина, што дава можност за нивен натамошен развој.

Не ги знам причините зошто една ваква уредена средина не ги исполнува условите да остане општина и кои се причините да враќаме едни населени селски средини во градот, кои никогаш не можат да продолжат да се развиваат и понатаму. Веројатно министерот се држи до тоа дека оваа општина не моиже да опстои од причини што нема економски потенцијал, односно како што изнесува за сите општини кои се од селски карактер дека нема број на вработени. Навистина, оваа општина со овие 4 села има вработени 8% од вкупниот број население. Но ништо повеќе не е ни во општината Радовиш. Во општина Радовиш скоро и не постои фирма што работи, туку сите се во стечај или ликвидација, или некоја фирма е продадена па не може да се активира за да

работи. За жал, би сакал да кажам дека оваа општина има и те како подобар потенцијал на економски одколку општина Радовиш и тоа од следните причини.

Секое семејство во оваа општина во која припаѓаат овие села има свои основни средства, тоа што го зборуваше министерот, а тоа е , сите имаат земјоделско земјиште, имаат машини за обработка, трактори и ако има 800 семејства има 800 трактори, има добиток, што укажува дека многу полесно тие можат да обезбедат средства за опстанок на нивната општина од колку што тоа може да го стори општина Радовиш во која имаме огромен број на невработени луѓе, огромен број на стечајци, луѓе технолошки вишок, како и социјалци.

Зошто не се направени податоци на таа основа. Колку луѓе има пријавени невработени од овие села, колку луѓе има технолошки вишок иликолку има што бараат социјална помош. Тогаш ќе ја видиме правата карта кој може подобро да опстане.

Сепак сметам дека како оваа општина и другите општини кои што се наоѓаат во едни рамничаески делови, површини каде што има услови за развој на економски план и за опстанок на тоа население нешто друго се крие. Се крие податокот дека овие села треба да ги издржуваат градовите, не градовите да ги издржуваат селата. Тоа било и до сега така и во целите оние 23 години , од 1963 година, од кога се ускинати, кога бил социјалистичкиот систем селата ги подржувале градовите.

Само ако се направат добри анализи тогаш ќе видиме зошто го правиме  ова денеска. Дали сакаме Македонија да се развива. Овие граѓни од овие села никогаш нема да бидат посетени од градоначалникот на општина Радовиш или тие ќе дојдат во општина Радовиш да бараат било што. Животот на село и живото во град е сосема нешто различно. Радоивш има и тоа како проблеми и далеку поголеми пробелми од овие 4 - 5 населени места. Тој не може да си ги реши своите проблеми за 10, за 15 години, а овие граѓани кои што живеат во овие села, во оваа општина далеку полесно ќе патуваат во животот, ќе бидат позадоволни и полесно ќе си ги решаваат проблемите. На ваквата околност овие граѓани укажале и на референдумот.

Нема  никакви карања, расправања меѓу овие населени места, тоа што го зборуваше минситерот барем за Облешево,односно за Оризари и Кочани, живеат.  Има доста граѓани населни во Радовиш, но и денеска иститe  се враќаат да ги работат своите ниви. Која е таа перспектива во Радовиш, кои фабрики ги планира министерот и на кој начин ќе ги вработи тие луѓе. Нивите остануваа неизорани, необработени, а тие луѓе кои се таму доаѓаат да бараат социјална помош. Дали и понатаму сакаме вака.

Сметам и тоа како во оние населени места каде Што постојат навистина услови, а ги има такви, гледајки ги сите амандмани, познавајки го и местото, барем Источниот дел на Република Македонија , постојат и тоа како можности за тие општини. Да ја тргнеме политиката. Да не гледаем изборите кој ќе ги добие или како ќе се добијат. Да го гледаме развојот на Македонија. Далеку повеќе ние требаше да се занимаваме на економски план како да се  развие Република Македонија , како да имаме поголемо производство, како да имаме поголемо вработување, а ние бараме немало вработени луѓе од селата. Мислите ли дека вака ќе бидат вработени некои. Никогаш. Не се вработени ни во социјалистичкиот систем кога имаше поинаква регулатива, него ли денеска. Што е тоа во Радовиш што ќе се вработат тие луѓе кога ги има преку 4 илјади невработени. Помал е бројот на вработените таму. Плус ќе додадеме дека тие луѓе ќе ја издржуваат оштината. Напротив, оваа општина и тоа како овие граѓани кои што живеат во неа и тоа како можат да ја издржуваат финансиски да профункционира општината и да си ги решава проблемите илјада пати подоброотколку што ќе ги реши општина Радовиш. Тие ги знаат сопствените проблеми и нивните проблеми се различни од проблемите на општина Радовиш.  Ако тие села не можат да издржат, имаат основно образование во село Злеово, четиригодишно основно образование, а исто така и во Подареж. Двете помали села помеѓу нив, едното гравитира према селото Подарж. Другото гравитира према село Злеово. Амбуланти, кои што ги користат дури и селата кои што припаѓаат на  општина Василево, село Радичево, село Дукатино. Едно село кое што припаѓа на општина Радовиш с, Калуѓерица, кое е карши с.Подареж и тоа  ги користи амбулантите, таму одат.

Сметам дека е направено се по грешка. Како не би одело, како не би се развивала Македонија. Територијалната организација на општините е како можеме да ја развиеме

Република Македонија на начин како што го тоа замислуваат самите граѓани. Не може ние овде бирократски , од столот, од фотељата, да кажеме дека така ќе биде подобро, ниту можеме да им помогнеме. Самите можат да си помогнат и самите можат да си го решат проблемот. На тој начин треба да пријдеме. Што е причината Подареж, што е тоа дека таа општина не може да опстане. Имала 4700 жители. Имала 9000 жители во 1963 година. Се селат луѓето и сега правиме услови тие да се расселуваат, да бегаат оттаму, затоа што не може да им ги реши никој проблемите однадвор, туку може да си ги реши проблемите човек внатре. Тоа е исто ако здружиш две семејства различни, едното да е земјоделско, другото да се занимава со научна работа. Не можат да живеат двете, а две земјоделски семејства можат да живеат. Тоа е така. Сметам дека сосема е погрешен целиот закон. Спојување на села со град, оние села кои што можат да опстанат тоа е апсурд. Оние кои што не можат да опстанат, ако не сака државата да ги помогне како рурални места , да имаат посебен третман како општинисо поголеми дотации тогаш може да припадне према некој град и прашање е и тогаш дали ќе го развиваат.

Ќе ги молам пратениците од позицијата малку повеќе разумно да размислуваат. Ако ја сакаме Македонија требаше пвоеќе оштини да останат, а мислам дека министерот тоа добро го знае, неверувам дека не ги познава тие работи, но треба да се ослободиме од политички решенија на ваквите сосотјби во Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Голомеев, имате ли реплика?

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Три минути реплика, повелете.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Господине Манев , навистина не можам да се согласам со вас дека овој закон е правен од страна на Владата врз основа на некои си политички критериуми, или политички интереси. Сите го донесовме Законот за локална самоуправа и скоро сите во нашите дискусии констатиравме дека со тој закон огромен број на надлежности се

префрлуваат на локално ниво. На сите ни беше јасно дека голем процент од општините во Република Македонија , 123 на број нема да бидат во можност да се справат со тие надлежности. Постигнвуањата во некои мали општини само во комуналната сфера, водоснабдување и правење на одредени патишта не значи успешност на тие општини, тоа на сите ни е јасно. Дури и во јавната расправа, колку што се сеќавам ВМРО-ДПМНЕ имаше излезено со став дека оптимален број општиниза Македонија е некаде 80. Сега не можам да сватам како овој пресврт да се брани една теза дека 123 општини заслужуваат да опстојуваат и понатаму со овој огромен број на надлежности. Не се согласувам, уште еднаш велам, дека ова е политички мотивирано, туку напротив со ваков потег Владата може да се каже дека работи и против себе во очи на локалните избори бидјеки се одзема некое право кое постоело 4 или 8 години. Меѓутоа свесни сме дека треба да направиме функционална, економична локална самоуправа која едноставно ќе егзистира и ќе биде во функција на граѓаните, а не да биде во функција или во интерес на една мала група на луѓе кои видоа фајда во овие 4 или 8 години во овие мали рурални општини.

Сигурно е дека референдумите треба да се земат вопредвид меѓутоа референдуми кои претходно ќе беа подготвуванисо една права јавна дебата, суштинса дебата за тоа што се се наоѓа пред локалните самоуправи според новито закон за локална самоуправа и потоа граѓаните свесни за обврските, не само за правата што ги преземаат да проценат дали по функционални ќе бидат сами да егзистираат или да отидат во банкрот за кратко време, или ќе се спојат со поголемите општини, ќе формираат по суштествени целини кои ќе можат да се носат со сите овие надлежности.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута г-дине Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Сметам дека неспорно е дека има политика во овој закон. Ако нема политика ќе биде сосема едноставно и сите ќе се согласиме.

Второто што не чини воовој закон е тоа што нема никаква анализа. Во овој закон , во една ваква територијална распределба или организација се укинуваат 40 општини.

Зошто нема анализа кои се причините. Тоа што зборувате дека е спуштена власта, има децентрализација, што е тоа здравство и тоа школство. Дали овие граѓни не може да си ги вклучат своите деца. Ако има таму 4 села колку учители, колку здравство постои и тие го плаќаат тоа.  Многу пвоеќе ќе плаќаат отколку Радовиш. Длабоко сум уверен дека можат тоа да го направат. Сметам дека ваквата реплика е сосема погрешна . Само може било кој да прашаме колку деца има таму што учат. Нормално во секое село има по 4 учители.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Манев.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Јас само сакам да се приклучам на дискусијата на г-динот Ефтим Манев и да зборувам во прилог на тоа дека општина Подареж треба да продолжи да опстојува. Ќе се обидам да објаснам , во исто време во мојата дискусија, како што пред малку слушнав од почитуваниот колега од ЛДП дали фајде од досегашната општина имале мала група на граѓни, или навистина имале сите граѓани на општина Подареж.

Најпрво ќе започнам со тоа што до 1996 година јасно е како во сите рурални места во Република Македонија, така и во општина Подареж  има  целосно стагнирање во развојот на местата кои што денес ја сочинуваат општина Подареж. Тоа може да се види од самиот факт што за вкупно 50 години се изградени само неколку инфрастуктурниобјекти и тоа од месен самопридонес на граѓаните. Тоа е водоводот во Подареж, како и заедничкиот  водовод на населените места Аргулица , Покрајчево и Злеово. Потоа граден е пат Подареж-Радовиш со самопридонес, мост на Стара река. Тоа се поголемите зафати кои што за вкупно 50 години ги доживеале луѓето од местата кои што ја чинат денешната општина Подареж.

Со формирањето на општина Подареж во 1996 година и конституирањето на Советот по изборите тие пристапиле кон изготвување на сите важни проекти во сите населени места, кои со тек на времето почнаа постепено да се реализираат.

Како проекти кои што почнаа да се реализираат од 1996 или 1997 година, кога практично  и почна да функционира општината изреализирани се повеќе проекти и тоа во сите населени места, за кои активно учество земаа и граѓаните и тоа покрај во одлучувањето кој проект да се гради тие зедоа свое учество и во делот на нивно финансирање, како и за тоа кој од тие проекти се приоритетни за нив и значајни за нив, тие дадоа и свој финансиски придонес.

Сега ќе му кажам на колегата дали од постоењето на општина Подареж имаат фајде само неколку личности или сите граѓани. Тоа ќе се огледа во изградените инфраструктурниобјекти кои што се направени во изминатите 7 години од постоењето на општина Подареж и тоа по населени места.

Во Подареж изграден е артериски бунар со помпна станица и потисен цефковод со вкупен износ од  2 милијона и 500 илјади денари.

Понатаму, изградени и асфалтирани повеќе улици во вкупен износ од 11 милијони денари. Тоа е само за село Подареж.

Изградени се два моста на река Ступница и направена е регулација на истата река во должина од 700 метри со вкупен износ од 3 милиони денари.

Реконструиран е дел од Домот на културата, каде е сместена и општината со вкупен износ од 6 милиони и 350 иљади денари.

Изградена е трафостаница во вкупен износ од 560  илјади денари .

Во тек е изградба на мост на река Плаваја каде што е инвестирано 5 милиони и 200 илјади денари и очекуваат луѓето да заврши до крајот на 2004 година.

Понатаму изградени се два детални планови и тоа за Карши маале и Дупцентар во износ од 350 илјади денари.

Поплочени се и тротоари,направено е проширување на нисконапонската електрична мрежа на неколку потега со вкупна вредност од 600 илјади денари.

Изработени се повеќе проекти кои што воиднина треба да се реализираат.

Почитувани колеги,

За да не кажете дека премногу ви одземам од времето нема да читам за другите населени места со бројки  колкав износ на средства се инвестирани во инфра

структурата. Ова го кажувам само за пример да го демантирам претходниот колега и да ви укажам на сите дека во општина Подареж она што е направено е направено за сите граѓани во оваа општина. Нешто што луѓето не можеле да го замислат за претходните 50 години.

Јас незнам покрај сето она што го имаат изградено луѓето во овие последни години за сите села од територијата на општина Подареж како луѓето да не си ја бранат општината  и како да не се застапуваат за тоа дека општината Подареж треба да опстои. Тие не можат да сватат како можете да размислувате дека општина Подареж многу подобро ќе функционира доколку биде  во состав на општина Радовиш, бидјеки тие не се сеќаваат на ништо добро што го имаат доживеано ниту во развој на инфраструктурата, ниту за нивно подобро економско живеење отколку што живеат тие денес. Навистина жално е ако мислите  дека опозицијата само ви задржува време. Ние навистина се трудиме аргументирано да ви  покажеме што се е направено и што мислат луѓето да направат доколку и понатаму останат како општина.

Во однос на инфраструктурните објекти, онака како што може да постапи добар домаќин така и тие постапувале.. Изградени се многу други објекти, не би сакала повторно да госпоменувам она што гокажа колегата ниту од областа на финансиското опстојвуање на општината, не би додала ништо повеќе, можам само да го тврдам она што го тврдат  луѓето, граѓаните на општина Подареж јасно искажано со референдумот на кој што 97,1% од граѓаните гласале за опстојвуање на нивната општина. Овој процент почитувани колеги е за почитување, како и за многу други општини кои што бараат да им останат општините заради сопствените развој, заради нивнито развој и заради иднианта на нивните деца, а доколку вие имавте аргументирано, анализа направено и сериозни податоци дадени врз основ ана кои ќе видевме сите ние , а во исто време и аргументирано ќе ги убедевте граѓаните на општина Подареж и на сите други општини дека не можат финансиски да опстојат, кога сите вие ќе одевте и заедно со претставниците на Министерството,со пратениците ќе ги убедевте дека тие анализи на Министерството, на Владата јасно покажуваат дека нивната општина нема подобро да работи со новите надлежности, дури тогаш немаше да се случува вакви нешта што денес

ни се случуваат во Република Македонија , протести на граѓаните, блокади на патиштата. Значи, само заради тоа штоопустуваше аргументирана расправа, само заради тоа што беа исклучени локалните самоуправи од овој толку многу значаен процес за нивниот живот, токму заради овие нешта и токму заради тоа оваа наша расправа се претвара во расправа на глувите и немите.

Благодарам и уште еднаш ги повикувамколегите за доброто на граѓаните на општина Подареж да го подржат овој амандман на колегата Ефтим Манев и на сите други пратеници од ВМРО-ДПМНЕ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Ивановска, реплика ли имате?

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Да.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, три минути иамте.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Почитуван аколешке Бонева добро е кога инсистирате на податоци и аргументи во предложениот амандманот колегата Ефтим Манев,каде што не стои ниедна бројка , ниеден податок.

Кога сме до бројките, во ред е желбата на граѓаните на општина Подареж за подобар живот, тоа е интенцијата и целата стратегија на Владата за подобар живот на граѓаните на Република Македонија .

Од сите аргументи што гикажавте се стекнува впечатокот дека економски општина Подареж , не може да опстане. Како може со 15 илјади евра буџет да ги изгради сите тие инфраструктурни објекти. И самата кажавте дека за 50 години општина Подареж успеала од самопридонес на граѓаните да изгради само еден мост и локален водовод, а незнам нивото на водоводот какво е.

Интенцијата по сите стратегии којшто и опозицијата и позицијата ги добивме во Собранието е неразвиените подрачја кои што немаат инфраструктура основна , водовод и канализација се интенција за развој и развојни програми за инвестирање токму во овие

подрачја, така да граѓаните на општина Подареж ќе добијат многу повеќе од тие структурни фондови на државата и европските структурни фондови кои што ќе инвестираат во неразвиените подрачја,како што се малите рурални општини, особено ридско-панинските.

Така да не држи ниту еден аргумент кој што вие го истакнавте и цело време инсистирате на волјата и желбата и тоа што граѓаните на Подареж го заслужуваат. Секако, сите граѓани заслужуваат да имаат основни услови за живот во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута госпоѓо Бонева, повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувана колешке, колегата Ефтим Манев не е должен да ви дава вам податоци, туку вашата Влада е должна да изработи комплетна анализа за секоја општина зошто не може да опстои, а потоа да зборува за нивно укинување.

И вие како пратеник добивте показатели од градоначалникот на Општина Подареш како и од сите други градоначалници на општините кои што се укинуваат и би требало да ги проучите, да дознаете како можеле луѓето со толкав буџет да направат толку инфраструктурни објекти што не се направени во претходните 50 години. Токму заради нивната инвентивност и огромната желба да им опстојат општините тие нашле многу грантови, направиле огромен број на проекти и направиле се за да се развијат нивните општини. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова последново беше добра препорака идниот градоначалник на Радовиш да биде од Подареж. (Реакција на госпоѓата Бонева од место). Добро, малку да ја разбиеме монотонијата.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам пратениците да седнат на своите места бидејќи претресот е заклучен, амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласаа 61 пратеник, 5 гласаа за амандманот, 1 воздржан, 55 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 63-а по точката 63, поднесен од пратениците Блаже Стојановски, Жарко Караџоски, Никола Груевски и Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе, почитуваниот пратеник Блаже Стојановски предлага амандман со кој Општината Самоков која со Предлогот за донесување на закон се припојува кон Општината Македонски Брод да остане како самостојна општина и да функционира.

Општината Самоков има 1.553 жители со седиште во Самоков, со 398 жители и може да се каже покрај неколкуте мали стопански субјекти единствен стопански капацитет е фабриката “Сувинир” која има производни проблеми во досегашното работење и голем број на вработени доаѓаа од Макеоднски Брод. Точно е дека на територијата на Општината Самоков или таканаречената долина на Мала река има големи потенцијали особено со делот на вложувањата на делот на Козјак и поврзувањето на тие краишта. И, сигурно на овој крај треба да се понуди еден нов развој или генератор на развој кој Општината Самоков со своите капацитети и економска моќ не може да го понуди. Затоа сметаме со приклучување, со поврзување со Општината Македонски Брод ќе се понудат подобри услови и подобри особено можности за искористување на потенцијалите и поголем дел на локален економски развој особено на селата на кои им треба особено ревитализација и вложување во мали бизниси и сл. кои нудат големи, големи потенцијали.

Амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Господинот Блаже Стојановски веќе се јави за збор, повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, мотивите за поднесување на овој амандман се следните: прво, постоењето на Општина Самоков од 1996 година до денес претставуваше еден доказ дека Општина Самоков функционираше и дека извршуваше работи кои што беа во надлежност на општината согласно Законот за локална самоуправа кои што ги даваше ингеренциите на градоначалникот и советот и на таа и на градоначалниците и советите на останатите општини. Меѓутоа, има еден факт кој што во вашето излагање не го спомнавте, а тоа е дека Општина Самоков односно Самоков се наоѓа на 40 км. оддалеченост од Македонски Брод. А, од друга страна предлагате самостојност на Општина Пласница која што се наоѓа само на 10 км. од Општина Македонски Брод.

Значи, ако зборуваме за рурални општини кои што добиваат поттик од градскиот центар тогаш апсолутно не држи вашиот аргумент Општина Самоков на овој ачин ќе има поттик на идниот економски развој и во другите потреби на граѓаните од оваа област, а од друга страна за Општина Пласница велите дека таа самостојно без Македонски Брод може да остварува локален стопански развој. А, таа е на 10 км. Самоков се наоѓа на 40 км.

И кога зборуваме за реалните потреби на жителите на Самоков, како мислите вие тие да одат до Македонски Брод 40 км. за било која потреба или иницијатива која што треба да ја понднесат како жители од тој крај. И, како тие иницијативи ќе може да се реализираат.

Ако веќе се повикувате на бројот на жители, тоа веќе го направивте повеќе пати, меѓутоа и самиот кажавте дека критериумот од тоа секоја општина да има над 5.000 жители тоа е правило кое што не се почитува до крај и од тие причини се создадени нови општини кои што имаат под 5.000 жители. Има шест-седум такви да не ги набројувам сите. Така на пример Конче со 3.500 жители или Карбинци со 4.000 жители, Градско со

3.760, значи сето тоа е во ред. Зошто за едни да може да се примени принципот да може да имаат под 5.000 жители а за други тоа да се покажува како аргумент дека не можат да опстојат.

А реалните, и самите кажавте реалните услови на тоа подрачје по долината на Мала река, потоа со полнењето на Езерото Козјак, планините кои што се наоѓаат таму, фабриката “Самоков” која што и онака се наоѓа во тешка состојба, меѓутоа секако дека претставува еден значаен мотив повеќе за да може оваа општина да опстои.

Оддалеченста која што ја спомнав, значи, не можете да тврдите дека со толкав број на жители, само заради бројот на жителите Самоков не може да понуди нов локален развој.

Исто така се работи за голема површина, се работи за една тенденција на иселување од овој крај, од овој крај кој што директно претставува од етнички аспект гледано чисто македонски крај на кој што навистина треба да му се дадат дополнителни импулси за да опстои како општина.

Со укинувањето на оваа општина единствено што се постигнува тоа е поттикнувањето на натамошното иселување од оваа општина кое што има таква тенденција, од 1994 година кога според пописот имало 2057 жители, во 2002 година овој број се намалува на околу 1.600 жители. Исто така функциите кои што велите, јас не знам зошто не го употребивте тој аргумент и овој пат, дека администрацијата која што функционирала како администрација на досегашната Општина Самоков и понатаму ќе биде превземена од Општината Македонски Брод и таа односно градоначалникот и Советот на Општина Македонски Брод ќе им даваат задачи кои што треба да ги реализираат. Меѓутоа, оддалеченоста од 40 км. од Македонски Брод, уште еднаш е повторам, од една страна, и оддалеченоста  од 10 км. за Пласница која што предлагате да остане општина, а исто така има под 5.000 жители навистина не претставува ништо друго туку различен пристап и различно спроведување на оние критериуми за кои што вие се залагате, барем според она што е запишано во образложението во овој Предлог-закон.

Од овие причини сметам дека Општината Самоков треба да опстои. Јас се надевам дека амандманот 2 кој што е поднесен заедно со овој амандман 1, а кој што ги кажува населените места кои што треба да влезат во Општина Самоков, нема да го толкувате на начин како што го толкувавте амандманот пред два дена, односно завчера, кога велевте, кога се работеше за Општина Долнени, затоа што предлогот се однесува за опстојување на Општина Самоков и ве молам немојте заради технички причини да шпекулирате со јавноста. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Топузова имате три минути реплика.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакам да кажам дека навистина од колегата Блаже Стојановски слушнавме некои аргументи кои што никако неможам да ги прифатам познавајќи ја Општина Самоков, местото каде што се наоѓа и ресурсите со кои таа располага.

Јас се сложувам дека има општини кои што бројат под 5.000 жители, меѓутоа за најголем број од нив се водело сметка покрај другите ресурси за културно историските традиции и значењето кое што тие го имаат. Општина Самоков нема такво значење, морам да ви кажам. Таа е една новонастаната општина, индустриска, за потребите на фабриката за оружје која што се наоѓа во близина на самата населба. Тоа дека е ова нова населба говори самото тоа што и објектите кои што ги има во самата населба не припаѓаат на населбата туку припаѓаат на блиското село Ковач. Потоа, како ќе се стигне до таму. Ќе се стигне по убав асвалтиран пат кој што е направен и кој што е во функција, а местата кои што се предлагаат тука да бидат и да припаѓаат на Општина Самоков а многу потешко во тие населени места се стигнува до населеното место Самоков отколку до Македонски Брод. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Стојановски една минута.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас не знам како можете 40 км. да поминете и да стигнете побрзо отколку ако поминете 10 км. до Пласница која што опстојува како општина. Значи ако оддалеченоста е во прашање, тогаш до Пласница исто така има пат асвалтиран и таму опстојува Пласница како општина и ваму има исто така асвалтиран пат кој што не е баш исти како оној што е накај Пласница, меѓутоа оддалеченоста е 40 км. Исто така Општина Пласница има многу културно историски споменици, па затоа Владата ја предлага таа да опстои.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Илија Китановски.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

И економски далеку поразвиени земји од Република Македонија освен во исклучителни моменти не се обидуваат регионите во сопствените земји каде што се наоѓаат комплекси или делови од тие комплекси од наменската индустрија на еден ваков начин каков што предлага Владата да ги осиромашува пред се, во смисла на бројноста на насселението.

Тоа што господинот Гештаковски спомна дека “Сувенир” Самоков има проблеми, точно е дека таа фабрика има проблеми, но тие проблеми се дел од владината стратегија за еконмскиот бум. Тоа не се проблеми кои зависат исклучиво од вработените и од тоа што тие го произведуваат во своите објекти, а најмалку се должи на квалитетот на она што се произведува, затоа што луѓето таму работат совесно и си го знаат занаетот во струката и нивните производи се квалитетни за што впрочем не само нашите безбедносни сили знаат, знаат и другите каде што тие производи се извезувале. Да не зборуваме дека хидросистемот “Козјак” во иднина треба да претставува повеќенаменски комплекс во Република Македонија не само хидросистемот и што би носел хидросистемот сам по себе, туку и можностите за развој на целиот тој регион. Критериумот дека бројноста на населението е таква каква што е и дека тоа ќе биде единствената причина зошто тие луѓе треба да потпаѓаат под Општина Македонски Брод,

апсолутно е неприфатлив за мене ако не повеќе доволно ми е само тоа што таму е сместен комплексот “Сувенир”.

Доколку ја погледнеме поставеноста на “Сувенир” Самоков, не само на комплексот фабрики туку и на самата Општина на сите ни е јасно, соседните региони, за една таква фабрика бара таа општина да опстојува и понатаму заради повеќе елементи. Самата фабрика нуди можност со проширување на обликот на производи, значи производи кои нема да бидат наменети само за продавање на МВР или за внатрешни, тие сами по себе имаат потенцијал да произведуваат и производи за широка потрошувачка. Значи, тој крај не мора да биде осуден да пропаѓа затоа што можностите кои ги нуди самата фабрика во голема мера ги надминуваат и потребите на работоспособното население така што само во тој сегмент можат да го најдат своето место соглсно нивната стручна подготвеност. Станува збор за еден од ретките еколошки региони во Република Македонија, таму се појавија приватни иницијативи кои се занимаваат, а мислам дека повеќето од нив се насочија и имаат направено рибници и би било апсурдно сега при едни такви, можете да ги наречете скромни почетоци на постепено заживување или барем задржување на некакво екномско ниво, но факт е дека во тој регион има започната приватна иницијатива која му дава можност на регионот да заживее.

И, уште еднаш ќе истакнам доколку Владата уште еднаш си ја преиспита , односно поконкретно Министерството за одбрана си ја преиспита својата политика и својот однос кон сопствената наменска индустрија, тогаш јас верувам дека економското закрепнување на населението и подобрување на нивната балгосостојба ќе се случи многу брзо.

Од тие причини тврдењата дека граѓаните таму ќе ја чувствуваат власта онака како што ја сфаќа Владата на Република Македонија со точките кои таа вели дека ја децентрализира власта во Република Македонија и да ги врзува со Македонски Брод, навистина не можам да ја сфатам особено што таму се наоѓа фабриката за наменско производство. Ако министерот како предлагач почувствува потреба пред извесно време и да го повлече амандманот за Облешево со оглед на тоа какви тензии предизвика овој предлог меѓу локалното население, можеби и господинот Гештаковски треба да размисли од поинакви аспекти без некои посебни образложувања да го повлече и овој амандман

како би дале можност, можеби Владата конечно да излезе и со една поинаква стратегија по однос на сеуште постоечката Општина Самоков.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да бидеме прецизни амандманот не е повлечен, туку е одложен за да се расправа подоцна.

Повелете господине Китановски.

Госпоѓа Топузова бара реплика.

Повелете.

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА:

Се сложувам дека во близина на населеното место Самоков се наоѓа една фабрика кој што е од исклучително значење, меѓутоа, како таа функционираше порано и како сега функционира, не би сакала во тоа да навлегувам. Но, би сакала тука да напоменам дека вработените во таа фабрика не живеат исклучиво во самото населено место Самоков туку најголем дел од нив се од околните села, кои што овде според овој амандман не се приклучуваат кон општината Самоков, како што се на пример, Црешево, потоа селото Модриште кое што се наоѓа на патот и тн.Уште сакам да напоменам, ако веќе растојанието ни е некаков критериум, а притоа ги спомнуваме рибниците, кои што се сега изградени се наоѓаат околу селото Белица, тие се многу поблиску на помало растојание до Македонски Брод, отколку од местото Самоков. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов, 1 минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Можеби почиуваната колешка има попрецизни информации па ги знае оние околу 400 и кусур вработени во Самоков по име, презиме и адреса на живеење, тој луксуз можеби може да си го дозволи затоа што таа сепак има подобра комуникација со Владата, отколку јас. Јас само ќе ја потсетам дека тие не маршираа од 450 домови до Владата односно до главниот град, тие маршираа, одеа пеш од фабриката до Владата на Република Македонија. Тоа јас го имам предвид, затоа што тие на тој начин го изразија

револтот и односот, негативниот однос на Владата на Република Македонија кон фабриката Самоков, која ќе ве потсетам уште еднаш, преставува значаен, важен дел од македонското, национално, наменско производство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трендафилов.

Повелете господине Китановски, а потоа нека се подготви пратеникот Коце Трајановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани колеги,

Сакам да изнесам уште неколку аргументи, покрај овие што беа спомнати од колегите во прилог на понатамошно опстојување на општината Самоков. Навистина, искрено се надевав дека тој предел Поречието, кое што го опфаќа сегашната општина Самоков е можеби еден од најубавите предели во Република Македонија и навистина може да се споредува и по таа аналогија да биде еден од аргументите за негово понатамошно опстојување и со Вевчани и со Маврово и со други прекрасни предели, краишта во Република Македонија, кои што самите себе по своите природни географски карактеристики претставуваат едно богатство и еден природен резерват во Република Македонија.

Значи, добро е што во општина Самоков во изминатите 40 години се изградила фабриката Сувенир, меѓутоа, сакам да кажам дека апсолутно не е фабриката Сувенир единствената или главната причина за постоење на општината и на населените места околу неа. Можеби за зголемување на населеното место Самоков. Добро е што се изградила, затоа што сите други критериуми кои што се спомнати, содржани во овој закон дека тоа една географска целина наречена, еден дел од таа географска целина наречена Поречје, и дека има свои културни, историски белези, дека е една посебна од тој аспект и социјална историско-културна целина, тоа апсолутно е точно. Во многу историски факти, уште пред Илинденскиот период е спомнат како посебен регион а, својот развој исто така го доживува уште во времето на поранешна, не оваа претходната, туку поранешна Југославија или таа првата Кралската Југославија, во коа што е посебна административна

единица и целина. Значи, апсолутно не држи дека нема традиција, нема култура и нема историја како компактен регион.

Во негова близина, како што спомнаа колегите, не само што е новата хидроакумулација Козјак, во негов состав и во непосредна близина на ова општина, што исто така, еден момент за можност за понатамошен развој на општината е и познатиот и прекрасен ловен резерват Јасен, каде се отвора можност и за еден нов вид за наши услови туризам, кој што во другите соседни земји е многу поразвиен ловниот туризам.

Навистина, сметав дека Самоков заслужува да се вброи во овие критериуми и во оние општини кои што благодарение на ваквите критериуми се дел од предлогот на Владата, како што се Вевчани, Маврово, меѓутоа, Маврово како оној регион, кој што претставува само регионот Маврово и некои слични такви региони во Република Македонија, кои што можеби се едни од ретките општини кои што се укинуваат, а не ги исполнуваат економските критериуми кои што се предвидени по број на жители, посебно во седиштето на општината. Меѓутоа, бидејќи, во законот веќе имаме такви исклучоци, а повторно ќе кажам, тоа е навистина еден посебен микро регион кој што сите свои карактеристики и историско културни, географски и социолошки и економски ги исполнува овие критериуми да стане дел од тие општини, кои што како исклучок се предвидени во законот кој што ни е предложен.

Затоа, апелирам и до Владата и до Министерството за локална самоуправа, а посебно до колегите пратеници кои што имале прилика да го посетат овој крај, а оние што немале добро е да го посетат, затоа што навистина има што да видат, барем овде да нема и не би требало да има етнички критериум, кој е буквално присутен во секоја втора општина од Предлог-законот, освен ако е некој политички критериум, затоа што во таа општина градоначалникот или локалната власт е на ВМРО-ДПМНЕ. Ако е тоа критериум, тогаш еве нека остане таа општина и ако треба во неа нека победи СДСМ. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Најдовски, барате реплика? (Да)

Повелете, 3 минути.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Јас сакам да реплицирам на господинот Китановски, но тесно е поврзана дискусијата со Блаже Стојановски и Трендафилов. Служејќи се со аргументи да образложат дека треба да остане општина Самоков, фактички изнесоа аргументи дека општината Самоков треба да се укине. Тоа ќе го потврдам со следново.

Прво, се изнесува во аргументите за опстојување на општината значењето и јачината на фабриката во Самоков.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам господине Најдовски, дали господинот Китановски спомна Самоков.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Ја спомна, како не ја спомна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете,  сум го пропуштил тоа. Тој повеќе зборуваше за историјатот и географските убавини таму.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине претседателе, ова што го кажувам е многу сериозно и е сериозен аргумент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да, многу сериозно е, но ние сега до полноќ ќе работиме, а ќе се убедиме.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Тоа е ваш коментар, но јас сега ќе завршам конкретно. Тие ја спомнуваат фабриката Самоков како многу значаен сегмет и ловиштето Јасен.За да ви докажам дека нудите контра аргументи, тој регион и таа фабрика и тоа ловиште беа многу појаки до 1996 година кога општина Самоков беше во состав на Македонски Брод. Значи, вие изнесувате аргументи, со кои кажувате дека не е тоа причината за да опстане општина Самоков, туку имате некои свои причини во кои што не сакам да навлегувам, туку сакам да ви кажам дека аргументите кои што ги нудите не ви се на место и дека напротив треба

поради тие аргументи и ако така ја браните, тогаш вие сте за укинување на општината Самоков.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Китановски, имате една минута.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Благодарам.

Точна беше вашата сугестија господине претседателе, дека фабриката во Самоков ја спомнав само како континуитет од претходните говорници дека покрај тој аргумент, постојат и другите на кои што посебно ставив акцент, меѓутоа, баш ме интересира во што подобар бил резервоатот Јасен, дали имало повеќе свињи, дивокози, во што бил подобар тогаш, а сега во што е полош. Тоа е ловен резерват, не е претпријатие или фабрика. Тоа не можам да го разберем, мислам тој дел од репликата.

Ќе повторам дека главен аргумент во моето истражување беа географските и историско-културолошките одлуки на тој компактен регион, што е дел или најголем дел од регионоот Поречје, кој е познат и во историјата. Земете ги документите уште пред Илинденскиот или Илинденскиот период па ќе видите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓа Топузова, 3 минути реплика.

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА:

Апсолутно се сложувам дека главен аргумент на гоподинот Китановски беше целовитоста културно-историското значење и географската целина Поречје. Навистина, Поречието претставува една целина која што има 44 селагеографската целина Поречје. Навистина, Поречието претставува една целина која што има 44 села, 44 населени места кои меѓусебно се поврзани не само географски и со природни убавини, туку и со културно-историските традиции. Токму поради тоа, господине Китановски, тие не треба да се делат на две општини. Значи, вака контрадикторна дискусија навистина многу малку сум имала прилика да слушнам. И самите, аргументот кој што го нудите, каувате Поречието, а да ве потсетам дека и топонимот Поречје, значи по течението на реката Треска. Не можеме Самоков да го делима како општина од културно-историски аспект. Навистина, тоа е едно

од најубавите подрачја во Македонија, со оглед на тоа дека апсолутно ги познавам сите населени места таму, меѓутоа, и целокупната историја и култура на тоа место е заедничка, со многу, многу заеднички елементи на фолклорот, етнографијата и етнологијата. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете 1 минута господине Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Незнам во што е контрадикторноста и противречноста во она што го кажав и што го изнесов дека ако биде целиот овој регион под општина Македонски Брод, како што било досега односно до 1996 година во еден период а не и пред тоа дека тоа ќе значи разделување односно нема да значи разделување на Поречието. Општината Македонски Брод се протега до самото село Пласница, ако сте добар познавач, а гледам дека сте, јас сум од тој крај и се сметам исто така за добар познавач на тој крај. Општината Македонски Брод, покрај дел од некои од селата од Поречието опфаќа и други села кои апсолутно не припаѓаат во Поречието и општината Македонски Брод сепак се стеми да биде и е една урбана градска општина, која што нормално сака да се развива како една градска средина и тн.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете Коце Трајановски имате збор, а потоа на ред е господинот Жарко Караџоски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Најпрво, би сакал да му се заблагодариме на господинот Блаже Стојановски и тие што се придружија кон овој амандман за останување на општината Самоков како самостојна единица на локална самоуправа во списокот на единици на локална самоуправа во Република Македонија. Сметам дека би требало да го подржиме овој амандман и во тој контекст би сакал да кажам само неколку работи. Имено, не отстапувам од мојот, нашиот став како пратеничка група да опстанат сите 123 општини,

колку што ги има сега во Република Македонија и напротив дека тие ќе имаат подобар развој во Република Македонија доколку тие бидат, вклучително и општината Самоков.

Сум имал можност преку Скопје, од Скопје преку Козјак, па да стигнам и до Самоков, да го видам тој живописен предел. Меѓутоа, она што се однесува за опстојување на општината Самоков како самостојна единица, сметам дека има огромен простор, голем простор околу 472 километри квадратни површина со 26 населени места и како што кажаа колегите со толку природно богатство на така голема површина, исто така и со фабриката Сувенир која што моите колеги образложија што би значело доколку таа се рестартира. Сметам дека има огромна можност, само зависи од волјата и желбата на Владата на Република Македонија. Веќе сепак таа е фабрика  за специјална намена и мислам дека има добар пазар за нејзините производи, меѓутоа, треба поголем ангажман.

Исто така, би сакал да напоменам тоа што досега не беше напоменато, во претходниот парламентарен состав со донесувањето на Законот за распределба на средствата од Телеком 6 милиони евра беа наменети за патот Скопје-Самоков. Сметам дека треба да се продолжи со изградба на тој пат што ќе биде многу значајно за развојот на оваа општина и за стопирање на миграцијата дури и за враќање на жителите во овие места.

Исто така, сакам да укажам дека општината Самоков на својот совет граѓаните на Самоков на референдум се изјаснија за самостојна општина Самоков. Само би го повторил тоа го кажувам скоро за секоја општина, дека треба согласно на Европската повелба за локална самоуправа на која ние сме потписници да се почитува правото на граѓаните и жителите на постојните општини при менувањето на општинските граници или во овој случај не менување на општински граници. Туку, едноставно е укинување на општината и припојување кон општината Македонски Брод.

На крајот би заклучил бидејќи сметам доколку се укине општината Самоков, тогаш преку Македонски Брод како општина во која што ќе потпаднат населените места од постојната општина Самоков, ќе се забави развојот или ќе има помал развој, отколку општината Самоков да биде самостојна единица на локална самоуправа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Караџовски, а потоа е господинот Трендафилов.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Еве и јас се приклучив кон овој амандман со цел да остане општината Самоков. На почеток морам да изнесам дека општината Самоков е новоформирана општина од 1996 година. И, сега малку ќе поврзам неколку работи. Во 1996 година, иако јас почиуван претседателе не бев пратеник, колку што памтам, тогаш на власт беше СДСМ. Не бевте и вие пратеник во секој случај, меѓутоа овде имаше пратеничка група на СДСМ и Влада на СДСМ кога го поднесе тој закон, каде што се формираа 123 општини меѓу кои и општината Самоков. Тогаш во тој закон беа критериуми на кои што упорно Владата ги бранеше, но за жал тогаш немаше опозиција ВМРО-ДПМНЕ, па можеше многу лесно да ги одбрани. Тогаш критерумите беа повеќе општини во Република Македонија значат поголем развој.

Значи критериумот на Законот од 1996 година беше повеќе општини поголем развој на општините. Да не заборавиме дека пред 1996 година имаше еден друг закон каде бројот на општините беше многу помал и се тргне од таа претпоставка, ако ги ослободиме општините од таа гломазност, од тоа што со таква гломазност не се дава простор на помалите, меѓу кои и на Самоков, да се развиваат, ќе дојде до нивно угушување и стагнација.

Морам да напоменам дека Законот од 1996 година, ние тогаш не бевме опозиција, немавме можност да го критикуваме, можеби ако бевме ќе го критикувавме, не се знае. Меѓутоа, кога станува збор за општина Самоков па и за други општини, тој закон го даде резултатот.

И, конкретно за општината Самоков.

Значи за да не зборуваме напамет, да не зборуваме како што почитуваниот министер сака да каже, апсурно, јас ќе зборувам со факти. Кои се тие факти: Географската положба, нема потреба да кажувам, горе долу ја знаат колегите и ако не ја знаат можат да ја запознаат. Јас ќе кажам тоа што општината Самоков од 1996 година до

денес кога се предлага  нејзино престанување, што таа заради својата самостојност, благодарение на својата самостојност, направило. Ќе кажам што тоа значи.

Прво, направени се повеќе инфраструктурни објекти и тоа изградба на општинска зграда и нејзино опремување. Значи дотогш немало општинска зграда, намало ни општини. Се изработил генерален урбанистички план за Сасмоков, потоа детален урбанистички план за акумулацијата Козјак во која влегуваат Здуње, Близанско, Тажево, Белица. Потоа, урбанистичка документација за населеното место Требовље, Горно Белица. Изградба  на канализациона мрежа во Самоков и Брест. Изградба и асвалтирање на локални патишта за село Битово и село Инче, како единици на Самоков. Изградба и тампонирање на патишта за населените места Ковач, Косово, Рамне, Љупште, Зркле, Звечан. Поправка и одржување на 108 км. локална патна мрежа, изградба на мостови за Ботушје, Калугерец и Рамне. Регулација на Мала река во Самоков. Изградба на бензиска пумпа со пратенички објекти во Самоков. Изградба, на водоводна мрежа за населените места Растеж, Белица, Брест, како и одржување и реновирање на останатите водоводни мрежи. Во тек е изградба на регионален водовод Горно Ботушје, Звечан, Самоков, Зркле, Ковче, во тек е изградба на пречистителна станица за отпадни води во Самоков. Извршено е реновирање на амбулантна станица и Централното основно училиште во Самоков итн.

Што беше општина Самоков до 1996 година, и дали додека беше во општина Македонски Брод општина Самоков ги имаше овие инфраструктурни објекти. Одговорот е не. Сега пак ако направиме споредба со периодот додека општината Самоков беше во рамките на поранешната општина во Македонски Брод и нејзината самостојност, разликата фигуративно кажано е 1:100. Ако тогаш бил реализиран еден проект, сега се реализирани 100 проекти. Се тоа го зборувам како аргумент врз основа на кој Владата се повикува дека се потребни оправдани аргументи кога ние аргументирано зборуваме односно апстрактно зборуваме или апсурдно зборуваме или апсурдно поднесуваме амандмани, зошто предлагаме таа општина да остане. Значи, ако ова не е показател дека благодаррение на тоа што општината Самоков била самостојна и покажала развој, тогаш

каде е логиката ако некој се развива да го затворите во еден прстор каде што веќе претходно бил и не се развил.

Сега да не заборавиме пак овие показатели во какви услови се правени. Сите почитувани колеги знаете дека до носењето на овој закон, главното финансирање и главната изградба на сите овие инфрастурктурни објекти се вршела од локалната каса. Се поставува прашањето како таа локална каса се полнела. На сите ни е јасно како се полнела локалната каса, со оние приходи што биле во рамките на оваа постоечка законска регулатива.

Да не заборавиме еден многу битен податок. Овој закон за територијална организација, или популарно наречен територијална поделба што е најадекватен израз, се носи во пакет со законите за финансирање на единиците за локална самоуправа што е пак многу поразличен од она што досега е, а во што е разликата ќе зборуваме кога ќе дојдат тие закони. Сега ќе кажам само на кратко. Разликата е во тоа што општините добиваат, врз основа на законот за ДДВ, Закон за персонален данок итн., многу повеќе средства, поточно добиваат средства со кои сега сами ќе располагаат. Сега, тука, е она прашање. Ако во услови кога немале такви средства, кога и она што го собирала од таа општина па и друга општина, значи во услови кога општина Самоков собирала приходи врз основа на постоечките закони и ги дистрибуирала тие приходи во рамките на Централниот буџет, а од тоа не добивале ништо, таа направила таков развој, што кажав сразмер 1:100.

Сега во услови кога од Централниот буџет ќе се слеваат пари по блок дотации и плус она што го кажав, во општината Самоков ќе доаѓаат повеќе средства што е пред знак, услов и предуслов дека општината Самоков ќе има уште поголем раст. Сега на тоа ќе го додадеме следното:

Општината Самоков претставува една географска целина со површина од 472 км2, чиста еколошка средина. Општината располага со голем шумски фонд, богата е со мермери, и други природни богатства. На просторот на општината се протега идната акумулација Козјак. На овој простор се наоѓа еден многу важен стопански капацитет, фабриката Сувенир, како и други  дваесетина мали и средни претпријатија. Крајот е богат

и со други природни богатства и е погоден за лов, риболов и туризам. Изградбата на акумулацијата Козјак и регионалниот пат Р-104 Самоков-Скопје, отвора можност за развој на стопанската комуникација и стопански капацитет. Со отворањето на тој патен правец се верува дека ниту еден жител повеќе нема да оди кон Македонски Брод, туку комуникацијата ќе се насочи кон Скопје, Скоје, со Сарај и Кондово.  Значи, сето тоа што претходно го зборував, кога ќе се додадат и овие природни редсурси, е во прилог на тоа што сакам да кажам дека општина Самоков има апсолутна предиспозиција да остане како самостојна општина.

Гледано од економски - финансиски аспект општината Самоков ќе стане моќна и ќе може сама од себе да се финансира. Тоа е економски критериум, што, кога се прави една територијална поделба треба да се земе предвид. Од тој аспект, ќе наведам само неколку моменти. Значи, дел од персоналниот данок, дел од ДДВ и другите форми на самофинансирање даваат за право да се тврди дека таа ќе биде економски моќна. Ако се наведе фабриката Сувенир, акумулацијата Козјак, малите и средни претпријатија, викендиците кои поради огромниот интерес, за просторот покрај акумулацијата Козјак ги има преку 3000, експлоатација на шуми кои годишно изнесуваат преку 30 иљјади м3 дрва. Значиу се гарантира сигурен опстанок и развој и успешно работење на општината Самоков.

На крај да заклучам, општината Самоков ги исполнува сите услови за опстанок. Спојувањето со Македонски Брод, јас го гледам исклучиво како политичка цел за укинување на општината во која на локаните избори во 2000-та година победи ВМРО-ДПМНЕ.

Се прашувам, како може да опстане општина Пласница без ниту еден стопански објект, некоклу квадратни километри, оддалеченост од Македонски Брод 8 км, и повеќе други такви општини. Сметам дека опстанокот на општината Самоков, покрај сите овие наоди што ги истакнав е гарантиран и не би имало никакви дилеми, освен оние политички, кои ова Влада ги прави.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Караџоски.

Повелете г-дине Трендафилов, вие сакавте да дообјасните нешто, бидејќи тогаш како реплика не можев да ви дадам збор бидејќи беше контрареплика.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во ред.

Се јавив повторно за збор, затоа што особено г-динот Најдовски се обиде да инсистира на постоењето или непостоењето на општината Самоков, врзувајќи го исто како мене економскиот развој на таа општина со фабриката за наменска индустрија, Сувенир-Самоков. Но, има една основна разлика. Вие г-дине Наједовски се потпревте исклучиво на тоа, а тоа што релано може да се произведува таму и тука се повикавте на периодот 1992 - 1996 година, ако добро ве разбрав, но тогаш, мора да прашате некој друг, што се е произведувано во Самоков, е продавано од Самоков. Значи не можете да барате одговор од нас. Побарајте од таа Влада, каде се продаваат проиводи од Самоков.

Ако внимателно ме слушавте јас се повикав, дека таа фабрика како потенција има можност, да се занимава со производство за широка потгрошувачка, да може да ја прошири лепезата на своите производи, далеку повеќе отколку што е сега, што воглавно е врзано за воената намена. Ако сакате да инсистираме во основата, бидејќи станува збор, сепак во овој момент за наменска индустрија, овој начин со севкупниот начин на однесување на Владата на г-динот Косов, во последните две години Сувенир - Самоков е соочена со најголемите.. .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трендафилов, мислам дека доодговоривте, ако сакавте да одговорите, иако тоа беше реплика. . .

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Тоа е збор, сепак.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Знам, ама во форма на реплика. Ако зборувате, зборувајте за Самоков.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Сега веќе продолжувам и од поинаков аспект на економските можности,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, кажете аргумент зошто треба да остане.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Зборувам за аргументи.

Значи, ако не постоеја овие причини, овој ваков однос, ние немаше да се соочиме, сега да размислуваме дали општината Самоков ќе постои или нема да постои. Ако ние како држава што во овој момент конкретната одговорност е на СДСМ и неговите коалициони партнери, ако се води ваков третман, вчера имавме расправа за Конопиште, таму ги истакнувавме предностите кои таа територија ги нуди, како гранично подрачје. Денес, имаме на дневен ред општина која во себе содржи можности, за економско заживување на тој регион. Ние, со овој начин, зо оваа политичка филозофија која е на дневен ред, се обидува да ги иселуваме луѓето, да ги пасивизираме, во секоја смисла на зборот одредени региони од Република Македонија и потоа, да речеме после 10 години можеме да се јавиме со предлог дека општина Македонски Брод ниту има доволен број жители, ниту постои економски потенцијал таа како општина да постои.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте за Самоков г-дине Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

За Самоков зборувам г-дине претседателе,

Сега на дневен ред е општина Самоков. Како што рекоа некои колеги да и се обидувате од 2 сиромаси, да направите богат човек. Нема да успеете. И општина Самоков и општина Македонски Брод имаат можност подеднакво, значи ги имаат тие минимум шанси тие подеднакво да се развиваат. Јас не можам да тврдам, како што тврдат претставниците на Владата дека тие ќе имаат 100% успех, но не сакам истовремено да тврдам како што тврди Владата дека општина Самоков нема да има никаков успех. Г-дине Караџоски, зборуваше што се направено од 1996 година. Јас не навлегувам ниту ме интересира дали градоначалникот или Советот или незнам

претставниците на локалната власт биле од оваа или од онаа партија. Факт е дека оној основен човечки мотив дека секој сака да даде белег на својата индивидуалност, ги покажа токму резултатит ена Самоков, скромна со број на жители, скромна можеби со капацитети,во овој момент, но богата по своите потенцијали да се развива. Ние сега излегуваме со еден прдлог во едно исклучително интересно опкружување, можеме да ја развиеме дискусијата околу таа насока и околу демографскиот развој, структурата на населението и во општината и во околните општини, бидејќи гледам дека можеби се инсистира да се развива во тој правец. Мене ме изненадува повеќе нашиот однос кон овие дискусии. Јас се обидувам да бидам коректен и да се држам до она што вие инсистирате да биде предмет на разговор. Ако сакате можеме да разговараме и во поинаква конотација, не верувам дека вие тоа намерата г-дине Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас воопшто не ве скратив, јас ви дадов збор.

Г-дине Блаже Стојановски имате збор повторно.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Сакам само да дополнам уште нешто .

При првото излагање кажа дека Самоков е оддалечено 40 км. Меѓутоа имате села кои сега се наоѓаат во општина Самоков, кој се оддалечени до 15 км, од самото населено место Самоков. Тие села ќе бидат оддалечени од Македонски Брод цели 55 км. Зборуваме дедка Македонски брод како градски центар треба да се грижи за изградба на водоводи, за подигање на сметот во тие населени места. Ако е тоа така, тогаш сметот треба да се дига со возила. А, возилата треба да поминат во два правци 110 км за тие села да бидсат исчистени од сметот што го имаат. Значи ако зборуваме за реализација на вистинските потреби, на граѓаните на општина Самоков, тогаш треба да се имаат предвид буквално сите аспекти. Овде по се излгеда поважен е некаков етнички или незнам каков политички критериум освен она што реално треба да го работи општината, а пред се општината и понатаму нема да ги врши оние надлежности што ги имаше и досега, и надвор од тоа има и многу нови надлежности кои се однесвуаат на изградба на амбуланти итн.

Ако зборуваме за областа на образованието и да правиме една споредба, општина Самоков, има основно училиште. Општина Пластица има исто така основно училиште, општина Самоков има фабрика во која работат 450 луѓе, општина Самоков има рибници, општина Самоков има можности за туризам и рекреација кои се јавуваат со полнењето на езерото Козјак, има ловиште, кое беше спомнато и кое што може да остварува приходи затоа што не е поентата дека до 1996 година имало, сега нема, затоај што од 1996 година наваму општината немаше буквално никакви ингеренции да влијае на стопанисувањето со ловиштето и тоа треба да биде предмет на решавање во однос на идните ингеренции на локалната самоуправа и во однос на можностите за прибирање на приходи за нејзино функционирање.

Значи зборуваме за децентрализација. Тогаш сите видови на приходи да бидат достапни барем до општината, со цел да може да ги остваруваат своите надлежности. Затоа, ако зборуваме споредбено општина Самоков единствено што има помалку од општина Пласница тоа е 1000 жители. А и едната и другата општина се под 5 иљади жители, тоа што се наведува како критериум од кој што се поведува Владата. Значи апсолутно Владата не водела сметка за некакви правилни критериуми, туку единствено водела сметка дека општина Пласница како таква некој од таму извршил политичко влијание и заради тоа таа морала да опстои.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

На зборуваме за општина Пласница.

Споредбата како Пласница мислам дека беше доволна.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Претседателе ако зборуваме парламентарно вие не можете да ме спречите општината Самоков да ја споредувам со било која општина, како што исто така има слични карактеристики, општина што е рурална и едната опстојува како општина, а другата се укинува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кажете ми колку општина Пласница досега има приход и согласно законот колку општина Самоков досега имала приход.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Тоа ќе ви го кажам, кога ќе ги добијам тие податоци од страна на Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Спремајте се за расправа.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Не е сега целта да дебатираме меѓу себе. Меѓутоа, се прашувам дали економските, еколошките и сите други потенција кои ги има Самоков заедно со езерото на браната Козјак, не се доволен аргумент за привлекување на нови  жители, кои што ќе сакаат да ги користат овие потенцијали. Слушнавме дека таму се града викендички, тие викендички треба да се градат соглансо урбанистички планови. Тие урбанистички планови подобро да се носат во Самоков или во општина Македонски брод, или самото инфраструктурно уредување, канализациони мрежи, загадување за една еколошка средина, која што сеуште не е загадена, кој ќе се грижи за зачувување на таа еколошка средина, ако нема општина која што е дирекно присутна таму, или градоначалникот на Македонски Брод секој ден со колата ќе патува 100 км за да види какви се тие состојби. Навистина нема никаква логика предлогот за укинување на општина Самоков. А тоа ќе има последици кои што ќе се однесуваат на понатамошното иселување на жителите и се остава голем простор за диво населување на оваа територија која што ќе биде привлечна и заради браната и заради шумските богатства, реката е тука итн, и на тој начин има еден голем простор за најразновидни узурпации и најразновидни штети што можат да се предизвикаат, не само по однос на околината, туку штети кои што можат да значат и вештачко етничко прекројување на оваа општина. Затоа што ако ја видите картата ќе видите дека еден добар дел од општините со кој што се граничи се со чисто албанско население.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и ги повикувам пратениците да влезат во салата. Ќе пристапиме кон гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Повелете процедурално господине Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Благодарам претседателе,

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

Со оглед на тоа дека расправата по амандманите доста бавно се одвива, односно динамиката е многу забавена, а согласно членот 64 ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шапуриќ јас можам да завршам со гласањето а потоа ќе ви дадам процедурално.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Се работи за следното. Во моментот на гласањето имаме гласано 58 пратеници. Вие после тоа утврдувате колку гласале во моментот на гласањето. Сакам да ми објасните на кој начин ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Воопшто не сум утврдил ниту сум го прочитал резултатот.

Го повторувам гласањето.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 6 за амандманот, воздржан нема, 58 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Повелете господине Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитувани колеги пратеници,

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се корегирам, вратете го резултатот Ве молам.

6 гласале за, воздржани нема, 58 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Повелете сега господине Шапуриќ.

Внимавајте кога барате процедурално.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Јас внимавав, меѓутоа опозицијата бараше три пати да се пребројуваме, иако беше очигледно дека доволен број на пратеници беа присутни во салата. Токму поради ваквите опструкиции согласно членот 64 од Деловникот став 4 каде што стои дека седниците на Собранието се одржуваат од 10,00 до 17,00 часот предлагам Собранието да донесе одлука денеска да работиме и после 17,00 часот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прво да видиме дали има поддршка од 10 пратеника.

Предлогот на господинот Зоран Шапуриќ на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеника, 53 гласале за, воздржани нема, 3 против.

Ги молам службите да го констатираат бројот.

Во салата во моментот на гласање беа 67 присутни пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Повелете господине Трајановски имате процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

За две работи се јавувам.

Првото беа 56 пратеника и според тоа барам поединечно да се гласа да видиме претходно сите тие што влегоа да излезат бидејќи беа плус, минус пет од претходните гласови. 60 треба да бидат.

Согласно член 94 барам поединечно гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски од 56 до 40 знаете ли колку има.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Немате кворум ви треба 61 пратеник заради одлучувањето. Не се работи за 40.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас ги избројав присутните 67.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Барам поддршка од 10 пратеници да се гласа поединечно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа не го прифаќам затоа што не е во Деловникот.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе по Деловникот на вас ви се потребни 61 глас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Потребен број на гласови е над 40. Имаше 56 гласа. Тоа е голема разлика.

Објавувам пауза од половина час.

(Пауза од 16,30 часот)

(По паузата седницата продолжи во 17,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Претставниците на Владата исто така да влезат во салата.

Повелете господине Коце Трајановски за процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, јас процедуралното го барав уште пред гласањето за продолжување на седницата, се со цел би сакал да предупредам особено се однесуваше до Вас како претседател на Собранието на Република Македонија, уште еднаш да напоменам дека со писмо побарав поради партиски активности, околу организирањето на 101-Годишнината од Илинден, ние како ВМРО-ДПМНЕ бараме ова Собранието да работи до 17,00 часот. Тоа можеби не е деловнички регулирано, меѓутоа секогаш било пракса, кога поради партиски активности одредена пратеничка група ќе побара таков прекин кој што сметам дека е нормален не е тоа во 12,00 часот преку денот и било излегувано во пресрет. Ова е прв пат одредена пратеничка група да бара такво прекинување да не биде тоа задоволено и сметам дека се прекинува една пракса која што беше добра во Собрнието на Република Македонија, иако понатаму некоја друга пратеничка група бара прекинување, јас не знам како ќе го образложите тогаш.

Значи уште еднаш јас би сакал Вие како претседател на Собрание согласно на писмото кое го упативме до Вас уште вчера, оваа седница да ја прекинете поради нашите партиски активности околу организирањето на оваа манифестација.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски тука не можам ништо да ви помогнам, мнозинството гласаше да продолжиме и јас по Деловникот треба да го почитувам правото на мнозинството.

Повелете г. Трендафилов процедурално.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Јордановски јас имам еден предлог претпоставувам имам поддршка и од г. Зоран Шапуриќ кој е еден од поактивните пратеници во оваа дебата по амандманите оваа седница да трае до 20,00 часот, а потоа да закажете пратенички прашања и на овој начин овие три часа да ги искористи Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа не е процедурално, тоа е предлог и ние се изјаснивме за продолжувањето.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Ставете го на гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 63-а по точката 63 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Господине Трендафилов јас не можам да ставам нешто на гласање кога е веќе изгласано спротивното од ова што вие го барате.

Го молам министерот да влезе во салата.

Господине министре Ве молам да се изјасните по амандманот на член 10 под б) за додавање нова точка 63-а по точката 63 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуваниот пратеник Ѓорѓи Оровчанец предлага сега еден логичен амандман за разлика од претходниот. Општината Ростуше да продолжи да постои како самостојна

општина додека во предлогот за донесување на закон и во овој предлог закон општината Ростуше територијално е организирана заедно со општината Маврови Анови и се нарекува општина Маврово, со тоа што во Предлогот за донесување на закон седиштетот беше во Маврови Анови, а сега седиштето е променето со Предлогот на законот во Ростуше и така оформената општина Ростуше има околу 9451 жител со седиште во с. Ростуше околу 882 жители. Во тој дел ги исполнува услови и во делот на самостојно функционирање по дел на параметрите, особено финансиските средства. Но предлогот кој е пред пратениците со оформување на една општина Маврово претставува една природно географска целина со досегашниот дел на обединување на територијата на Ростуше и Маврово која ја обединува долината на реката Радика и со висорамнината Маврово и како што е познато тоа го прави Националниот парк Маврово кој претставува бисер не само во Република Македонија туку и во Европа по природните реткости и неговото уредување и заштита.

Во ова подрачје на општината Маврово гравитираат околу 35 селски населби во кој врз основа на нивниот развој и врз основа на спецификите и Законот за национални паркови и Националниот парк Маврово во својот развој, треба да обединуваат одредени специфичности, согласно законот и согласно режимот на Национален парк. Затоа предлагаме во делот на натамошното функционирање да опстои оваа општина заедно а господинот Оровчанец предлагајќи го овој амандман во одредени рамки ги исполнува и барањата и консултациите со граѓаните на општина Ростуше, но во тек на расправата по Предлогот на закон до Министерството за локална самоуправа пристигна барање од граѓаните на Ростуше поточно од Советот на општината Ростуше потпишана од претседавачот Черкез Јакуповски со кој вели граѓаните на општина Ростуше би се согласиле и согласуваат да опстои и да се задржи предлогот заедно да функционираат општината Ростуше и Маврови Анови со тоа што го задолжија пратеникот од нивната изборна единица да поднесе амандман со тоа што општината Маврово називот да се промени во општина Маврово Ростуше и делот на одредени населби кои од општината Ростуше се пренесени во општината Дебар да се повратат на територијата на Ростуше, а тоа е селската населба Скудриње.

Од овие причини кои ги изнесов амандманот на господинот Оровчанец не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Овој предлог амандман министерот го оцени како сериозен и јас како што почна да дискутира мислев дека ќе биде прифатен.

Јас не би се задржувал на елементи кои што министерот ги истакна во смисла на критериумите на Законот за територијалната организација дека практично самата општина Ростуше ги исполнува условите. Јас би го замолил министерот да го погледа уште еднаш амандманот, а за колегите пратеници би го прочитал дека тоа е член 10 по точка б) по точката 63 се додава нова точка која гласи 63-а општина Ростуше со седиште во село Ростуше. И амандман ИИ,  кој се синхронизирани амандмани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе дојде на ред амандман ИИ.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Образложението практично за двата амандмани е исто, затоа што целта е една. Амандманот практично го поднесувам затоа што сметам дека Ростуше не треба да биде во состав на општина Маврово, односно дека треба да биде посебна општина и што се однесува до критериумите очигледно е дека со министерот тука имаме исто мислење. Тој смета дека критериумите се исполнети и јас сметам дека се исполнети и дека не треба да ги набројувам, меѓутоа би се задржал на два елементи за кои сметам дека не беа спомнати а до кој треба министерот да се придржува. Треба да се придржува до Уставот и законот во кој се вели дека практично редефиницијата или реорганизацијата нова итн би требало да биде во согласност со локална самоуправа.

А истовремено да ја почитува и Европската конвенција за локална самоуправа, каде изрично се налага дека треба да биде почитувана волјата на граѓаните.

Ако се исполнети критериумите, тогаш би требало да се почитуваат и овие работи за да можеме да зборуваме дека имаме прав однос спрема територијалната организација.

Меѓутоа, за да исправам министерот, ќе ги прочитам заклучоците на Советот односно тоа не е исправање туку дополнување, затоа што некои елементи беа прескокнати.

Како прво се наведува дека Советот на општина Ростуше бара целосно прифаќање на резултатите од спроведениот референдум во општина Ростуше со тоа што со новата територијална организација да се предвиди постоење на општина Ростуше со седиште во Ростуше.

Под точка 2 е она што министерот го спомна, а тоа е до колку не дојде до нивното примарно барање, Советот на општината бара во новото име на општината да се содржи и зборот Ростуше.

Под третто, Советот на општина Ростуше бара селото Скудриње да остане во постојната општина, бидејќи географски, историски, катастарски, административно и економски од секогаш припаѓало на поранешната општина Гостивар, а потоа има новоформираната општина Ростуше а не да оди под општина Дебар, со што би се извршила дискриминација на волјата на 3500 жители од ова село.

Како доказ за ова е практично и референдумот кој го имам овде и каде се гледа дека практично во тој референдум на месната заедница односно село Скудриње тие се изјасниле за овој предлог со 93% позитивно.

Понатаму, Советот на општина Ростуше ги известува пратеничките групи и до колку горните заклучоци не се реализираат Советот на општината и градоначалникот пред Собранието ќе организираат граѓанска непослушност и протест.

Денеска бевме сведоци во една ситуација околу амандманот за Облешево дека по жестокото спротивставување на жителите од Облешево за зачувување на нивната општина и референдумот што го спровеле дека има извесно ретерирање кое така изгледа, може да биде маневар за добивање на време на министерот за да олабави притисокот на Облешево, меѓутоа, очигледно е дека овде на пример воопшто не се

почитува и покрај она што можам да забележам дека има крајно позитивен став министерот во однос на параметрите и критериумите по кои општината би можела да функционира.

За да не ги набројуваме тие факти, а овде ги имаме напишано многу, јас ќе побарам од вас да се држите до Уставот на Република Македонија и до Европската конвенција и да дадете можност да го прифатите овој амандман односно пратениците да го излгасаат за да добиеме општина по критериумите и наши и на Европската конвенција за локална самоуправа, па г-дине претседателе на Собранието, за да ја разбиеме малку монотонијата, вие до сега се деклариравте дека сте вие Собранието, се надевам дека нема да еволуирате понатаму во ова, ако земеме во предвид дека Собранието е претставнички дом на народот дека утре нема да се прогласите дека вие сте народот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам на комплиментот по однос на мене.

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Г-дине Оровчанец, потполно го почитуван Уставот, потполно го почитувам Законот за локална самоуправа, потполно ја почитувам Европската спогодба за локална самоуправа, можеби вам ви е позната можеби не, ќе ве замолам она што го кажав на почетокот, немојте да наметнувате одредена атмосфера, немојте да предизвикувате она што се случило во Облешево и да прејудициратеЈас кажав што се случува во Облешево со локални проблеми во интерес на граѓаните и консултации со граѓаните. Најотворено ќе кажам врз основа на фактите и во делот на територијалната организација и во делот на седиштата ги почитуваме консултациите и Облешево и Чешинови и ќе понудиме решени во интерес на граѓаните и немаше никаква потреба да влегувате и укажувате, а јас сакам да ви укажам на она што цитиравте, јас сум министер а сум бил и пратеник многу повеќе од вас и јас ги имам пред мене заклучоците.

По овие заклучоци сум се сретнал пет-шест пати со претставниците на Ростуше, сум разговарал и немаше потреба да кажувате дека би дошле пред Собранието. Ако тие

сметаат, нивно право е да дојдат и да го изразат својот револт, но во рамките на законите. Вие немојте да ги поттикнувате и укажувате.

Најотворено и најреално сакам да укажам со овој амандман вие ништо не коментирате она што го кажало Министерството и Владата и делот на природната, географската целина Ростуше, Маврово, Радика како природни бисери, национален парк Маврово со 35 населби, тоа ништо не спомнувате за една целина.

Вашата цел со овој амандман е јасна, не се грижите за интересите на Ростуше, вие сакате преку тој дел да наметнете една атмосфера. Подобро да напишевте општината Маврови Анови да продожи да функционира, тогаш ќе ви ги кажев другите аргументи. Кажете тоа што го мислите јасно и гласно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Прво, ова е заклучок кој е доставен до министерот, тоа не е мој повик, тоа е заклучок на граѓаните и не мислам да трпам обвинување и сугестии во таа смисла.

Втора работа, што се однесува до Маврово, ние имавме амандман за Маврови Анови кој беше прескокнат овде, со тоа сакам да дефинирам дека ставот околу општината Ростуше и општината Маврово, мојот, а се надевам и на повеќето пратеници од опозицијата е овие општини да бидат самостојни како што беа до сега и дека има разлика во нивната креација затоа што Маврово, пред се, како општина треба да ја дефинираме како туристичка општина која сосема друга димензија може да има на развој во однос на другиот регион, за кој зборува министерот.

Мислам дека на тој начин и двете општини ќе имаат подобар еволутивен развој.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Коцевски имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Спиро Мавровски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да се вклучам во дискусијата околу тоа општината Ростуше и понатаму да опстојува како самостојна општина во рамките на единицата на лоиалната самоуправа на Република Македонија .

Што се предлага со овој амандман? Со овој амандман се предлага општина Ростуше да биде со седиште во село Ростуше (го опоменаа дека селото се вика Ростуша, па пратеникот во натамошниот текст употребува час Ростуша час Ростуше)

Што е тоа што е предложено во Законот за територијална поделба на Република Македонија и што се разликува од овој амандман?

Во законот се предлага да биде општина Маврово со седиште во село Ростуше, со тоа на некој начин или директно се прави спојување на двете постојни општини, општината Маврови Анови и општината Ростуша во една општина при што од едната општина се зема името, а во другата седиштето на општината. На некој начин и двете во некои услови се задоволени. Меѓутоа, мислам дека не е така, тоа е само навидум, имено, општината Ростуше со седиштето во новоформираната општина Маврово со седиште во општината Ростуша на некој начин си ја исполнува својата цел да биде како посебна општина, единствено што само името не фигурира, тоа може понатаму да се промени многу полесно со тоа што има поголем број жители во однос на општината Маврово и тука сметам дека градоначалникот ќе биде од граѓаните кои се жители на општина Ростуше, значи единствено на овој начин со новиот предлог општината која губи тоа ќе биде општината Маврово. Маврово е од постојната општина Маврови Анови поради што има помал број на жители таа на некој начин ќе биде мајоризирана.

Инаку, да напоменам она што кажа министерот практично ние како пратеничка група се залагаме да постојат двете општини и општина Ростуша и општина Маврови Анови.

Зошто треба да постои општина Маврови Анови по издвојувањето на општината Ростуша од ова практично би постоела и општина Маврови Анови е поради следното:

Сметам дека таа е една од поголемите општини во Република Македонија, по просторот, уште се именува како подрачје Горна Река со 25 населени места со 1700 жители ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трајановски зборуваме за општина Ростуша, а не за Маврови Анови.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, се менува општината Маврово со амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте за амандманот каде пишува дека општина Ростуша со седишта во село Ростуша.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Јас објаснив како се сврзани општината Маврово и општината Ростуше затоа сметам дека треба да ми дозволите, особено што по претходниот амандман ..

ЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Но, почнавте да зборувате колку Маврово има села, зборувајте колку села има Ростуша.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Сакам да укажам на оправданоста со која бараме општина Ростуше да биде самостојна општина, бидејќи делот што останува ќе биде постојната општина Маврови Анови.

Сметаме дека таа треба да остане поради тоа што има можности, аргументи за нејзиното опстојување и еден од основните аргументи ќе биде туризмот во општината Маврови Анови особено зимскиот туризам, бидејќи знаеме дека на тој начин ќе има големи средства во зимскиот период и има сместувачки капацитети со многу хотели.

Значи преку туризмот, сточарството сметаме дека оваа општина омже да опстане, а има и стретешко значење за Република Македонија. Да го спомнам националниот парк Маврово кој е од огромно значење за нашата држава и сметам дека со издвојувањето на општината Ростуше како посебна општина би можела да егзистира и општината Маврови Анови. Таа впрочем егзистираше и овие 8 години и успешно егзистира и затоа бараме да се прифати овој амандман и општината Ростуше да си остане во овие граници што ги предлагаме, а со тоа да остане и општината Маврови Анови.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во досегашната расправа многу често г-динот министер и колегите пратеници од позицијата говорат за принципи и начин како се придржувале за остварување на оваа територијална организација или територијална поделба.

Но, тие принципи од амандман до амандман гледаме дека се менуваат. Еднаш кажувате дека биле инфраструктурни, дека тука можело побрзо да се стигне до определеното место и кога ние како опозиција ќе ви кажеме дека се потребни 55 км. за да го реализираат новото право , вие кажувате дека патот е асфалтиран. Некаде асфалтиран, некаде нема ни престава , ќе треба да се помине низ две општини за да се стигне до одредено место.

Од друга страна  денеска слушнавме дека опозицијата се борела и тие градоначалници имале локален интерес поради големите финансиски ефекти и можноста да се постигне нешто. Г-динот министер упорно кажува дека тие општини, барем во поголемиот број за кои говоревме до сега, имаат од 20 до 30 иљјади евра максимални средства кои градоначалникот на таа општина се офајдил и премногу.

Но, сега би сакал, а моите колеги пред мене говореа за општината Маврови Анови и Ростуше, а г-динот министер објасни како е направен еден конгломерат од две општини да направиме една општина која ќе се вика Маврово, но со центар во Ростуше. Сега

малку непојмливо и неприфатливо за тие луѓе и за нас воопшто затоа што Маврово го сваќаме како една територијална целина и би сакал за еден детал од сето ова, не би сакал да говорам ни како Маврови Анови како национален парк како туристички центар што ги има еден од најдобрите во Република Македонија и сето тоа сакаме да им го земеме, но ќе проговорам сега нешто друго што се надевам дека г-динот министер ќе може да го објасни.

Се работи за ова. Новата територијална поделба не само што не се базира на никакви социоекономски, географски, историски, културни или било какви други критериуми, туку напротив во случајот на општината Маврови Анови тотално ги негира овие критериуми или новата општина Маврово. Зошто? Најдрастичен пример за ова е одземањето од сегашните граници на селото Бродец и припојување кон општина Гостивар. Ова населено место е на 25 км. од општинскиот центар Маврови Анови, а Гостивар е оддалечен 25 км. од ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Мавровски зборувајте за општина Ростуше не за Маврови Анови.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Зборувам за Ростуше.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте за општина Ростуше и кажете колку е Бродец од центарот на Ростуше оддалечено, ако сакате тоа да го спомнувате.

СПИРО МАВРОВСКИ:

За да се стигне до него преку општина Ростуше или преку Маврови Анови се минува низ селата Врбен, Богдево и Кракорница кои со новата територијална поделба ќе бидат дел од новата општина Маврово со Ростуше како центар на оваа општина Маврово, што кажав уште еднаш дека за граѓаните е неприфатливо, а селото Бродец се припојува кон Гостивар.

Колку за информација, ова село иако нема многу жители е интересно по тоа што има најголема катастарска општина во Македонија која зафаќа површина од 138 км,2, и го зафаќа изворишното сливон подрачје на Радика.

Покрај тоа, оваа територија е погранична и го зафаќа тромеѓето Косово, Албанија и Македонија. Зошто ни е потребно ова населено место да припадние на општина Гостивар се прашуваме и само можеме да нагаѓаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега г-дине Мавровски почнавте и за Гостивар да зборувате. Се извинувам  но овде е прашање за Ростуше, ќе ве прекинам, држете се амандманот по текстот на законот. Почнавте со Ростуше, Маврово а сега Гостивар.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас знам дека сте цело време присутен тука во салата, имате многу амандмани и концентрацијата ви опаѓа, очигледно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мене не ми опаѓа концентрацијата.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Ќе ви кажам една работа. Знам многу добро за што говорам и не сакам да ме прекинувате затоа што Бродец е токму од новата општина и се одзема од општината Гостивар. Што е тука дискутабилно да не говориме за Бродец затоа што е клучното место се одзема едно тромеѓе, едно село од таа општина Маврово, кој е договорот, јас многу јасно прашувам  и очекувам ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За општина Ростуше зборуваме.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Па за Ростуше зборувам претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Па вие зборувате за Маврово, зборот не ми личи на Ростуше.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Изгледа вие не знаете што се случува таму. Се прави нова општина Маврово во која влегуваат Маврови Анови и Ростуше и за што да говориме, да почнам за Битола.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Концентрација малку, благодарам.

Значи, не е проблем ниту структурата на тоа село, бидјеки има многу малку луѓе, но се работи за површина и територија што е многу клучна. Стратешки многу клучна. Сега, многу едноставно прашање, што го принуди министерот ова  село да го извади од оваа општина Ростуше или Маврово или Маврови Анови и да го приклучи кон општина Гостивар. Јас сега би прашал дали тоа влезе во тој пазар генерален или ќе ме убедите дека има  некој подобар асфалтен пат од таму за да се стигне од Бродец до Гостивар, а не може да се стигне до Ростуше или до Маврови Анови? Да не го возбудам претседателот.

Очекувам одговор г. министре да ми објасните за што се работи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има министерот за локална самоуправа. Се надевам дека ќе даде објаснување, повелете.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Мавровски, од никого не се зема , ниту некому се дава. Се прави нова територијална организавција во делот на користење на просторот. Колку што јас вес ве разбрав, можеби погрешно , но така дека врската Маврови Анови-Ростуше, поврзувањето и тој дел не би функционирал добро и врз основа на вашите укажувања, можеби погрешно ве разбрав, сметате дека Маврови Анови, Маврово припаѓаат повеќе на Гостивар. Мислам дека тоа сакавте да го кажете во вашето укажување.

Инаку, ниту се зема од некого територија ниту некому се дава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута г. Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине минситре јас бев конкретен и ве прашав, ова село беше токму во овие општини и вие не дека го земате, цртате карти и пред нас имаме карта каде што ова село повеќе го нема во тие општини. Сега е во општина Гостивар. Јас ве прашав што е причината, инфраструктурно , економски, материјално, морално, одговорно, кривично, незнам кое е вашето право за да ова село го префрлите во општината Гостивар? Знам дека не сакате да одговорите, но ќе дојде време ќе го кажете сето тоа.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г. претседателе.

Ќе кажам неколку збора во подршка на овој амандман. Сметам дека општината Ростуше треба да опстојува во постојните граници и да се изземе од новоформираната општина Маврово со седиште во Ростуше од причина што оваа новоформирана општина ќе биде со огромна територија и со некаде, ако не се лажам 44 населени места, со различен степен на развој. Мислам дека таа новоформирана општина ќе биде нефункционална и затоа предлагам пратениците да го прифатат овој амандман и општината Ростуше да остане во постојните граници, затоа што ги исполнува сите параметри за опстојување како општина.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Лалчевска, ова го ценам, ваквата рационалност и прецизност.

Кој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 67 пратеници, 17 гласале за амандманот, нема воздржани, а 50 гласале против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10-б за додавање нова точка 63-а по точката 63 и на член 10-в за бришење на 77 поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Силвана Бонева, Никола Груевски, Михајло Георгиевски, Жарко Караџоски, Сашко Кедев, Марија Којзеклиска, Ефтим Манев, Ѓорѓи Оровчанец, Ѓорѓе Паљошкоски, Ристо Пејовски, Ганка Самоиловска-Цветанова , Илија Србиновски, Коце Трајановски, Ѓорѓи Трендафилов, Слободан Чашуле, Драго Шајновски и Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине претседателе овој амандман поднесен од група пратеници се состои во тоа што се предлага општината Сарај да продолжи да функционира како територијаната организација од 1996 година. Јас би сакал да укажам дека вчерашниот ден се водеше расправа за аргумените околу општината Кондово и истите аргументи би биле и околу општината Сарај.

Би сакал само да напомнам и во Предлогот за донесвуање на закон општината Сарај беше заедно територијално организирана со општината Кондово, со тоа што со овој Предлог на закон општината Сарај, општината Кондово преминуваат како десетта општина во Градот Скопје.

Аргументите и фактот што ги изнесов на вчерашната расправа по повод амандманот за општината Кондово би важели и за општината Сарај затоа амандманот не се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ;

Амандманот не се прифаќа.

Веќе е пријавен пратеникто Коце Трајановски, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Ќе се обидам да го објаснам амандманот, да ги убедам пратениците од позицијата дека ова е исправен амандман и дека треба да се подржи, со оглед дека минситерот гоотфрли веќе овој амандман.

Имено, се предлага општината Сарај со седиште во  Сарај да биде самостојна општина и оваа општина да биде надвор од границите на Скопје. Зошто го предлагаме ова? Општината Сарај стана самостојна општина со Законот за територијална општина на локалната сампуправа на Република Македонија  од 1996 година. Таа е рурална општина во која најголем дел од населението се занимава со земјоделско  производство. Од тоа јасно се гледа  карактерот на локалните интереси и проблеми на жителите од општината Сарај.

Градот Скопје,со кој што се предвидува да се спои општината Сарај, значи да биде десетта општина во рамките на урбаниот Град Скопје. Скопје како огромна урбана средина и главен град на Државата има недостиг на капацитети за целосно решавање на тековните сопствени градски пробелми па тешко е, веројатно , дека ќе може да се занимава и со разрешување на ситуацијата во руралните средини. Што значи дека по спојувањето на оваа општина со Градот Скопје, нема да има корист ниту  Градот Скопје ниту општината Сарај.

Значи, која е причината поради која се предвидува со новата територијална организација општината Сарај да биде  десеттата општина во Градот Скопје?

Сметам дека овој предлог на Владата е еден од трите клучно спорни, најклучно или најспорни предлози во новата територијална поделба, заедно со Струга и Кичево. Многу долго се преговараше како тоа да се изведе, па се спомнуваа многу приградски општини, нормално, со доминантно албанско население, бидјеки целта беше да Градот Скопје биде двојазичен. Тоа е единственото објаснвуање, според нас, поради кое што општината Сарај се припојува кон Скопје, станува десетта скопска општина. Сметам дека ќе биде голема неправда пред се за Градот Скопје , а потоа и за жителите на општината Сарај.

Јас зборував  и за Кондово. Аргументите се слични и за општината Сарај. Имено, јас незнам дали локалното население е запознаено што губи и што добива со припојувањето на нивната општина како градска скопска општина. Имено, треба да им се објасни на жителите на општината Сарај и на постојната општина Кондово што припаѓа сега во рамките на новоформиранта општината Сарај, заедно влегуваат во Градот

Скопје, дека 60% од комуналиите за уредување на градежното земјиште сега ќе одат во градската каса.

Значи , она што општината Сарај со постојната Кондово го прибираат како средства , како комуналии за уредување на градежно земјиште, автоматски 60% ќе одат во градот. Даноците од имот и другите даноци, 50% ќе одат во градската каса. Сега, кој ќе биде методот, начинот и принципот овие средства да се вратат назад или да се инвестираат во различни форми во општината Сарај.

Праксата покажува во постојните општини, големите општини во Градот Скопје, јас ќе ја спомнам Гази Баба бидејки од таму потекнвуам , мака мачат да овие средства, 60% кои по автоматизам , а некогаш и повеќе им се земаат од нивните сметки или дирекно се уплаќаат на сметката на Градот Скопје,не соодветно се реинвестираат или се враќаат во општината.

Според тоа, сметам дека ова ќе биде една од неправдите што ќе се нанесе на жителите на овие две општини. Инаку, ако е така сите приградски општини ќе трчаат или ќе одбираат на различни начини да станат градски општини како што се општина Петровец, општина Арачиново, општина Илинден, општина Чучер Сандево, меѓутоа нив не можете по никој начин да ги натерате, освен со сила да бидат градски општини. Тие одвај се спасија од Градот. Тие беа во Градот како делови на Градот повеќе од 50-тина години, значи до 1996 година и нивниот инфраструктурен развој и било каков е повеќе од катастрофален. Додека, со формриањето на општините како посебни општини, да речам приградски општини на Градот Скопје од 1996 година па наваму, уште малку 8 години од нивното опстојвување ќе се видат сите придобивки на посебноста на овие општини. Така што овие општини имаат свои јавни комунални претпријатија, значи општината Сарај со кои што ќе можат да самостојно да ги вршат своите работи и градоначалникто кој ќе се бира во таа општина ќе може дирекно да одговара пред граѓаните бидјеки тој ќе биде оснивачот и ќе има ингиренции над јавните претпријатија. Сега тоа ќе го врши Градот Скопје, а колку и како ќе го врши, доволно покажува праксата што е до сега со Јавното комунално претпријатие во Градот Скопеј,со поплаките што ги имаат општините особено

во нивните делови, претежно селски делови, каде тие работи од комунална сфера не се извршуват.

Сметам дека на овој начини Градот Скопеј ќе добие поголемо оптоварување , како што кажав и во образложението. Пред се, Градот Скопеј си има свои градски урбани проблеми. Сега ќе треба да се занимава со инфраструктура што е далеку од тоа да биде урбана, како што е во Градот Скопје. Поради тоа , ние како пратеничка група предлагаме да општината Сарај во нејзините рамки општината Кондово, си биде  посебна општина, но надвор од Градот Скопје.

Јас незнам кое е објаснвуањето и дали има објаснување , бидјеки ние сме во голема дилема зошто баш општина Сарај  е таа што се припојува кон Градот Скопеј, откако се исклучи главната причина заради двојазичност на  главниот град на Република Македонија . Бидјеки и другите општини ги имаат истите карактеристики , дури некои и поурбани,  меѓутоа сепак не се предложени да бидат делвои како плус градска општина во Градот Скопеј.

Тука имаше објаснвуање дека Спортско рекреативниот центар “Сарај” е една од причините, демек тој е под ингиренциите на  Градот и згодно е да е градска општина. Или да речеме езерото “Матка”, што е во сопственсот на државата. Но, ако одиме по тие аргумени и Аеродромот “Петровец” е под ингиренции на  државата, меѓутоа пак “Петровец” не се предалга да биде како дополнитлена или плус општина во рамките на градот Скопје. И подобро што не е. Мислам дека не треба да биде. Затоа се  измешани арументите.

Единствено останува  аргументот дека ова се што се прави се прави заради двојазичност на главниот град на Република Македонија , значи на Граодот Скопје. Сепак сметам дека заради ваквата работа би требало да се прашаат и жителите на оваа општина, бидјеки , гледајки по тоа што губат, а што добиваат, сигурен сум дека нема да ја прифатат оваа одлука од новиот закон за територијална организација на Република Македонија .

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Дојчиновски се јавивте за реплика, имате три минути.

КИРО ДОЈЧИНОВКСИ:

Мислам дека вчера, некни, понекни, колку дена се веќе не знам, на широко разговараме за овој проблем и мислам дека веќе на некој начин го апсолвиравме. Повторно се појавуваат истите аргументи за иста проблематика и со иста определба.

Кажавме во една прилика дека од 1996 година Сарај е надвор од границите на Скопје. Тогаш, еве сега да го кажам своето мислење, тогаш кога изгледа се определувавме дека децентрализацијата е со голем број на општини, а не со спуштени надлежности, па и се направија тие 134 општини, така стана и Сарај и тоа е онаа грешка што можеби сега сакаме да ја корегираме, затоа што надлежностите треба да се спроведат во организирана општина , тоа е можеби причината  што сега правиме  ваков пристап да оваа општина биде во состав  на Градот Скопје, да се врати во составот на Градот Скопеј.

Да не зборувам за надлежностите што Скопје ги има врз таа општина и сега. Ние , како Скопје таму и сега, во овој момент инвестираме. Скопје го одржува езерото, Скопје го изгради езерото. Скопје го изгради и Рекреативниот центар, Скопје ја изгради и патеката на Матка, Скопје го одржува и патот, добро она што е на Градот Скопеј, главниот пат. Е сега, дали вие сметате дека средствата што ги спомнвуате 60% со 40% се фиксирани и така треба да се трошат? Знаете во Законот за Градот Скопје дека постои координативно тело кое што секој месец се договара каде ќе ги насочува средства. Можеби во дадена ситуација некаде ќе ги групира, некаде во друг период ќе ги насочи. Зависи од потребите. Тоа е веќе работа на самиот град. Сметам дека сите тие настојвуања што сакате и завршницата на вашата дискусија што беше дека ова се прави заради двојазичноста на Скопје, ама баш апсолутно не држи. Двојазичноста јас ја гледам како потреба на народот. Не ја гледам како политичка потреба. Тука треба да отпаднат сите ваши размислвуања за понатамошните амандмани за двојазичноста на Градот Скопеј со тоа што ќе се припои Сарај и Кондвоо.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Благодарам.

Тоа е убавината на демократијата, некој мисли дека апсолвирал , некој мисли не, а сите сме во право.

Повелте г. Трајановски, една минута контра реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би скал да го корегирам колегата Дојчиновски, можеби згреши, можеби случајно кажа 134 општини. Не се 134, туку се 123 општини.

Инаку, што се однесува до двојазично Скопје, ние не сме за двојазичност доколку тоа доаѓа по природен пат. Вака, на ваков начин, селективно припојвуање на одредени општини, па ќе биде Студеничани,па ќе биде Арачиново,па ќе биде Сарај, три месеци народот е во бунило. И сега верувате дека ја исправате грешката према Сарај. Ако ја исправате грешката према Сарај треба да ја исправите и грешката према Чучер Сандево,према Арачиново, према Илинден, према Петровец, сите тие беа во рамките на Градот Скопје до 1996 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Благодарам г-дине Трајановкси.

Повелете господине Чашуле имате збор.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Четири дена се обидувам во овој своевиден театар на апсурди да си го сочувам разумот и моќта на расудување. И за амандманот за самостојноста на Општина Сарај ќе се обидам од министерот да добијам некои аргументи и овде да си разјаснам конечно што правиме.

Господине претседател, вие денеска толкувајќи си го, како рече господинот Оровчанец, јас сум Парламент и народ. Правото ми го одзедовте, правото на министерот и на другите министри да им се обратиме како пратеници и да им поставиме пратеничко прашање. Па јас мојата дискусија делумно ќе ја врамам и во тоа мое право. Господине министер, вие рековте дека природно е Општина Сарај заедно со Кондово да бидат дел од Скопје. Значи ли тоа дека 1996 година вие бевте пратеник во ова Собрание и вашата

партија, направивте неприродна делба на Општина Карпош. Ако е така значи ли тоа господине минстер дека сега со овој предлог ја преземате на себе одговорноста за таа грешка и значи ли тоа дека последиците од таа грешка паѓаат на ваш грб? Јас ви отстапувам од моето време, ако сакате да ми одговорите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете господине Чашуле да зборувате за Општина Сарај.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Тогаш ќе ми дадете можност да ви реплицирам. Значи, рековте дека е природно и јас се согласувам со вас. Природно е Сарај да биде во Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не водете дијалог. Искажете го вашиот став по однос на Општина Сарај.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Господине претседател ќе имаше дијалог да дозволевте пратенички прашања. Сега си го користам тоа право.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не можеш да го користиш тоа право.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Значи тезата која овде владее е дека е Сарај природен дел од Скопје. Јас се согласувам со тоа. Мене ми е сосема логично, јас сум роден во овој град, израснат во него и Сарај за мене секогаш бил дел од Скопје. Значи, сега исправаме нешто што се згреши во 1996 година во овој Парламент каде што немаше опозиција.

Вториот апсурд  кој ми доаѓа пред очи сега е фактот што нашето инсистирање одредени решенија од 1996 година како што е самостојноста на Општина Сарај, за да бидам во рамките на дискусијата и на амандманот, толку здушно ги напаѓате. Па вие напаѓате ваш закон, а не наш. Испаѓа дека ние како опозиција ценејќи дека тие решенија биле добри бидејќи Сарај е  природен дел на Скопје, ама тоа што нема да биде дел од тесниот градски атар, не значи дека го  преселивме некаде, тој е тука. И повторно градот ги управува сите  оние претпријатија, вредности, ресурси на Сарај кои се заеднички за сите. И спојувањето, или неспојувањето, а тие се природно едно до друго не го менува тој

тек на околности, ниту со новиот закон за надлежностите на локалната самоуправа, бидејќи Рашче, Матка, Езерото се под управа на Градот Скопје. Според тоа, дали општината ќе биде или нема да биде во потесниот градски атар, од тој аспект ништо не менува и тоа го рековте илјада пати овде. Значи и тука сум на  еден одреден начин збунет. Едно решение кое го донесовте кое ние сакаме да остане, бидејќи сметаме дека е продуктивно, дури го поддржуваме  спојувањето на Кондово со Сарај, бидејќи се создава една логична општина и мислиме дека тоа така треба да остане. Сега ако во природноста како аргумент стои дека таму има претпријатија, ресурси, интереси на градот, тогаш истото држи и за Општина Петровец. Таму имаме најголем ресурс кој и припаѓа и на Републиката и на градот. Аеродромот Скопје го управуваат на еден одреден начин две јавни претпријатија, републичкото за аеродромите и претпријатието Аеродром Петровец. Па по таа природна логика, а Петровец бил дел од Гази Баба до 1996 година, тогаш дајте и Петровец да го вклучиме. Според тоа, бидејќи не може, тогаш треба и Сарај да си остане така како што предлагаме ние, без оглед на тоа што ништо нема да се смени во користењето на Рашче, на Езерото, на Матка како што ништо нема да се смени во однос на користењето на Скопскиот аеродром. Јас ја гледам апсурдноста тука. На еден ист случај на една општина, на еден ист град на едната страна имаме критериуми до кои држите и постојано ги браните, иако вие ги нарушивте во 1996 година, а од друга страна за истиот тој град, за иста една негова општина која произлезе од една друга општина, ниеден од тие критериуми не важи. И да не зборувам за Арачиново. Арачиново е до Ченто поврзано со една улица и еден семафор, па да не зборувам за Чучер Сандево, па за Илинден кој од секогаш бил приградска станица на железничката пруга што води за Куманово од Скопје.  И тоа е природна целина и има пруга, и има илјадници ресурси кои му се на овој град потребни и по логиката дека сега треба да водиме грижа за Матка Сарај, треба да водиме грижа и за тие, па тогаш дајте и тие општини да ги припиме. И сега тука доаѓа главниот апсурд кој навистина  ме доведува  во ситуација да не разбирам што правиме. Ако главниот резултат од неспојувањето на овие општини значи немање на 20% припадници на албанската заедница на потесното градско подрачје на Скопје, нема да има двојазичност. Која е природна и јас мислам дека е крупна грешка што е

ограничено со процент. Таа треба да биде на секој човек што се родил во таа културна средина задоен со тој мајчин јазик да има право да го користи. Вие ја доведовте кодификацијата и сега таа кодификација во еден даден момент ни е крупен проблем. Меѓутоа, ако на оваа страна е природно сето ова да се случи, а на оваа страна не ја гледаме природноста на истите аргументи, тогаш мора причината заради која што го правиме ова да биде политичка и таа политичка причина ја чинеше оваа држава 45 дена преговори и дојдовме до тоа да го решиме прашањето на двојазичноста на главниот град на овој начин. Ако ги додадеме другиве општини, рамнотежата се воспоставува и процентот не е доволен за да си го остварат албанците своето природно право и на територијата на Градот Скопје. Значи не е спорно да се зборува и на тој јазик во оваа држава. Тоа стои во Уставот и додека е така, а така ќе биде, ние нема што со таа категорија, со таа вредност, со таа предност на нашата држава да сториме. Меѓутоа, она што не ми се допаѓа е што со кроење и прекројување на атари што со политички нагодби изведуваме ситуации кои ја доведуваат целата наша јавност, двете заедници и другите заедници кои се кога ќе дојде време не за Сарај, туку да зборуваме за законот, ќе кажам како и тие се обесправдани. Ние сега се наоѓаме во ситуација балансирајќи, политички договарајќи се на едни албанци им го спориме правото, на другите не, ама никој не може да ми објасни што ќе добијат жителите на Кондово и на Сарај со тоа што Скопје ќе биде двојазично. Па тие и сега сите свои граѓански и уставни права ги остваруваат на својот мајчин јазик во општината која сега ќе се окрупни. Ако има 20% од другите таму и тие тоа ќе го остварат и тука не е ништо спорно. А ние овде зборуваме за децентрализација и на случајот на Општина Сарај мене дополнително не ми е јасно како тоа децентрализираме, а го окрупнуваме Градот Скопје. Што е децентрализација, барем јас така ја сфаќам, можеби и тоа е дел од апсурдите кои ни ја прават целата оваа атмосфера тескобна. Децентрализација значи општината да му ја доближиме на граѓанинот. И ние спојувајќи ги Кондово и Сарај тоа го правиме. Значи, граѓанинот од тие населени места таму ќе може секогаш без разлика дали е споен со Скопје, или не, таму ќе извади извод од матична книга на родени, катастарски документи, разни потврди, разни правила и тн. да си ги остварува во таа општина на својот јазик. Кој кому нешто му оспорил? Што ќе добие тој

ако прошета по улица Партизанска која ќе има две имиња? Кое дополнително право го остварил на тој начин. Што во рамките на таканаречената локална самоуправа кој добил со тоа? Ретки се документите кои ги вадиме од градот, ретки се документите кои за директна употреба и непосреден интерес на граѓанинот ги вади во Советот на Град Скопје. Јас разбирам дека е во прашање култура, дека е во прашање престиж и дека има илјада државни институции каде што на ниво на Уставот овие прашања се кодифицирани за кои можеме дополнително да разговараме, тоа го правиме и го имплементираме да се направат и вака, без да мораме да ја носиме оваа политичка одлука на овој нетранспарентен и недоволно аргументиран начин. Таквата процедура ги носи недоразбирањата, ја носи кризата, носи затегната атмосфера, носи нетрпеливост и не доведува во целосно наместо интегрирање, раздвојување на двете заедници кои немаат друга иднина освен да градат мултикултура. Ама тоа вака не се прави. Според тоа, мора да има, барем јас така си велам, а ќе видиме од натамошниот развој, бидејќи ова нема да го спречи никој, ние немаме доволно гласови, а вие си гласате така како што сте постигнале политички договор. Мора да има уште некоја политичка причина. И бидејќи на ниво на градот се толку малку надлежностите, а ние сега правиме на Скопје врз основа на Уставот, правиме некаков облик на двостепена, ама не до крај изведена двостепена локална самоуправа, сакаме во структурата на градот преку политичко влијание при додавање на одредени населенија, а не други да изведеме дека и остварувањето на изборот на градоначалник, на Советот да биде повторно дел на политичка нагодба како што тоа од избори до избори ни се случува со претседателот. Значи, еминентно се раководиме од политички причини и од политички потреби на елитата, а граѓаните, или никој не ги допрашува, или им даваме време како во Облешево да се доискажат до крај, да бидат изложени на тормозење до крај и на крајот повторно да не бидат сослушани. Затоа мислам дека ќе биде далеку поплодотворно за сите, поздраво за натамошното интегрирање на двете заедници, покорисно за афирмација на сите вредности на албанците и македонците во оваа држава да не го спојуваме Сарај вака, или ако имаме веќе смелост на Облешево да одложиме, дајте да го одложиме пакетот за Скопје, па да направиме вистинска двостепена локална самоуправа како што некои колеги од

Либерално-Демократската партија предлагаа, централното градско подрачје да биде една целина и да имаме еден рурален односно метрополитенски, или приградски прстен кој ќе го сочинуваат сите села што ги спомнав, ама без исклучок. Најмалку во тој процес треба да не раководи кој таму живее и кој таму не живее.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Значи, тука завршуваме пријавување со реплики.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Чашуле, прво би сакал да ви укажам ако вака зборувавте и кога бевте министер и не знам во која влада бевте министер и ако мене ме повикувате, дали сум гласал во 1996 година, помислете се што сте зборувале, каде сте биле и со кого сте биле. И сигурно ако вака зборувавте како министер во 2001 година немаше да се случи тоа што се случи, односно знаете што зборувате. Ме повикувате на одговорност, а на работните тела кажувате: мојот драг пријател и ја користите говорницата во вашиот познат стил, не сегашен и одамна во сите ситеми. Мојот лик е чист, сакам да ви кажам, на чист Македонец. Тоа сакам да ви го кажам, бидејќи употребувате нечесни игри од говорницата. Вие за вашиот лик гледајте, за мојот лик и мојата одговорност и моето делување за 1996 година како пратеник, немојте да водите грижа. Никој пат не сум рекол и на вчерашната седница, е природно. Јас реков: не е неприродно решение Сарај и Кондово во Скопје, не е неприродно решение, не е неприродно решение бидејќи Сарај и Кондово имаат урбанистички сообраќајни и морфолошки врски многу повеќе од општините кои вие ги набројувавте и во кои сакавте со игри, или пренесување на игри да укажете за Петровец, да укажете за Сопиште, Студеничани и Сандево. Сакам да ви кажам, скопската котлина, или организацијата на Скопје претходна која брои 578.144 во кој покрај десете општини влегуваат: Сандево, Студеничани, Сопиште, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново, има 23,16% албанци, или 133.893, што значи, вашата теорија, немојте Сарај и Кондово, па донесете ги другите, демек нема да имаат 20%. Има 20%. 23%, е тука е проблемот ваш како личност, тука е проблемот. Дај да ги ставиме. Не сте за да ги ставиме. Јас како министер сметам дека општините Чучер, Сандево, Студеничани, Сопиште, па делот на Зелениково, Петровец ги немаат тие караткеристики

да бидат во оваа територијална организација дел на Градот Скопје, припадниците на албанската заедница ќе се над 20% и ќе ја користат уставната можност во која е договорена многу јасно во Охридскиот договор и јасно напишана во амандманот 5: покрај македонскиот јазик на ниво на службен јазик да биде и албанскиот јазик, имајќи го во предвид духот на Рамковниот договор кој е потпишан, можноста за употреба на јазикот на заедниците над 20% е можност за остварување на едно демократско право. Вие како деклариран демократ од светски размери од Јужна Америка пренесувајќи ги вашите демократски раномладински, амбасадорски убедувања за употреба на мајчиниот јазик во локалната самоуправа на Град Скопје во институциите чиј основач е градот. Господине Чашуле, долго време се служите со вашите, не знам како да се изразам да не ве навредам, познати во јавноста. Чудно е што на вчерашниот собир на интелектуалци не бевте, ве очекуваше цела јавност господине Чашуле, во предлогот за донесување на закон дел од Општината Сарај Спортско рекреативниот центар Сарај беше во територијата на Градот Скопје. Како министер, како Влада сметавме согласно Генералниот урбанистички план, еден од главните спортски објекти на градот независно како е граден, со чии средства, му припаѓа на градот. И тогаш припадниците, укажав и вчера од Сарај пратеници, претставници на граѓаните рекоа: да, но не можеш да го кршиш основниот прицип, сечење на катастарските граници. Кој друг доказ поголем барате во делот на сечење на катастарски граници меѓу Сарај и Општината Ѓорче Петров во делот на спортскиот објект.

Исто така, морам да кажам голем дел на пратеници од ВМРО-ДПМНЕ во првата расправа кога не станувaше збор за службена употреба, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, кога имаше решенија во делот на комуникација во два члена, инсистираа и се бунеа и критикуваа како изворот Рашче, како Спортско-рекреативниот центар “Матка”, Матка, Езерото “Треска” не може да припаѓа на Скопје, а припаѓа на Сарај. Да, има стенограми од дискусиите и во тој дел сигурно се размислуваше. Врските на Скопје со Сарај вие можеби ги знаете многу повеќе бидејќи сте имале можност - ние кои сме од провинција не би можеле да зборуваме - ги користевте благодетите и на Сарај

и на Матка и на Треска. Тоа е традиционално поврзано, ако сакате и за тоа да ви зборувам, бидејќи ги имате тие искуства.

Незнам што друго да ви кажувам за вашиот дволичен настап и на вашето префинето укажување. Да, решението на Сарај и Кондово е алтернативно компромисно решение, најдоброто решение за да се добие, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, и службен јазик јазикот на припадниците на албанската заедница. Тоа го зборувам од почеток, тоа го кажувам од почеток јасно и гласно. А вие што не сакате тоа да го кажете, тоа е ваш проблем, на вашиот ментален склоп и кажете јасно. Вие велите Сарај, Кондово, Матка припаѓаат, ама господинот и другите пратеници, па интелектуалци, па сто јазици нека се зборуваат во Скопје, нека има петјазичност, ама начинот на кој било направено не бил добар. Кој е начинот на кој е направено? Господине Чашуле, суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните, но граѓаните одлучуваат преку непосредно избрани претставници на демократски избори овде. Вие сте тие кои давате амандмани и одлучувате. Немојте да зборувате глупости и кога никој не реагираше, како е можно 41 пратеник да можат да се спротивставаат на 15 или 10 илјади собрани граѓани. Ова е Парламент, вие пратениците во расправа ќе одлучите. Не Гештаковски, не Владата и министерот. Да, во овој Парламент ќе се одлучи за начинот врз основа на кој го доби легитимитетот на изборите. Има и други форми кои оваа Влада не ги оспорува. Има форми, покрај Палраментот, форми на повисоко непосредно одлучување а тоа е националниот референдум. Ние кажавме јасно и гласно, одлуките на референдумот ќе се почитуваат.

Благодарам господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално има збор пратеникот Оровчанец, но во што е прекршена процедурата повелете кажете.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Господине претседателе, да ја прекинете денешната седница затоа очигледно министерот за локална самоуправа влезе во друг ментален склоп за кој префрла. Очигледно е дека неговиот ментален склоп влезе во..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Оровчанец, тоа не е процедурално.

Повелете господине Чашуле имате реплика.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Сега ми е јасно и благодарам министре што бевте искрен и ја презедовте одговорноста. Тоа е одлуката, таа одлука ќе биде и таа ќе биде закон на оваа држава, додека не се најдат механизми да се смени Скопје ќе има втор службен јазик.

Сега театарот на апсурди ми е јасен. Сега една работа јас да ви кажам сепак како на пријател Ова можевте да го направите без да ме навредувате. А јас бев министер 2002 година, но пред 2001 година барав разоружување, прекинување на непријателствата, барав мерки за доверба. До ден денес нив ги нема.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине министре, повторно имате збор.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Чашуле одговорноста ја носиме заедно, зашто не случнавме ништо од вас дека вие сте против, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо во Скопје да биде службен јазик и јазикот на припадниците на албанската заедница. Кажете јасно дали сте против или не сте, или на начинот на кој се прават. За Сарај и Кондово не сте против, кажувате припаѓаат кон Скопје, сте за употреба како втор службен јазик покрај македонскиот и албанскиот и одговорноста и вие ја носите колку мене, бидејќи тоа вие го поддржувате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи помина повеќе од една минута за контра репликата повелете една минута контра реплика. Затоа опоменав дека една минута е контра репликата министерот неможам да го ограничам, но можам тоа право да го употребам.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Господине министре, кажете ми на која општина во Скопје каде што има припадници на албанската заедница не се користи или при постојната организација нема

да се користи вториот службен јазик на државата. Во Чаир, во Сарај, ќе се користи во Гази Баба, во Центар секаде. Во Чаир ќе се користи, значи и не сум против тоа да го користат.

Сега ќе ви кажам господине Гештаковски, се работи за локална самоуправа и остварување на правата во комуната, во општината. Градот Скопје е дополнително ниво на локална самоуправа. Според тоа, дали таму ја има или не, не е оспорен јазикот, јас сум против начинот на кој на второстепениот орган му ја давате двојазичноста. Инаку не сум против во Сарај, во Кондово, во Чаир и како што не бев против во општина Центар да се зборува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете министре, 1 минута повеќе.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Во вашиот стил пак, пренесувате сега прашање на формално-правно и уставно. Тоа е расчистено во правната пракса и применување на Уставот, само сакам да ви кажам дека во единиците на локалната самоуправа јазикот и писмото што го користат најмалку 20% - во единиците се вели, но да пишуваше во општините тоа намаше да го примениме во Скопје. Правно тоа е многу чисто и да нема дилема.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Макрадули, имате реплика на говорот на господинот Чашуле.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Ова што господинот Чашуле го кажува, театар на апсурдот, произлегува од деловничката обврска или можност да се поднесат бескрајно многу амандмани, да се закочи еден процес, обид да се закочи еден процес и затоа е подобро можеби да се откажеме од амандманите и да преминеме на општа расправа бидејќи повеќе време ни треба да се издоговориме.

Она што го кажувам за секој поднесен амандман ќе го повторам и сега. Кој е интересот што го застапувате, дали со овој амандман ги застапувате интересите на граѓаните од Сарај. Овој пример на амандман е уште еден пример за различен концепт што постои меѓу парламентарното мнозинство и опозицијата. Едниот е мултиетничко

општество по Рамковниот договор, а другиот е вашиот - етнички енклави. Ова е типичен пример за создавање на етничка енклава или правење такви гроздови од етничка енклава околу некои општини, наспроти Рамковниот договор и концептот што ова парламентарно мнозинство го тера а тоа е мултиетничкото општество.

Вие ја префрлувате вината на 1996 година, но сега има ново парламентарно мнозинство и тоа ќе ја понесе политичката одговорност и ќе ги реши сите напластени проблеми што до сега постоеле не само од 1996 година наваму, туку многу од порано наназад. И ова е политичкото парламентарно мнозинство кое ќе се обиде да надомести некои проблеми што и порано ги креирале некои други.

И трето, вие ја префрлувате вината на 1996 година и тогашното парламентарно мнозинство а ја префрлувате и за воведувањето на процентите во Рамковниот договор. Да ве потсетам, моментално сте во партија која е потписник на Рамковниот договор. Можеби се загрижени за тоа што и министерот го напомна дека некој ве претекнал сега и не сте политичарот со најголем број партии, после вчерашното појавување на некои луѓе таму и можеби затоа сте збунети. Но што да правиме, тоа е ситуацијата во државата.

И последно, како ги сакате објектите и Матка, и Сарај и Треска, ама не ги сакате луѓето. Неможе тоа, не постои таква можност.

(Реакции)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Секој има свој стил, може на некој да не му се допаѓа.

Повелете господине Чашуле, имате 1 минута контра реплика.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Благодарам господине Макрадули. Да, ние концептуално се разликуваме. Јас се залагам за мултикултурна Македонија а вие со овој закон за територијална организација правите двонационална. Кога ќе отвориме некоја општина на турски и бошњачки јазик, тогаш ќе имаме мултикултура. Вака имаме две нации и натпреварот ќе биде меѓу нив, но тоа е така вашата волја.

Господине Макрадули, јас преговарав во широките преговори за Рамковниот договор како припадник на Нова Демократија. Јас во овој Парламент сум избран на

коалициона листа на ВМРО-ДПМНЕ и Нова Демократија. Јас останав консеквентен на тоа и ве молам немојте да ми припишувате пост фестум одговорност. А инаку, ова што го кажувате за новото политичко движење и господинот Гештаковски и вие е непристојно спрема тие луѓе. А јас таму да сакав да бидам ќе бев .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега има реплика господинот Слободан Најдовски, а потоа господинот Слободан Најдовски а потоа госпдинот Киро Дојчиновски.

СЛОБОДАН НАЈДВОСКИ:

Прво, претседателе, би замолил да водиме расправа за она што е амандманот, за двојазичноста на Скопје има посебно амандмани и посебна точка. Но сепак е добро што дефинитивно се покажа преку оваа дискусија дека никој нема против двојазичното Скопје, но во завиткана форма едно зборуваат овде, друго пред меѓународната јавност, трето пред граѓаните, но ќе дојде редот кога ќе зборуваме за Скопје.

Сакам да се осврнам конкретно на дел од дискусијата на господинот Чашуле која се повторува трет ден од страна на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ кои велат дека Законот од 1996 година беше донесен во едно умно без опозициско собрание. Прво, правите една катастрофална грешка  и една неправда спрема вашите коалициони партнери кои се заедно со вас. Имено, тогаш имаше 35 пратеници, ако не ви е јасно, во опозиција, од кои две од тие политички партии ви беа коалиција кога вие бевте на власт од 1998 година. (Реакции).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, тоа господинот Чашуле го спомна, дека тоа е ваш закон кога вие сами го донесовте 1996 година и сега прикаска си развива господинот Најдовски. Најдовски на таа прикаска има право како што имаше право господинот Чашуле од политички аспект и затоа мислам дека господинот Најдовски не е во право од политички аспект да го брани овој амандман.

Повелете господине Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Бидејќи секогаш сакате ред во салата, ама немате воздржаност да дослушате нешто кога се покажува дека не кажувате точно. Но јас ќе продолжам иако се обидувате тука да ја прекинете расправата.

Значи имаше опозиција и тие ви се коалициони партнери и ако не друго, барем заради нив, освен ако не ги сметате повеќе дека не постојат и се во рамките на вашата партија.

Втора работа, тогашниот министер што го бранеше законот 1996 година, бидејќи повторно се враќате на тој закон, тогашниот министер има, кога вие сте биле во власт 2002 година, Предлог за донесување на закон кој сега е ваш член, а тогаш бил министер од тогашното, како велите едноумно собрание, во 2000 година ви предлага закон со 85 општини, што значи уште еден аргумент кој оди контра на она што вие до сега го тврдите.

И третата работа да ви ја кажам. Тогашната опозиција расправаше за Законот за територијална организација 4 дена, но расправаше конструктивно и тогашната опозиција бараше да се намали бројот од 123 на помал број општини, но не како сега за да се одолговлечи времето за некој да се наспие до 15,30 часот попладне и да не дојде овде, но не го гледам, сега излезе пак..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Најдовски, завршија вашите 3 минути.

Господине Чашуле, 1 минута контра реплика.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Јас сум тука од 9,30 часот, господине Слободан Најдовски, не сум ни наспан, ниту ми се спие при ваква ситуација.

Ние ги почитуваме припадниците на вашата некогашна партија која се викаше Либерална партија и јас не реков без опозицијата, јас реков вие го донесовте во салата на ова Собрание и Либералната партија која е сега со нас во коалиција консеквентно го брани тоа што ако вие сте го наплаќале, други го донеле. Дајте да не спориме за таа работа, тоа е сосема ирелевантно, туку одговорете ми зошто се откажавте од Скопје со една општина со рурален карактер.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Најдовски, излезете надвор со господинот Чашуле и таму продолжете.

Повелете господине Дојчиновски, имате 3 минути реплика.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Добро е да имаме монитори и ние овде, па ќе го гледаме редот по општини.

Сакам конкретно на господинот Чашуле да му поставам едно прашање во смисла на реплика за расчистување на една негова дискусија. (Реакции)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да не дискутираме за стилот на искажување. Некој тоа го прави преку прашања, некој преку дијалог, важна е поентата.

Повелете господине Дојчиновски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Со господинот Жарко можеме да разговараме под Саатот во Прилеп, а не овде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Дојчиновски, ве молам преформулирајте го вашето прашање. Прашањето е реторичко. Ајде продолжете господине Дојчиновски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Станува збор за следното. Ако 2002 година во почетокот со определбата за децентрализација на централната власт оваа тогашна позиција го донесе Законот за локална самоуправа, со кој ги спушти за децентрализација многуте надлежности за локалната самоуправа, јас сега прашувам дали навистина сметаа тогаш со тој закон дека таа децентрализција ќе ја спроведат со овој број на општини за кој сега се залагаат со вака голем број на општини. Ако така мислеа, не требаше да ја стават определбата ревизија на општинските граници. Ако така и сега мислат, јас им сугерирам наместо да се мачат општина по општина, нека поднесе еден амандман да останат сите сегашни општини, па за еден да разговараме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете 1 минута господине Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Ние го донесовме Законот за локална самоуправа, таков како што го донесовме и кој доживеа во јавноста и во меѓународната заедница добар прием. Во Рамковниот договор кој беше пред тоа направен стои одредбата дека треба да се изврши ревизија. Но ревизија не се правеше оти политички проценивме дека не треба, а бевме обврзани со друг дел од договорот кој што велеше по пописот. Еве заврши пописот, поминаа две години, тоа ви е го правите. На Комисија реков, тука има записници и присутни, реков и тогаш и сега велам, јас мислам дека може на постојната територијална организација да се применат сите други 28 закони, па откако ќе видиме каде ќе функционираат да направиме ревизија и да видиме која општина може а која неможе да опстои.

Инаку, ЗЕЛС процени дека можат и најмалите општини со овој начин на финансирањето да функционираат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Георгиевски, вие имате збор, а нека се подготви пратеникот Жарко Караџоски.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседател на Собранието, почитувани пратеници,

Во поглед на амандманот општината Сарај, да се извади од Градот Скопје ја подржувам иницијативата на подносителите на амандманите и тоа од две причини:

Првата причина е техничка и тука ќе се задржам малку, меѓутоа ова беше тема за која најмногу се зборуваше досега. Ќе ги потсетам сите оние бранитлеи од боречката коалиција кои сега не  убедуваат колку е значајно Сарај односно Кондово да бидат во градот Скопје. Сега ни ги кажуваат нивните аргументи, во 1996 година, како што спомна пратеникот Чашуле самите тие го донесоа тој закон, незнам за каква опозиција тие сега зборуваат меѓутоа, главната опозициска сила тогаш ја немаше во Парламентот. Значи, не само за ова спојување на општина Сарај, туку тоа можеме да го генерализираме и за сите други амандмани на зголемување или намалување на општините.

Значи можеме конечно да се согласиме дека проектот од 1996 година, за територијалната поделба на Македонија бил еден голем пропаднат проект во Република Македонија. Некој дури и спомна дека таквата територијална поделба била дел од причините за кризата 2001 година.

Значи проектот на триторијалната поделба вклучувајќи го и овој дел со Ссарај е една голема промашена инвестиција на тогашната владеачка структура, повторно водена од СДСМ. Јас го поставувам прашањето, а такви големи проекти промашени на СДСМ во овие 14 години, од 1990 година наваму имаме многу, кога политичката власт, партија на власт, која толку долго владее со Македонија ќе почне да сноси одговорности за промашени проекти кои ги носат, а после осум години испаѓа дека не само што не биле во ред, туку биле основа за некакви кризи. Така што, понатаму, кога ќе не убедуваат за општина Сарај односно Кондово дека треба да влезат во Скопје, а и за многу други општини кои се сега амандмански пред нас, сакам посебно да ставам акцент да внимаваат на таа тема дека таа територијална поделба за која денес дискутираме е нивно дело од пред неколку години. Значи треба да се констатира промашеноста на таквата територијална поделба и око не друго барем да бидат малку потивки во жарот како што сега не убедуваат зошто Сарај или Кондово треба да биде во Скопје, а истото се однесува и на облешево, сите други амандмани кои паднаа досега.

Меѓутоа, тоа беше понезначајниот дел на мојата дискусија за припојувањето на Сарај кон Скопје.

Позначајната суштина е второто односно со приклучувањето на Сарај кон Скопје ние ја добиваме двојазичноста на Скопје и обратно дококлу се прифати амандманот Сарај да не влезе во Скопје ние нема да имаме двојазичност во Скопје. Министерот Гештаковски и некоку пратеници тука го поставија прашањето кажете дали сте против тоа, се срамите ли, зошто да се срамите. Јас незнам каде забележаа дека пратениците од опозицијата се срамат да кажат меѓутоа, јас барем за мене најодговорно ќе кажам дека сум против влегувањето на општина Сарај во општина Скопје токму од тие причини, затоа што со тоа нашиот главен град Скопје го правиме двојазичен. Ниту се страмам ниту го заобиколувам тоа, туку ви го кажувам директно тоа. Зошто?

Затоа што овој закон за кој ние денеска зборуваме велиме дека е закон кој произлегува од Рамковниот договор. Сега да се вратиме на Рамковниот договор.

Јас веќе неколку пати потенцираф овие денови дека во Охридските договори имаше две главни теми за кои се дискутираше со недели и со денови. Тоа беше децентрализацијата, меѓутоа, зза триторијалната поделба воопшто не се дискутираше што се гледа во самиот Рамковен договор дека е спомнато само на едно место, туку главна тема беше децентрализацијата и таа е детално прецизирана. Тоа е првата тема.

И втората голема тема, за која се дискутираше исто така со недели беше делот на употребата на албанскиот јазик во Република Македонија.

Значи ние со внесувањето на општина Сарај во Скопје, кршиме еден од двата главни столба на Рамковниот договор - употребата на албанскиот јазик од Скопје.

Сега ќе потсетам, ќе потсетам, затоа што на тие преговори имаше преговарачи од СДСМ г-динот Бучковски, Шеќеринска, Црвенковски, одвреме навреме, доаѓаа и некои други претставници. Значи, ќе потсетам дека дискусијата за употребата на албанскиот јазик во Република Македонија почна со барање комплетно Република Македонија да биде двојазична. И ќе ве потсетам на еден момент.

Првата закана од меѓународната заедница до Македонските институции дојде кога г-динот Леотар и г-динот Пердју ставија и документ на маса во кој се велеше, денеска беше напишано дека цела Република Македонија треба да биде двојазична, а албанскиот јазик треба да биде паралелен службен јазик.

Некои  се сеќаваат можеби, некои не се сеќаваат, тогаш направивме голема галама, го одбивме тоа, меѓутоа првите закани отворени од меѓународната заедница беше токму тоа барање албанскиот јазик да биде рамноправен службен јазик во Република Македонија. Од тој момент почнаа дискусиите за употребата на албанскиот службен јазик. Таму имаше стотици барања од страна на албанските партии. Тогаш беа ДПА, тогаш беа . . .

(Реакција на паратениците од место - зборувајте за амандманот).

Токму тоа, зборував за амандманот дека со влегувањето на општината Сарај се руши основниот, еден од главните столбови на Рамковниот договор а тоа е употребата на

албанскиот јазик како службен јазик во Република Македонија.односно точната прецизираност на неговата употреба.

Значи, од тој момент на маса беа ставени сто варијанти. На крајот она што се договори точно, прецизно, до запирка, беше напишано во Рамковниот договор. И, ако го погледнете Рамковниот договор, а подоцна тоа преточено во Уставот на Република Македонија точно ќе видиме кои се местата каде се употребува албанскиот јазик како службен јазик во Република Македонија. Тоа е многу прецизно. Парламент, вакви општини, такви општини, пашапорти, лични карти, незнам се што е таму напишано.

Ако добро го погледате тој дел од Рамковниот договор вие многу јасно ќе забележите дека Градот Скопје го нема во тој дел. Така ли е г-дине Гештаковски, така ли е преговарачи кои учествуваа од СДСМ во преговорите во Охрид.

Значи, повторно ќе потенцирам за делот на јазикот се зборуваше од првиот до послендиот ден кога се зборуваше во Охрид и од тоа што се договори децидно беше напишано во Рамковниот договор што зборува за употреба на службениот јазик албански, каде, на кои места, кои институции, на каков начин во Република Македонија.

И во самите тие дискусии најмалку 20 пати беше потенцирано и усно, затоа можете да ги консултирате и г-динот Леотар и г-динот Пердју дека се каде што треба да се употребува е токму тоа што е ставено на хартија. Значи, нема широк дух на она што се нарекува употреба на албанскиот јазик во Република Македонија. Нема проширено токлување. Значи има буквално напишани ставови каде се употребува, на кој начин и по кои правила и по кои процедури.

Сакам уште еднаш да потенцирам дека во Рамковнит договор дел за употреба за двојазично Скопје нема. Ако имало потреба да се договориме за таква работа тоа најверојатно ќе беше втора точка, веднаш после употребата во Парламентот. Тоа и неои експерти го кажаа во меѓувреме. Меѓутоа, таква работа нема. Значи, јас сакам да потенцирам дека овој дел е сериозно прекршување на Рамковнит договор во Република Македонија. Сериозно прекршување на суштината и буквалнот текст на она што се преговараше во Скопје. Многу сакам околу тоа прашање да се изјаснат преговарачите кои

беа присутни дас ме демантираат дека било така или не било така, незнам, тука негледам дека бил некој од тие, меѓутоа ова го тврдам со полна одговорност.

Токму заради тоа го поддржувам амандманот општина Сарај заедно со Кондово да бидат извадени од територијата на градот Скопје, затоа што таква работа нема во Рамковниот договор, или обратно, ако тоа веќе е храброст на СДСМ на ЛДП и на ДУИ, тие треба дополнително да излезат и да ни кажат точно е ова не е дел од Рамковниот договор, меѓутоа, поради вакви причини, глобални, НАТО, Европа, Америка, поради тоа што сметаме дека гледаме однапред 6 години или 8 години ние направивме Анекс на Рамковниот договор во делот на употребата на службениот јазик.

Значи ова е моето барање. Кога зборуваме за двојазичноста на Скопје да не се повикуваме на никаков Рамковен договор. Да го претставиме ова како дополнителен Анекс на Рамковниот договор и на тој начин ова што денеска и се нуди преку вкучувањето на Сарај односно на Кондово да биде внесено двојазичноста во Скопје.

Мислам дека бев доволно јасен, а би сакал ако има некој од тие што беа во Охрид да ме демантира дека сум во право или не сум во право.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Завршуваме со пријавување за реплика.

Има пријавено 15, а последен е Есад Рахиќ.

Има збор министрот Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Георгиевски, би сакал најкоректно на вашето коректно кажување, иако не сум потписник и не сум учествувал, во дел, да кога вие бевте во ВМРО да учествуваме во заедничките договарања меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. Тука има луѓе кои го знаат тоа, за заедничкиот настап во просториите и на ВМРО и на ДПМНЕ и на СДСМ.

Точно е вашето кажување за првиот дел на употреба на јазикот на припадниците на заедниците, на кој викаат на целата територија во Република Македонија и нејзините меѓународен службен јазик е македонскиот јазик и неговото Кирилско писмо.

Друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните исто така е службен јазик и неговото писмо, како што е определено со овој член.

Точно тука е онаа забуна која настанува, јас потполно го почитувам амандманот 5, и на ниво на држава е регулирано како што е определено и ако одиме, сигурно можеби не било договорено, но Владата и јас како министер и секој правник кој би го зеле ќе ве демантира во делот на она што пишува во амандманот 5.

Во единиците на локалната самоуправа, согласно Уставот единици на локална самоуправа во Република Македонија се општините и градот Скопје и градот како посебна единица на локална самоуправа чија организација се уредувај со Закон.

Во единиците на локалната самоуправа јазикот и писмото што го користат најмалку 20% од граѓаните е службен јазик покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Тоа е јасно и нема дилема во толкувањето. Секоја општина во Република Македонија која има 20% покрај македонскиот јазик службен јазик е и јазикот на припадниците на заедниците, не само албанскиот туку и на ромски, имаме турска општина, имаме српска општина и тука нема дилема по сите експерти кои го изготвуваа.

Можеме да зборуваме дали Сарај, Кондово, дали Петровец, Студеничани или Арачиново ќе се донесат и начинот на правењето во делот на постигнувањето, јас морам да ви кажам најотворено вас, онаму каде што се исполнуваат другите услови непрекршувајќи ги основните неутрални принципи каде што имаше можност се почитуваше оваа уставна определба да се створи можност не на вештачкиначин. Јас во моето излагање кажав никогаш не би можел да дозволам како министер и Влада да добиеме општина со 19, 18 или некаде со 21 или 22, се би се толкувало со намера.

Зошто г-дине Георгиевски Законот за Градот Скопје е предвиден во амандманот 16 каде се носи со Бадинтерово мнозинство. Ако не беше во однос на делот на употреба на јазикот и делот на соодветна и правична застапеност на единиците на локалната самоуправа и на локално ниво на државните службеници.

Во амандманот 16, на Уставот покрај другите закони кои се носат со Бадинтерово мнозинство јасно е напоменато дека и општинските границиу за Градот Скопје, се донесуваат со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови, од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Ако не навлегуваше во овој дел како вие зборувате

за правата кои се договарани на заедниците, употреба на јазикот, соодветна и правична застапеност и се она што е договорено немаше никаква логика да го ставите во делот на донесување со такво мнозинство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Георгиевски.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Г-дине Гештаковски уште еднаш ќе потенцирам дека во самите разговори во Охрид и покрај тоа што е напишано најмалку 15 до 20 пати меѓу соговорниците, во тоа учествуваа и луѓе од СДСМ, тогаш и тие беа заинтересирани за тоа беше поставена јасно дефинирана е работата. Значи се што е отворено како прашање сега е тука на маса. Значи, после потпишувањето на Рамковниот договор во Охрид нема отворено прашање во Македонија. Тогаш за тоа се бореа и вашите пртставници и ние. Тогаш бевме единствени како македонска сила.

Значи, ако било прашањет за двојазичноста на Скопје, тогаш ќе беше отворено. Ако не било отворено тогаш значи денеска не можеме да го ставаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниот пријавен за реплика е Абдулаќим Адеми.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Јас внимателно го слушнав предговорникот и да ви кажам право воопшто не сум изненаден од неговиот пристап.

Господине Георгиевски што се разговарале вие во Охрид, воопшто не не интересира нас. Нас не интересира тоа што е договорено во Охрид и треба да се реализира од точка до точка и оваа Влада тоа го реалзира.

Вие во вашата дискусија отворено кажавте дека сте против албанскиот јазик, во градот Скопје. Дури нагласивте дека воопшто не се срамите итн.

Јас би сакал уште еднаш да ве потсетам на амандманот 5 од Уставот каде на дециден начин е определено во кои општини се говори албанскиот јазик, меѓутоа, исто така, би сакал да ве потсетам на членот 4 од Законот за локална самоуправа, алинеја 2 каде што се вели: “Одредбите од овој закон важат и за Градот Скопје”. Ова е многу јасно.

Сите одредби кои што треба да важат за другите општини важат и за Градот Скопје. Тука не се повредува, не се крши Охридскиот договор во ниедендел. По вашата дискусија мене ми е многу јасно зошто вашиот партнер од коалицијата, албанскиот партнер ДПА, не е присутен во Парламентот на Република Македонија денес, затоа што тие не можат да се соочат со вас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Георгиевски.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуваниот пратеник очигледно не го чул оној дел, за кој зборував јас пред малку на говорницата дека ДПА и ПДП главната тема во поглед на употребата на службениот јазик, на албанскиот службен јазик беше втор службен јазик во Република Македонија. Значи тие одеа три степени повеќе од она што сега го имаме со двојазичноста на Скоје. Значи, од почетокот на дискусијата па до 3-4 дена пред крајот на дискусијата главното барање на ДПА и на ПДП како преговарачи во Охрид беше цела Македонија со втор службен јазик албански.

Меѓутоа, тоа што не се прифати и на крајот што се потпиша друг договор не значи дека прашањето на употребата на службениот јазик може да се отвора секоја година повторно. Значи тоа беше отворено во Охрид, затворено, ставени потпис и печати на тој документ и денес никој нема право . . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Георгиевски ќе имате можности, затоа што има доста реплики.

Повелете г-дин Слободан Најдовски имате три минути.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Пред се, морам да кажам дека ова го сватив или како правдање за нешто што се направило или да се избегне одговорноста од нешто што се направило.

Прво, морам да кажам следново дека ова што денес го правиме и ова што се случува не само со овој закон и редица други законски решенија е последица на политиката што се водеше до Охридскиот договор и последица од она што е направено со Охридскиот договор. Од кои причини сега се сака да се избегне, оставам тоа да го

пресудува јавноста. Но, едно сакам да кажам. Ние сега мора да се однесуваме онака како што бил Охридскиот договор, без разлика дали јас го прифаќам или не го прифаќам тогаш кога се носел.

Второ, врз основа на она што е преточено во уставните амандмани. Морам да кажам дека врз основа и на некои законски решенија кои што тогаш се донесени, господинот Георгиевски не може од едно да избегне ниту тој, ниту неговите колеги од партијата кои седат во првиот, вториот и третиот ред, кои биле министри тогаш и кои биле пратеници не можат на никого да се вадат од едно дека тогаш ако нешто не сакаа да прифатат, тие, без разлика имало широка, тесна коалиција или не знам каква, имале мнозинство во Парламентот во Собранието, кое што тогаш сето тоа го преточуваше во закони. Врз основа на тоа што тие тогаш го изгласале ние сега како пратеници сакаме да донесеме решенија кои што ќе ја водам Македонија кон Европска заедница. Врз основа на тие решенија, тие ги сносат и одговорностите за тогаш како што е. Но, без разлика, ние не можеме повеќе да се враЌаме назад и да бараме кој колку е одговорен. За тоа ќе си каже своето време. Ние мораме да гледаме напред.

На крајот, би завршил со ова, вели, дека не станало збор што сте разговарале, како сте разговарале сите ќе пишувате мемоари и можеби по 50 години некој ќе чита, но одговорете на едно прашање, пред некој ден во дискусија рековте, се договоривме за албанските општини. Од каде тоа албански, кои се албански, а кои македонски општини.

Второто е, од каде најдовте 20% дека Ќе биде бројот на население од етничките заедници на кои што ќе се користи јазикот. Значи и тогаш сте калкулирале, како што сега се калкулира, не само вие, туку и останатите членови од Вашата партија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Георгиевски, пријавен сте, имате една минута.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Што се однесува за некакви одговорности од Охридскиот договор, пратеникот може слободно да си ги праша неговите коалициони партнери од ДУИ, затоа што ако добро се сеќавам, тогаш со нив се боревме. Така што, тие можат да ви одговорат на сите

проблеми, а вашиот претседател, ако не се лажам, го прогласи Уставот тогашен со фабрички грешки. Тие проблеми и одговорности можете таму да си ги поставите и прашањата. Не знам на кои закони се повикувате за оваа територијалната поделба, затоа што, овој закон за територијална поделба директно вие го толкувате како дел од Охридскиот договор и сите објаснувања произлегуваат од него буквално, а не на некакви претходни закони.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Следниот за реплика е господинот Агим Џелили, кој има три минути.

АГИМ ЏЕЛИЛИ:

Почитувани колеги, почитуван колега, вие од самиот почеток на потпишувањето на Охридскиот договор имате елементи на сомнежи, често пати самиот себе си, веројатно, мислејќи да го промените мислењето.

Што се однесува до албанскиот јазик вие и како многумина други како вас, почитуван колега, нудат аверзија и негативна енергија. Цели две години се зборува албанскиот јазик во Парламентот, на овој јазик зборувам и јас, ништо лошо нема во Парламентот, ништо лошо нема да има ниту во Скопското Собрание, бидејќи тоа ќе биде колорит на јазиците на народите во Македонија, уште повеќе што во Скопје се зборува албанскиот јазик со векови. На крајот на краиштата секој трет граѓанин на Скопје зборува албански, бидејќи и за албанците Скопје е главен град.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Рафис Алити.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател.

Навистина, мене не ме изненади г. Љубчо Георгиевски со неговиот говор околу амандманот кој што го дале, го предложиле за општина Сарај. Не ме изненади од причина што се знаат ставовите уште од порано неговите ставови и ние сме го следеле уште од 90-тите години, било неговите изјави, било политиката која  што ја водел со неговата партија. Тој рече дека не се срами и вели дека е против употребата на

албанскиот јазик овде во главниот  град во Скопје. Мене ова не ме изненадува воопшто, знаејќи дека пред две години истиот пратеник излезе со теза дека Република Македонија треба да се подели со ѕид од Албанците, затоа што соживотот не е можен. Од тој ѕид кој што и го понуди на Републиката или на граѓаните на Република Македонија, господинот не се засрами, се обиде да го заштити и да го одбрани и понатаму. И, ова е негов проблем би рекол. Пробле, кој што за жал се пренесува кај граѓаните. Меѓутоа, јас би го потсетил г. Љубчо Георгиевски дека тој во овој момент го коментира Охридскиот договор, така како што му одговара нему во овој момент. Или е тоа негов дефект, бидејќи во тоа време кога го потпиша Охридскиот договор не знаел што потпишува и не бил свесен што потпишува и денес се обидува да се одбрани. Да го одбрани тоа нешто што тогаш првенствено би било трагедија за него, меѓутоа, и за тие кои во тоа време му дале глас, за да ги претстави во Охрид.

Господине Георгиевски, треба да знаете нешто дека Македонија по 2001 година има нови реалности и тој  тие реалности треба да ги прифати.

На крајот јас би му кажал и тоа дека во животот има некои работи кои што се купуваат со пари, меѓутоа некои работи не се купуваат. Доколку стратегијата на господинот Георгиевски додека беше министер, беше партнерот на неговата коалиција да го купи со пари и да го шета со кола таму каде што тој сакаше во таа дестинација. Сега, има нова реалност и тоа не може да се случи што го сака тој.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете господине Георгиевски.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Господинот Рафис Алити многу убаво зборуваше така меко со љубов за Македонија и покрај тоа секогаш ќе го видам него на една голема и позната битка во околината на Радуша кога 50-тиан македонски полицајци и војници беа опколени и пукани од сите страни, така што сега таа негова слика и оваа мирна слика практично не можам да ја споредам.

Меѓутоа, еве, да се согласам со неговиот тивок стил за Македонија, господине Алити да ви предложам една работа. Во интерес на позитивноста, довербата, на љубовта, новата креација што ја правиме во Македонија, да дадете еден предлог ова ново мнозинство во Кичево и во Струга да го повлечете како ДУИ и да направите еден голем чин во интерес на довербата, на еднаквоста, на братството во Македонија. Еве, Скопје нека остане двојазично, меѓутоа, со два амандмани повлечете, мнозинството албанско во Кичево и во Струга што се прави на вештачки начин. Па, да видиме дека сега оваа кроткост, оваа питомост, овој вака нов креативен дух има доверба и од двете страни. Ако го направите тоа, јас ќе бидам првиот што ќе се заложи за двојазично Скопје.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колеги, јас ве молам да се придржуваме кон времето.

За реплика се јави господинот Хусеинџеват Хусеини.

ХУСЕИНЏЕВАТ ХУСЕИНИ:

Имам причина што оваа реплика ќе ја направам на македонски јазик.

Господине Георгиевски, не знам зошто вие сега минирате еден процес кога оваа коалиција сака да направи односно да основа од сега натаму една заедничка историја на сите народи во оваа држава. Зошто тоа сакате со ваква одбојност да го минирате. Од каде толкава одбојност кон албанскиот јазик и дали албанскиот јазик и Албанците претставуваат опасност за Македонија. Колкава опасност претставува, ако ја споредиме со една друга опасност. Сакам најискрено да ми одговорите, дали не е најголема опасност за Македонија, дали не е еден Дипадридите кои заработуваат или заработувале, сеедно за мене, со далавери во Македонија, а далавери има турски етимон, да преведам на македонски, би дошло даравели. Значи, заработувале даравелски. А, втората татковина им се другите земји каде ги чуваат парите и ги трошат. Тоа се Грчките острови, Србија, Мајами, Јужна Родезија итн. Дали оваа ваша одбојност пред јавноста е една мимикрија, една амбалажа, за да се покрие ова второто.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Опфативме многу широко во репликиве и многу пошироки теми.

Господине Љубчо Георгиевски, повелете.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Репликата се состои, прво, од два дела.

Намам јас никаква одбојност кон албанскиот јазик, а тоа се покажа многу во моето владеење кога Универзитетот Ван Дер Штуловиот беше признат и направен токму од вашата Влада. И, денеска немам никаков проблем Албанците секаде каде што се наоѓаат да си го зборуваат албанскиот јазик. Впрочем, така е низ цела Македонија.

Проблемот на овој нов закон за територијалната организација за мене е нешто друго. Проблемот е во тоа што со овој закон за територијалната поделба во Струга и во Кичево ние во наредните 4 години ќе бидеме сведоци на масовно етничко чистење на Македонците, а во Скопје двојазичноста не претставува ништо друго, туку изживување. Ама навистина ве уверувам, вие да наметнете двојазичност во Кисела Вода, во Карпош, во Центар, тоа не е ништо друго туку начин да се покаже некаква победа над македонскиот граѓанин во Република Македонија.

Што се однесува за вториот дел, господинот кога сака многу да разговара би го прашал, редно е ДУИ, некогашна ОНА, да ни даде конечно отчет во Република Македонија кој ја финансираше борбата на ДУИ во тоа време, кој го купуваше оружјето, од каде се финансираа сите тие елементи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Георгиевски, јас ве молам и пред малку ве опоменав, да бидеме коректни и да се придржуваме кон Деловникот.

Следен за реплика е г. Невзат Бејта.

Повелете.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ви благодарам.

Бидејќи, моите колеги објаснија некои работи, јас верувам дека нема да се повторам. Не знам како г. Георгиевкси доби храброст и јавно излегува против граѓаните

Албанци и против употребата на албанскиот јазик, кога јас пред мене го имам Охридскиот договор, каде што и тој е еден од потписниците со другите потписници.

Господине Георгиевски, всушност, господинот Георгиевски јавно се изјаснува против општините Кондово и Сарај за припојување кон Скопје и тоа е во согласност со Охридскиот договор. Тогаш, тој не бил свесен што потпишал, тој има проблеми со самиот себе си. Но, на површина излегува нешто сосема друго. Вистина, јас за себе знаев и знам што се сокрива во душата на Георгиевски, но не знаеме граѓаните на Република Македонија, а особено Албанците дека тој навистина има една голема омраза спрема Албанците. Тој со денешното негово излагање искажа дека не е за соживот со Албанците, туку е за поделба. Неговиот говор кажува дека тој во себе има една нацистичка омраза во однос на Албанците. Затоа, сакам да кажам дека нацистичките идеи се закопани со завршување на Втората светска војна. Тој тоа јавно го кажа.

Потпретседателке, ве молам, тој јавно кажа пред пратениците, пред јавноста дека е против употребата на албанскиот јазик во главниот град. И, што сака да каже со тоа. Тоа е навистина нацистичка идеја и не се коментира поинаку.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам, немојте, нацизмот си има дефиниција, така што може да не се согласуваме меѓу себе, меѓутоа, овде јас не видов траги на нацизам.

Сега, одговор од господинот Љубчо Георгиевски.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Мене ми е жал што одредени пратеници Албанци го искривуваат мојот говор кога бев на говорницата, јас само ќе потенцирам накратко уште еднаш. Во Охридскиот рамковен договор, во делот што зборува за употреба на албанскиот јазик и неговата употреба како службен и официјален јазик, не стои дека треба да има двојазичност во Скопје. Значи, тоа е јасно и децидно напишано.

Втора работа е каде тој треба да се употребува и на кои места. Тоа е исто така детално кажано и тоа е потпишано од мене. Делот зошто сум против втор официјален јазик во Скопје на албанскиот јазик, не е затоа што сметам дека Албанците не треба да

зборуваат на албански јазик, туку затоа што на тој начин Република Македонија буквално се федерализира. Значи, не е почната федерализација како што кажуваат, туку буквално се федерализира. Два службени јазици во главен град е одлика само на федерални држави. Значи, проблемот не е етнички, туку е чисто политички.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика е јавен господинот Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван господине Георгиевски, опасни тези кажувате во Парламентов. Ве гледам дека уживате во тие тези, се чувствувате на свој терен кога ситуацијата ја доведувате да разговараме повторно за кризата.

Она што мене ми пречи и што целата македонска јавност се прашува е зошто се однесувате како да не го познавате Охридскиот рамковен договор, кога сте потписник на Охридскиот рамковен договор. Велите дека ова не е во духот на Охридскиот рамковен договор, а јас сакам аргументирано да зборувам и ќе ви ги цитарам оние луѓе, кои вие со Охридскиот рамковен договор ги повикавте. Во Основни принципи, во точка 3.2. вели дека “ревизијата на општинските граници ќе биде спроведена од страна на локалните и националните власти со меѓународно учество”, за да завршува Охридскиот рамковен договор со Анекс -Ц точка 6.2. “страните ја поканувaат Меѓународната заедница да обезбеди помош за имплементација на Охридскиот рамковен договор. Амбасадорот Петерсен, амбасадорот Батлер, амбасадорот на ОБСЕ, командантот на НАТО велат “Цврсто веруваме дека овој договор претставува рационален баланс преку кој целосно се почитува духот и словото на Охридскиот рамковен договор”. Писмо од Солана: “Со ваквиот чекор Македонската Влада покажува дека Македонија се приближува кон Европа и кон целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор”. На крај, состанокот на министри на Европската унија во заклучоците се вели: “Овој договор ја потврдува решеноста на Македонската Влада да ја спроведе децентрализацијата и во целост да го имплементира Охридскиот рамковен договор”. Во што е разликата? Како резултат на ова што ние го правиме во еден весник излезе наслов Македонија пример односно Петерсен вели: “Македонија денес е зрела и стабилна земја која ја има зацртано својата цел”.

Во тоа е разликата. И во ваше време Македонија беше пример, но беше пример на земја со конфликт. Овој потег што ние го правиме не доведе, со нашиот модел што го работиме, да бидеме побарани како кандат за ЕУ, да не има како примерза цел регион. Во ваше време, кога бевте министер, бевте изолирани и од Меѓународната заедница. Кога е изолиран претседателот на Владата, изолирани се сите граѓани на Република Македонија . Ние направивме Македонија да биде пример. Во тоа е разликата г-дине Георгиевски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Повелете г-дине Георгиевски.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Г-динот Жерновски вели дека Рамковниот договор му е многу јасен. Дека му е многу јасен потврдува и фактот дека коалицијата ДУИ, СДСМ и ЛДП два месеци преговаат токму за тие три прашања, Кичево, Струга и двојазичноста на Скопје. Како тоа не ви беше јасно од првиот пат, па ви требаше два месеци да разоварате на таа тема?

Втора работа, за Меѓународната заедница, г-дине, во време на Владата на Георгиевски, Македонија го направи најголемиот чекор со ЕУ а тоа е Договорот за асоцијација и стабилизација. Заладувањата кои подоцна се дојдени помеѓу Георгиевски и Меѓународната заеница, не беше за фотељата на Георгиевски, туку беше заради Македонија, затоа што јавно кажував дека Меѓународната заедница не епринципиелна во поглед на конфликтот во Македонија. Тоа и ден денс го кажувам дека и со новиот закон за децентрализација, меѓународната заедница не е принципиелна што ќе го наведам примерот, тоа што се нуди за Македонија, се забранува за Косово. Значи децентрализација може да има во Македонија, а на Косово се забранува. Резултатот е етничко чистење на неалбанските територии.

И третата работа со Меѓународната заеница, завчера го чувме новиот претседател на Европската комисија кој рече дека Македонија дефинитивно е отпишана од преговорите за ЕУ и ќе биде добар сосед на ЕУ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Г-дине Георгиевски уште еднаш ве молам да се придржуваме до времето.

(со седницата продолжи да раководи Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија .)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има реплика г-динот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван колега Груевски.

(смеа во салата)

Вие рековте ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Георгиевски не Груевски.

БОРИС КОНДАРКО:

Лапсус, се извинувам, затоа што мислев да кажам дека во основа вашата политика е иста. Се извинувам за лапсусот.

Значи, г-дине Георгиевски, вие рековте дека СДСМ го донел Законот за територијална организација во 1996 година. Да, ние го донесовме. Вие тогаш баравте 80 општини, ако не се лажам. Сега го имате тој предлог во парламентот, на маса, да го изгласаме. Што е проблемот, зошто сте против? Зошто сте противречни? Која ви е намерата , која ви е манипулацијата со јавноста ? Објаснете зошто ја користите оваа ситуација за да создавате вакви тензии и нетрпеливост помеѓу граѓаните на Република Македонија .

Второ јас ви честитам г-дине Георгиевски дека кажавте јавно дека сте против двојазичност на Скопје, т.е. на Сарај, т.е. припојувањето на Сарај и дека не страмите од тоа. Проблемот е г-дине Георгиевски што вие не се срамите, а треба да се страмите. Вие г-дине Георгиевски дали знаете каква е реалноста и во Скопје и во Република Македонија , дека ние живееме со граѓаните, исто како вас, албанци и тие се еднакви граѓани на оваа држава. Во една демократска држава остварувањето на правата од Рамковниот договор и од Уставот кој вие го потпишавте, на едни, не може да штети на други. Што е тука сега

проблемот? Исто така како што не се срамевте и во 2001 година, а требаше и тогаш да се срамите. Затоа ние сега се срамиме од вас, затоа што со остварувањето на Рамковниот договор, со заложбите за заеднички живот не се прави федерализација. Федерализација се прави со вашата политика што сакате да не одведете и да не одвоите во енклави. Ние таква Република Македонија не сакаме. Не сакаме Косовска Митровица, да биде Струга.

Понатаму прашавте кога СДСМ ќе ја сноси одговорноста за неуспешни проекти. СДСМ ќе ја сноси одговорноста на избори, како во секоја демократска држава. Ние одлучно ја браниме и ги изнесуваме аргументите на оваа политика. Се тоа што претходно го зборувавме, нашата политика, нашите аргументи ќе се соочиме на избори.

Понатаму, ако вие толку се секиравте, каде е вашата одговорност за Република Македонија .Сите велат, незнам, нема докази, уште не сте обвинет, дека сте ја опљачкале државата. Можеби ќе се докаже. Незнам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Кондарко завришија вашите три минути.

Повелете г-дине Георгиевски имате една минута контра реплика.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Веќе незнам што да одговорам. 16 години бев вице шампион во шах во источна Македонија, имав симултанки со постари шахисти. Сега ова веќе ми наличува, исто така на симултанка. Незнам сега дали на сите да ви одговарам.

Еве сега г-динот Кондарко ми рече опасност од федерација.

Г-дине Кондарко ние веќе сме, дефакто, федерација. Ние дефакто сме федерализирана држава. Нека ми објасни што уште треба да се направи па да се викаме федерација. На кого сега моабет му правиме. Мојот страв е многу конкретизиран. Мојот страв е за Кичево и Струга затоа што ви гарантирам дека од Кичево и од Струга за 4 години луѓето со толкава брзина ќе се селат што Дебар и Гостивар нема да и биде равен. А за Скопје, проблемот со Скопје е..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Георгиевски ви помина времето. Помина една минута.

Повелете г-дине Ивановски имате три минути реплика.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Г-дине Георгиевски знам дека од секогаш ви импонирало да играте симултанка, но , за жал ако ја сфаќате така тогаќ имаме поголем проблем, бидејќи секогаш треба да оставите простор да се полемизира со тезите, ако не барем со вас. Очекував навистина повеќе од вашата дискусија од проста причина што самите рековте, бевте сведок на потпишување на Рамковниот договор и ја имавте одговорноста до 2002 година, а сега се обидувате повторно некако да дојдете до повисоко рамниште за такво нешто.

Рековте само едно, во Рамковниот договор не пишуваше, или не се договоривме дека Скопје ќе биде двојазично. Тоа е факт. Рамковниот договор не е обична хартија. Тоа не е фискална сметка која беше направена после три месеци преговори. Рамковниот договор значи начин на уредување на односите во оваа држава, помеѓу македонци и албанци, помеѓу македонци и сите останати, Србо, Роми, Бошњаци, Власи. Значи систем во кој сите се рамноправни, систем во кој едните права не ги загрозуваат другите. Апсолутно не покажавте такво нешто, за жал.

Она што апсурдно го повторувате дека легитимно е за вас Сарај, Кондово и сите останати логично припаѓаат на Скопје, и ако е тоа така, ама нелогично е Скопје да биде двојазично. Волшебна формула да биде и ова и ова, да биде едното а да не биде другото, нема. И на крајот на краиштата г-дине Георгиевски, се сеќавам кога прв пат влеговте во оваа сала како пратеник, кога веќе не бевте премиер, не ги ставивте слушалките кога вашите пратеници зборуваа. Не ги стававте месец, два, не доаѓавте долго време. Денеска ги ставате. Значи еволуирате, прифаќате дека за да ги слуќнете другите ги ставате слушалките. И тоа е предноста. Јас за тоа ви честитам. Но, за бидете конзистентен до крај, треба да бидете и во вашите ставови и да се промените, бидејќи реалноста се менува. Вие сте учесник и сведок на тоа менување на реалноста.

Вашиот колега Чашуле рече - никој на ништо нема да промени. Што добива некој ако се движи по двојазична” Партизанска” или двојазичен” Гоце Делчев” Апсолутно ништо мене нема да ми смета, но албанецот или на некој друг ќе му покаже гест дека неговото право не е загрозено, туку напротив констатирано. Клучното прашање кое ќе се постави,

г-дине Георгиевски е дали граѓаните во оваа држава своите права ќе ги остварат на тој начин што по двојазична “Партизанска” ќе возат со полн резервоар од својот автомобил и ќе знаат каде да одат и како да го уживаат својот живот. Тоа е вистинската дискусија. Се додека пвоторно се обидувате да ја враќате реториката и дискусијата од 2001 година, секогаш ќе имаме едно сидро долу. Додека тоа не заврши ние не можеме да отидеме горе.

Андреј Жерновски зборуваше за пораките кои ги прочита децидно. Такви пораки има и сега , такви пораки треба да бидат конкретни и ќе биде достигната победа, ама само ако направите исчекор напред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине.

Повелете г-дине Георгиевски, една минута.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Господине Јордановски, вие повторно зборувате за Рамковниот договор како за некој дух, како за некој систем. Јас уште еднаш ви потенцирам. Рамковниот договор ниту е дух, ниту е систем. Рамковниот договор е буквален документ отворен и затворен. Значи тоа го потенцирам сто пати и консултирајте ги сите ваши соработници. Не може на кој како ќе му текне секоја година да си отвора по Рамковниот договор. Сите проблеми таму се отворија и се затворија. И за Скопје што ви го кажав тоа за двојазичните табили. Можеби и мене нема да ми пречат на “Партизанска” двојазичните . Проблемот е во принципот. Проблемот е во фактот што со двојазичното Скопје ние правиме, дефакто, федерализација на Македонија. Главни градови кои се двојазични можат да се избројат на прсти. Тоа се Брисел, Квебек односно таму во Канада, Онтариот, Цирих. Значи федеративните држави имаат двојазични градови. Принципот е во проблемот зошто не сакате..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Георгиевски.

Повелете, последен за реплика е јавен г-динот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Благодарам г-дине претседателе.

Очигледно г-динот Георгиевски сака да манипулира со монополот информации дека бил присутен за време на Охридскиот рамковен договор. Но, она што го читаме од Охридскиот рамковен договор, бидејќи е таа хартијата која ја читаме, што е напишана, но не е затворена, бидејќи од Охридскиот рамковен договор најбитна е имплементацијата, укажува дека апсолутно е погрешна тезата дека со Охридскиот рамковен договор не е предвидена онвата територијална организација. Затоа таму е напишано дека треба да има ревидирање на грнаиците, после резултетите од пописот, после земањето и присуство на меѓународни експерти во креирањето на новата територијална организација. Да се потсетиме дека Охридскиот рамковен договор беше направен апсолутно за менаџирање на меѓуетничките односи. Затоа не можат да се избегнат меѓуетничките или етничките теми и како последица на Охридскиот рамковен договор во имплементацијата и на овој закон од множеството други закони кои ги донело ова парламентарно мнозинство. Јас апсолутно не мислам дека треба да се срамите со тоа што признавте дека сте против двојазичноста. Тоа е искрено и го поздравувам и ми се потврди фактот дека Чашуле не е член на ВМРО-народна, без разлика што прв ќе ви аплаудира тој кога вие ќе зборувате, бидејќи тој кажа дека е за двојазично Скопје, но не на начин како што е сега донесено. И сите кои што го прифатија Охридскиот рамковен договор, вклучувајќи ве и вас, бевте свесни дека тоа е договор кој нуди стабилност, развој и поинаква иднина на Македонија. Секако, за да се стигне до тоа треба да стигнат и некои промени. Затоа сите овие закони кои ги носи ова парламентарно мнозинство одат во тој правец и во промени на Македонија и на слиакта на Македонија. Затоа пласирањето на тезата и стравот и повикувањето на опасност од некаква дестабилизација и апсолутно отсуство на политички прагматизам е многу поопасно од партиски маркетинг кој се прави овде на говорницата. Од друга страна пак тезата за загрозеност на македонците во Скопје, Струка и Кичево е недостаток на доверба во вашиот, сопствениот народ на Република Македонија и во сопствените гласачи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете една минута г-дине Љубчо Георгиевски.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Г-дине Макрадули ќе почнам од крајот.

Недостаток од доверба јас немам од македонскиот народ. Недостаток на доверба, за жал имам од претставниците на ДУИ затоа што едно ми е јасно. Имено, кога ќе стават началници на полиција во Кичево и Струга, бивши команданти на УЧК, кога стават началници на здравствените домови и кога ќе стават началници на урбанизам, јас ви гарантирам дека македонците таму ќе бидат луѓе на кои никој не ќе може да им помогне, ниту пак има каде да се пожалат. Едно ми е јасно, а тоа е дека од мнозинска држава, таа која има контрола на својата територија и население, ќе дојдеме во таа ситуација македонците од Кичево и Струга, да не зборувам за Дебар, Гостивар и Тетово ќе бараат заштита  Амнестејинтернешнел.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Георгиевски, помина една минута.

Процедурално за збор се јавува г-динот Чашуле.

Повелете.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Го молам пратеникот Макрадули кога ќе реплицира на друг пратеник да не ми реплицира мене, бидејќи ми го одзема правото и го крши Деловникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се согласувам со вас. Еве праќам апел тоа да не се користи.

Повелете Караџоски имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувани колеги, почитуван министре,

Општина Сарај е типичен пример што може да се нарече општина жртва. Зошто жртва? Затоа што почитувани колеги, општината Сарај постоеше, опстојуваше, таа

имаше свој градоначалник и своја управа и таа фигурираше и функционираше се до овој момент додека не дојде овој закон.

Би сакал почитуваниот министер да го потсетам дека општината Сарај како предлог на Владата беше и во првата фаза. Еве тука картата од првата фаза. Таа беше предлог заедно со Кондово, посебна општина. И тогаш ние исто така дебатиравме, некој одеше во правец на едно, некој во правец на друго, меѓутоа никаде, од расправата по предлогот за донесување на закон за територијална организација, во првата фаза не слушнав некој од пратениците да се залага да се укине општина Сарај. Нити тоа се случи на комисиите, ниту од општата дебата, ниту пак од јавното мислење. Обично кога се нудат образложение на текстот на законот, се кажува дека заради тие и тие дискусии, заради таквите и таквите заблешки Владата прифатила тоа , не прифатила друго. Значи такви забелешки не постоеја. Сега се поставува прашањето од каде од еднаш во втората фаза се најде решението таа општина да биде укината, односон припоена кон Градот Скопје. И сега тука ќе дојдеме кон оној проблем односно до онаа суштина. Затоа ја крстив како општина жртва. Значи мораше да се најде жртва, Мораше да се најде општина која ќе се припои кон Градот Скопје, само со една единствена цел, а тоа е Скопје да стане двојазично. Сега почитуваните колеги од ДУИ кои толку многу сакаат да ни го читаат Рамковниот договор, буквално како да учествувале во неговото потпишување, а не во неговото иницирање, цело време не убедуваат и ни кажуваат дека ова решение е Рамковниот договор, ова решени е заради тоа што во Рамковниот договор е така предвидено. Колку што знам ДУИ е во Владата. Ако тоа е решение од Рамковниот договор, ме чуди како можела првата фаза да излезе без тоа решение. Зарем тогаш го заборавивте Рамковниот договор, или требаше да ви текне од како се затворивте во Маврово на преговори, па од чистиот планински воздух, научени веројатно на чист воздух, па ви текна дека Рамковниот договор сте го пропуштиле и тогаш се сетивте..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Караџоски, за Рамковниот договор не зборуваме. Зборуваме за Сарај.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе Мавровскиот договор е дел од овој што Сарај го има.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во Маврово не е потпишан никаков договор. Ве молам зборувајте за Сарај.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Мавровските преговори поточно.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е веќе поинаку.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе навистина претерано влегувате во секоја дискусија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Затоа што е надвор од темата.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не е апсолутно надвор. Каде е надвор. Зборуваме за суштинска работа и не е надвор. Зошто бегате од она што е вистина. Имајте храброст. Еве г-динот Георгиевски кажа храбро кажете и вие храбро. Значи тука се гледа нелогичноста на предлогот.

Сакам да ве потсетам почитувани колеги, бидјеки треба да гласате за амандманот кој што го предлагаме ние. Имаше толку аргументи не од нас, да не не слушате нас, туку да ги слушавте претставниците на Владата, да речеме премиерот и сите оние кои што учествуваа во изготвување на овој предлог.

Сите добро слушавме како Предлогот за општината Сарај да влезе во Скопје е неприфатлив за никој , па ни за Владата. Нели си го поставувате прашањето зошто денеска расправаме за овој закон. Затоа што два месеца треба да се договорат. Се затворија во нетранспарентни разговори, се исклучи јавноста, се исклучи стручноста. Требаше некому да се удовили почитуван министре, тоа удоволување беше крстено 3:0 , како оди работава ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски ќе ме убедите дека за Сарај дискутирате. Јас незнам кој фудбалски тим постои за 3:0 да се изгуби или добие. Зборувајте за Сарај.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Еве за Сарај ќе зборувам претседателе. Значи, главната цел беше да ги тргнеме почитуван министре сите оние аргументи кои што упорно ги браните, јас ви честитам на храброста како ги браните овие решенија, меѓутоа, главниот аргумент е да стане Скопје двојазично. Овдека некој кажа дека прифаќа неприфаќа да има двојазичност, нека е и тројазично и т.н. Меѓутоа, проблемот е зошто Скопје не беше двојазично во првата фаза. Зошто? Зошто тогаш во првата фаза кога ги слушавме вашите образложенија кои беа многу поопширни отколку сега , не се спомна дека треба Скопје да биде двојазично, туку се тврдеше и се зборуваше дека овој закон има основна цел да направи децентрализација за која што се согласувам. Значи, основната причина за да стане Скопје двојазично , бидјеки по природен пат со онаква структура каква што беше , мораше да се најде плус албанско население, а плус албанско население може да се најде ако се спојат некои други каде што имаат такви. И така дојдовме до ова решение.

Јас искрено се понадевав дека ако општината Сарај како жртва ќе стане составен дел на Скопје, па ајде да го голтнеме и тој балон навистина се порадував, барем ќе куртулат останатите две Кичево и Струга. Меѓутоа, очигледно е дека предлогот кој што е ваков апсолутно е нелогичен. За некого е неприроден, за некого природен, но апсолутно е нелогичен. Да се дојде до цел само да се постигне некаква политичка варијанта, односно политички договор, за да некој град стане двојазичен, не водејки сметка за сите оние параметри за кои што и пред малку зборував за другата општина односно за Самоков, навистина е нелогично. и тоа остава последици.

Сега некој ќе каже опозицијатам претера со амандманите, па и ова е измислено, па целта ни е да опструираме . Не е целта да опструираме. Со овој амандман кој што сго предлагаме , мислиме дека постои шанса сеуште да ве разубедиме. Ако можеме да ве разубедиме, меѓутоа, постои надеж. Овој амандман оди воприлог на тоа дека сеуште не е доцна да се исправи една неправда која можеби со години ќе ја влечеме. И на крајот на краиштата слушнете го гласот и на народот, слушнете го гласот и на јавноста. Јас не слушнав ама никаде некој позитивен аргумент зошто овој амандман не бил прифатен, ако го слушнеме и јавното мислење и професорите и народот кој излегува наулици и т.н.

Никаде не постои аргумент овој амандман да не биде прифатен. Напротив, сите се за. И што е најсуштински она што г-динот Чашуле го кажа, со ваквите решенија не се прави децентрализација туку обратно, се прави централизација, ние го централизираме градското подрачје. Го зголемуваме и на тој начин правиме централизација а не децентрализација, ако веќе зборуваме за некаква децентрализација. Значи од првата до втората фаза на поднесвуањето на законот многу работи се изменија во смисла на општината Сарај, поточно на Градот Скопје, откако некој беше очигледно притиснат да донесе решение кое и самиот предлагач знае дека не е во ред. Затоа шансата да се исправи таа нерпавда е да се прифати амандманот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Караџоски, само би скал да обрнам внимание на г. Чашуле, бидјеки го спомна г. Караџоски во неговиот говор можеби во позитивна смисла, а имаше замерка кога го спомна г. Макрадули.

Повелете г-дине Чашуле зошто до сега молчевте.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Господине претседател, копчето за микрофоните кај вас не е кај мене. Вие сте побрз од мене, помлади сте.

Господине Караџоски ве молам, да не полимизирате од говорница со мене. Држете се до Деловникот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине министре.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Караџоски ме прозивате и слушајте сега. Бидејки вие сте еденод оние пратеници кои читате закони и кој учите од постарите пратеници по стаж што беа кога дојдовте пред 5 - 6 години во овој Парламент. Употреба на јазиците е во Законот за Градот Скопје или прегледот за донесување на закон за организирање на Градот Скопје посотеше во Глава 7 употреба на јазиците член 32 и член 33.

Во општините службенјазик покра јмакеоднскиот јазик и неговото кирилско писмо е јазикот и писмото кое го користат најмалку 20% од жителите на општината и за употреба

испод 20% одлучува Советот на општината тоа е членот 32. и во Градот Скопје во досегашната територијална организација општината Центар во која има приближно 30% припадници на албанската заедница го имаат службениот јазик и во општината Чаир од досегашната територијална организација во која има 40% припадници на албанската заедница го имаат службениот јазик, но да бидеме корекни и фер, освен слушалките во Центар, во општината Чаир,каде што е градоначалникот на ВМРО-ДПМНЕ не се исполнува ни во основните капацитети, иако и Уставот и Законот за локална самоуправа се во потполна сила.

Сега сакам да ви укажам г-дине Караџоски член 33 граѓаните на Град Скопје, припадници на заедниците , чиј јазик во најмалку две општини е службен јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, имаат право на комуникација со органите на Градот Скопје, да го употребуваат јазикот и писмото на заедницата на која припаѓаат. Пва е дел од службената употреба на јазиците на припадниците во кои две општининајмалку зборуваат.

Многу интересно е во првобитната расправа припадниците на опозицијата иако очекував јас како министер одредена реакција за ваквото воведување во комуникацијата со локалните органи на единица и на Градот се Советот и градоначалникот дека ќе има реакции, немаше никаква реакција во расправата и тоа беше пдоржано од страна на опозицијата без никаков дел на реакција. Укажувањето на стручњаците дека ваквата формулација која не беше со цел капацитет на службен јазик во дел на комуникација е против уставна и на Уставен суд би паднала. Се бараше меѓу коалиционите партнери во Владата да се формулира уставната опреелба за која г-динот Георгиевски вели дека не била спомната и во законот за Град Скопје кој ви е доставен имате целосно регулирање на употреба на јазиците на приапдниците и во општините на Градот Скопје и на ниво на Град Скопје. И д ане ја дезинформираме јавноста г. Ѓорѓиевски кажа ќе било во Карпош, е било во Ѓорче, ќе било во Гази Баба па нема да има на ниво на општини во делот на надлежностите употреба на службен јазик на припадници на заедниците , освен во Чаир, во Бутел и во Шуто Оризари каде ќе биде во употреба покрај албанскиот јазик во Шуто Оризари и ромскиот јазик. Во сите други општини надлежностите на ниво на општина

нема да бид епокрај македонскиот јазик друг службен јазик, бидјеки не ги исполнуваат условите за службен јазик. На ниво на Гази Баба припадниците на албанската заедниц асе околу 17% и затоа во Гази Баба не е службен јазик. Кога ќе гиисполнат условите, дали ќе биде по 2, 5, 7 години , сигурно и таму ќе биде по автоматизам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски, повлете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван минситре сите овие членови што ми ги прочитавте не ги знаевте во СДСМ. Зошто ви беше толку цврст ставот дека Скопје не го давате дека ако се отвори прашањето за двојазичност во Скопје ќе го отврите пазарот за Струга и Кичево. Зарем овие членови не ги знаете во СДСМ.  Зборувам како функционер во СДСМ и вие како министер. Тоа е едната работа.

Исто така, кога ги научивте вие овие членови. Два месец има од првата фаза.  Во првата фаза не ги видовте вечерва што сега мене ми ги читате? Кога станува збор повторно за двојазично Скопје. Или ви требаШе подлго време веројатно, за да сватите дека некој член нештопредвидел на која основа сега се позивате на тој член. Немојте да ја изввртувате работата, бидете искрени и кажете дека бевте притиснати од ДУИ и направивте тоа што направивте и заради тоа е реакцијата и на граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете процедурално г-дине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам претседателе,

Согласно член 76 од Делвоникот на Собранието, затоа што во текот на овие расправи се виде дека двојазичноста на Скопје претставува само дел од некаков политички договор, барам Комисијата за политички систем да одржи состанок и да заземе став за понатамошната работа по однос на оваа точка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате 10 пратеника?

Ги молам сите пратеници да влезат во слата за да гласаме.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе,

Ако политичкиот систем е одговорен за ова тогаш се повикувамна Деловникот каде што за секој амандман каде што се бара финансиски средства, а не се предвиденисо амандманот тие  треба да се поништат. Тогаш сите амандмани  треба да паднат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Делвоникот така вели.

Ве молам да влезат сите пратеници  да гласаме за ова.

Повењлете деловнички .

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Јас само сакам на почитуваниот колега Стојаноски да му кажам дека Комисијата за политички ситем и односи меѓу заедниците го разгледа овој закон, гласаше по овој закон и сите овие работи кои се изнесуваат беа изнесени на Комисијата и Комисијата го пдоржа донесвуањето на овој закон, достави извешти со сите дискусии и на сите пратеници е поделен тој  материјал, каде што децидно во овој опширени извешај се наведени сите дискусии и на пратениците од позицијата, од опозицијата, ЗЕЛС и т.н.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Шапуриќ овдека пишува во текто или до завршување на претресот, Собранието може да одлучи , прашањето што се претресува да го одложи и да го упати на надлежното работно тело, односно Владата дополнително да го разгледа и на Собранието да гоподнесе извештајто со мислења и предлози.

Значи дополнително да го разгледаат без оглед што има извештај.

Ве молам да се гласа и за тој предлог.

Повелете г-дине Алити процедурално.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам претседателе ,

Јас мислам дека немаше предлагачот подршка од 10 пратеници и барам поединечно да се гласа од пратениците кои се присутни во салата за предлогот што го

даде пратеникот Стојаноски, од причина што ова е игра. Некои се обидува да даде предлог и да оди предлогот на Комисија меѓутоа,истите не се присутни во салата во ова време и јас се сомневам во тоа што го рекоа и дека има подршка од 10 пратеници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Можете ли да ги обезбедите. И во време на гласање 10 гласа да ги обезбедите. Каде ви се 10-те гласа ве молам. Вие немате подршка од 10 гласа. Повелете подршка од 10 гласа. Затоа што вие барате за тоа да се гласа, треба да бидете тука.

Повелете г-дине Талат Џафери,процедурално.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Ви благодарам г-дине претседател,

Господиен претседател, ве молам процедурата се крши во моментот ког асе бара подршка од 10 пратеници и за предлогот кој што го имавме тие ја напуштија салата и ние навистина се соменваме дека имаше 10 пратеници кои што ќе гоподржат овој предлог и бидјеки се бара поединечно гласање тогаш нема право да се влегува внатре за да се потврди дали има или нема подршка.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате подршка од 10 гласа. Ако не сте внатре тие 10 вие ја немате подршката.

Повелете процедурално г. Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе,

Повторно се повикувам на Деловникот. Каде пишува во Делвоникот дека откако ќе се добие подршкаод 10 пратеници и вие тоа барање, тој предлог треба да го ставите на гласање. Каде пишува дека треба некој од пратениците да остане во салата. Наше право е дали ќе седамна чинот на гласање или не. Тоа е наше право.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Затоа што тие што ја бараат треба да бидат тука.

Повелете г-дине Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Само неколку секунди околу разјаснување на Деловникот. Бидејки тие 10 пратеника заедно со г-динот Стојаноски го подржаа тој предлог, тие автоматски се и предлагачи на тоа што ќе се гласа. А предлагачот треба да биде присутен во моментот на гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам го ставам на гласање предлогот на пратеникот Блаже Стојаноски.

Ве повикувам да гласаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Гласаа 56 пратеника, 4 пратеника гласале за, нема воздржан, 52 против.

Ве молам утврдете го бројот. (Службите ги пребројуваат пратениците)).

Во салата беа присутни 64 пратеника.

Констатирам дека предлогот не е усвоен, одбиен е.

Повелете госпоѓо Лалчевска имате процедурално.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине претседателе, Деловникот го направивте партал, неодамна ставивте на гласање предлог кој не беше поддржан од 10 пратеника, рековте во тие што гласале имало 10, а сега правите обратно, добивате поддршка од 10, а не го ставате предлогот на гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа значи дека јас се корегирам и учам и ги признавам грешките.

Повелете господине Караџоски, процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, врз основа на истиот член што го кажа Блаже Стојановски, барам да се свика ЗПК и да одлучува по однос на овој амандман...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Караџоски не го прифаќам тоа и какво објаснување да имате.

Господине Трендафилов се јавувате за збор? (Не).

Процедурално повелете господине Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Господине претседателе сметам дека навистина овој начин кој се применува при утврдувањето и гласањето не значи ништо друго, туку само манипулација со предлогот. Зошто? Затоа што јас во моментот на предлагањето на мојот предлог имав поддршка од 10 пратеници, вие, по она што го сугерираа пратениците од ДУИ, кажавте дека не сте сигурни дека 10 пратеници гласале за мојот предлог, а претходно утврдивте дека 10 гласаа за тој предлог и го поддржаа.

Целта што сакаше да се постигне со овој предлог не беше да се манипулира, туку да се сфати една ситуација во која парламентарното мнозинство се однесува несериозно затоа што не обезбедува мнозинство за текот на расправата и гласањето по однос на овие амандмани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојаноски тоа е ваше мислење, јас не давам повеќе процедурални дискусии, господине Кедев имате збор.

Се извинувам, господинот Трендафилов е прв.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Господине Јордановски во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам пауза од 15 минути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Пауза не давам, имавте пауза, продолжете со вашиот говор. Продолжете ја дискусијата.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Со оглед на тоа дека сте во попладневниот дел од парламентарната сесија доста ригорозен, моето обраќање можете да го сфатите како писмена работа која би била заглавена Сарај и Рамковниот договор. Да не бидам принуден постојано да спомнувам Сарај во контекст на новата територијална поделба и главниот град и вие да ме прекинувате, на тој начин дискусијата да добие поинаков тек.

Неприфатливоста на ова решение кога беше првиот амандман врзан со територијалната организација на главниот град на Република Македонија во текот на

вчерашната дебата се обидов, инаку понекогаш е подобро кога владиното мнозинство не е во салата има тишина и можеме нормално да комуницираме. (Галама во салата). Јас не патам од тоа да бидат сите тука, да нема уште една процедурална стапица.

Зборувајќи во контекст на Општината Кондово во поглед на актуелниот закон за територијална ... немаме претставник на Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Инсистирате да биде тука?

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Секако.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Гештаковски ве молам да влезете во салата. (Министерот влегува во салата).

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Во ред.

Тогаш во еден дијалог со министерот за локална самоуправа, а осврнувајќи се на некои паралели кои се прават од неколку пратеници без оглед дали се претставници на опозицијата или позицијата, го истакнав фактот дека не треба да се прави паралела помеѓу ситуацијата во Република Македонија во 1996 година...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам колеги ако не можете да бидете тивки, никој не ве држи овде, можете да излезете, барем за дискусија не треба кворум.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Значи, тогаш го истакнав фактот дека во основа не се согласувам со знакот равенство меѓу ситуацијата во 1996 година воопшто не навлегувајќи кој го подготвувал овој закон, кој го застапувал во Парламентот, а кој бил против него. (Во моментот неколку пратеници од позицијата ја напуштаат салата).

Една пауза од 15 секунди за шетачите од СДСМ за да можат да излезат од салата, јас ќе продолжам.

Застанав околу несогласувањето што се прави еднаквост помеѓу ситуацијата и условите во кои е подготвуван тогашниот Закон за територијална поделба на Република Македонија со сите негови предности или недостатоци кои тогаш биле јавно или не биле кажани и оваа територијална поделба која сега е на дневен ред, затоа што повеќето дискутанти кои воглавно преку реплики се јавуваа од СДСМ тие сакаат да го истакнуваат фактот дека сега Република Македонија и новата територијална поделба конкретно Општината Сарај и нејзиното повторно припојување кон територијата на Скопје, треба да ги сфатиме како дух на едно ново време.

Од тие причини, бидејќи ова е еден од почесто спомнуваните аргументи на владиното мнозинство овде во Собранието на Република Македонија малку е контрадикторно и затоа спомнав една идеја која најверојатно, доколку овој амандман не биде прифатен од Собранието на Република Македонија, добива можеби скромна по бројка во овој момент, но јас и неколкумина, значи не сум само јас, пратеници размислуваме во насока дека главниот Град Скопје повеќе не треба да биде Скопје. Ние не можеме да зборуваме во рамките на тоа дека своевремено кога 1996 година Сарај и Кондово биле припоени во Скопје и сега по една пауза можеби во 2004 година тоа да го детектираме и да сме се развивале во еден нормален свет без сите проблеми и без војната во 2001 година. Значи, ако се обидеме да гледаме низ розовите очила на претставниците на парламентарното мнозинство, ќе ни беше јасно дека воглавно како и за сите општини за кои сега зборуваме или исчезнуваат или ги видоизменуваат своите граници, нарушуваме можеби еден скромен по години тек на некаква локална традиција која е затечена таму. Инаку, од друга страна, а како што се обидуваат да не убедат некои пратеници кои воглавно се спротивставуваат на амандманите поднесувани од ВМРО, тие го истакнуваат фактот дека треба да го разбереме и прифатиме новиот дух на времето и новата реалност во Република Македонија.

За жал, таа реалност не може да биде така розова и перспективите можеби не можат да бидат така розови, на крајот на краиштата тоа е индивидуален пристап и очекување секој од нас индивидуално што очекува да се случува и на индивидуален и на национален план.

Она што се зборува дека вештачки создаваниот административен центар кој ќе се нарекува главен град на Република Македонија, по сите забелешки кои беа искажани од опозицијата дека единствено е потребно да се добие квотата, ако само ја погледнеме во целина картата која ни е доставена како предлог од Министерството за локална самоуправа, можеме да забележиме дека тоа што некој своевремено го пропуштил или мислел дека не постојат никакви политички услови, без оглед со каков притисок и каква сила би биле измислувани евентуалните промени во тоа време, дека сега можеме да го направиме во рамките на една навидум, за жал, и тоа не излезе така во јавноста во навидум нормална парламентарна или ништо чудно како политички договор.

Од тие причини е предлагањето на овој амандман исто како што беше амандманот за Кондово дека ние имаме една алтернатива или да се обидеме да се гледаме во континуитет на што сите сме сведоци, овде на повеќе наврати во овие три-четири дена токму пратениците кои ја поддржуваат Владата на господинот Костов излегоа и кажаа дека ние имаме сосема друга реалност, сега почнуваме нешто наново.

Системот по кој се обидува Владата да не убеди да ги прифатиме овие измени во рамките на границите на општините во Република Македонија  има некој чуден вредносен систем кој за некој понекогаш важи, за некој не важи.

На тој начин во целина вклучувајќи ја, бидејќи амандманот се однесува на Сарај, почнувајќи од Сарај, можеме да заклучиме дека има една голема перспектива тоа што своевремено не се издејствувало, а би било важечко, да речеме на територијата на Република Македонија, сега во голема мера да биде видоизменето благодарение на еден политички договор кој не знаеме како се печел, но кој траеше повеќе од еден месец.

Владиното мнозинство во Собранието на Република Македонија  овие аргументи, дел од овие се издржани аргументи за другите општини не навлегувајќи во предусловите на она што го кажав како скромна традиција на некои општини, некои општини имале малку повеќе затоа што повозрасните жители во тие локални средини се сеќаваат и кога биле до 60-тите години општини ме наведува дека овој обид на Владата на Република Македонија  е само еден тивок  обид да се прошират ингеренциите на службениот јазик. Тука воопшто не станува збор за нешто дали некој сака или не, туку овде станува збор

дека не само за овој закон за територијалната поделба на Република Македонија, за закони кои треба да ја тангираат сферата на деценртрализацијата, за жал, ние имавме редица закони наназад измислувани преку бројот на големиот број приврзаници во Собранието, значи во нивното мнозинство, голем број на закони притоа неводејќи сметка дека се нарушува, тоа сме го истакнувале во два-три наврати дека се нарушува природниот, еконмскиот, социјалниот, културниот и секој друг развиток за да се стигне до нешто што е дадено како право или како можност.

Занемарувањето на тоа, а веднаш инсистирајќи или веднаш реплицирајќи дека тоа е обврска, се прашувам до кога ние во ова Собрание ќе разговараме само за обврските кои би требало ние да ги донесеме, еве почнувајќи од Општината Сарај, а не сакајќи да прочитаме други работи кои се однесуваат на пример дека сите внатрешно раселени лица треба да се вратат дома, ние цела дузина закони...

ЉУП6О ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трендафилов раселените лица немаат никаква врска со Општината Сарај, ве молам држете се за предлогот на амандманот.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Добро, Општината Сарај прво нешто што ќе ви падне во очи на картата ќе видите дека на тој начин повторно главниот град на Република Македонија го правиме гранично подрачје, знаеме какво е опркужувањето северно во тој дел, во поширокиот дел во областа Забел, знаејќи ги трагичните искуства од 2001 година ние како Собрание имаме само една алтернатива или општината Сарај да ја издвоиме да остане надвор од административниот дел од главниот град и Скопје да биде главен град или ние сериозно да ја приклучиме општината Сарај во рамките на главниот град и вие господине Јордановски да се придружите на иницијативата главен град на Република Македонија да биде некој друг.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам за препораката.

Повелете госпоѓа Мингова, реплика од три минути.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА КРЕПИЕВА:

Благодарам претседателе, со сиот ризик вообичаено во контра репликата на господинот Трендафилов да бидам навредена, сега повторно изигрува шетач, јас би сакала само на неколку негови тези да реплицирам, а тоа е дека не го интересира она што било 1996 година, јас не можам како родена Скопјанка да го занемарам фактот дека во склоп на Скопје Сарај и Кондово беа во единствена и урбана и природна целина и тоа дека по 1996 година и по формирањето на Сарај и општината Кондово сепак главните објекти и природни ресурси беа управувани од јавните претпријатија, поточно од Градот Скопје.

Неколку пати беше кажано, но она што сакав најмногу да му го кажам е тоа дека скромната традиција на Скопјани е во секој свој семеен албум да имаат барем една фотографија од излетите што со своите семејства и деца ги имаа често пати во Сарај.

Исто така кога вели дека Скопје не треба да биде повеќе главен град токму заради можноста за употреба на службен јазик на заедниците на некоја од етничките заедници која не е македонска, сакам да му кажам дека ги навредува Скопјани кои навистина се космополити и за нив е од исклучителна важност секогаш да се потсетуваат на моментите кога во најтешкиот момент за Скопјани им пружија рака без разлика на етничка и верска припадност голем број луѓе. Скопјани не можат да заборават дека нивните шатори во тие моменти се наоѓаа на територијата на Сарај и токму заради тоа, сметам дека е навреда за Скопјани некој да говори за нивната тесноградост, за нивната одбојност спрема употреба на друг јазик, освен македонскиот.

На крај, и во образложението постојано се вели дека нема функционална основа меѓу Скопје, Сарај и Кондово, што е тоа ако не заедничкиот мост, заедничките јавни претпријатија, што е заедничкото здравство и присуството на Здравствениот дом Скопје, па на крајот на краиштата и заедничките гробишта. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Трендафилов, контра реплика од една минута.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Почитувана колешке не ме сфативте, зборував за скромната традиција во практикување на локална самоуправа не само за општина Сарај, туку и други. Реков дека некои се потсетиле, мислам на повозрасните жители на времето до 60-тите години кога ја имале  таа општина, на таа скромна традиција мислев, не мислев на нешто друго, жалам што погрешно сте ме разбрале.

Но, вие морате како приврзаник и поддржувач на Владата да решите за која традиција сте во континуитетот или за традицијата од 2002 година  затоа што вашите сопартијци кажуваат дека треба да го прифатиме новиот дух и новата реалност додека од друга страна вие зборувате за некаква традиција која вашите сопартијци овде рекоа дека повеќе не важи. Јас за таа дилема зборував токму владиното мнозинство во Собранието ја истакнува во неколку наврати како главен аргумент спорејќи со пратениците од ВМРО.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи имавме многу процедурални, се измеша редоследот, овде е запишан редоследот, сега е господинот Блаже Стојаноски, па Ристана Лалчевска, па Сашко Кедев, па господинот Груевски, па на крај Рафис Алити.

Сега има збор Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Се надевам дека оваа дискусија што се отвори за Сарај допре и до Владата и до предлагачите и сметам дека сите оние аргументи што беа искажани од опозицијата се покажаа како максимално исправни, затоа што Владата не понуди ниту еден реален аргумент со кој потврди дека општина Сарај се припојува со Скопје заради посебни интереси што треба да бидат задоволени за граѓаните на општина Сарај, заради нивно пореално, поквалитетно и на секаков друг начин обезбедување и задоволување на локалните потреби.

Меѓутоа, целата оваа процедура што се водеше, а која што тргна од првичниот закон што го поднесе Владата,  во кој што Сарај не беше во рамките на општина Скопје,

во нивната аргументација тогаш слушавме аргументи зошто Сарај треба да опстои како општина, како и сите други скопски општини што во овој момент не влегуваат во градот Скопје со овој предлог.

Меѓутоа, откако се случи Маврово, еве, денес имаме предлог Сарај да се приклучи кон Скопје и на тој начин тие аргументи што во првичната фаза од овој Предлог-закон ги кажуваше Владата, сега не важат, па сега имаме други аргументи. Значи, де факто се покажа, излезе на површина фактот дека при донесувањето или предлагањето на овој закон не биле важни критериумите туку биле важни само политичките договарања помеѓу СДСМ и ДУИ.

Кои се причините? Причините за ова политичко договарање се многу јасни. Само треба да се направи споредба помеѓу Предлогот за донесување на закон и овој Предлог на закон што сега е доставен тука во Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Блаже, воопшто не сме заинтересирани за причините. Зборувајте за Сарај ве молам, за договарањата идни. Ве молам, зборувајте за Сарај.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

За Сарај.

Во првичниот предлог за донесување на законот имаше решение со кое што Сарај опстојува како општина. Покрај Сарај, како општини беа предложени: Струга со сите приградски општини и Кичево со сите приградски општини. Сега, наеднаш имаме решение со кое што Струга со приградските општини пак остануваат во овој предлог...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски не се зборува за Струга. Уште еднаш ако ова го повторите ќе ви го одземам зборот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

А за што се зборува господине претседателе?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се зборува за Сарај.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Се зборува за политички договор помеѓу СДС и ДУИ за Сарај.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кога ќе дојде Струга, тогаш ќе зборувате за Струга, Сега зборувајте за Сарај..

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Зборувам за двојазично Скопје..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не зборувајте за Струга и Кичево, затоа што ќе ви го одземам зборот навистина.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Зборуваме за двојазично Скопје, кое што станува двојазично со укинувањето на првично предложената општина Сарај и нејзиното припојување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е точно. А не за Струга и за Кичево.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Тоа припојување е заедно направено, јас ќе ви цитирам информации што се однесуваат на договарањата што се одвиваа пред донесувањето или пред предлагањето на овој Предлог-закон на Собранието од страна на Владата. Што е друго, дали не е поврзано ова што го зборувам со Струга, со Кичево или со Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте за Сарај.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Тоа го зборувам, дека Сарај е поврзан со двојазичноста на Скопје.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сарај е многу далеку од Струга.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Кога зборуваме за опстојувањето на општина Сарај, тогаш немам ништо друго да кажам освен тоа дека го поддржувам првичниот предлог на Владата.

Владата, при Предлогот за донесување на закон предложи општина Сарај да остане како посебна општина. Сега, Владата зборува дека Сарај неможе да опстане како посебна општина. Колку месеци поминаа, незнам, меѓутоа, сигурно 5 или 6 месеци се тие кои придонесоа да се изменат тие критериуми и од критериумот што се однесуваше на поквалитетно вршење на локалните работи, се премина на етничкиот критерум, односно создавање вештачка двојазичност на градот Скопје.

Целта, конечна беше кажана, а целта е главниот град на Република Македонија да биде двојазичен, што значи дека се поставува еден принцип што може да значи идна федерализација на Република Македонија.

Меѓутоа, во секој случај најмногу ми пречи кога за Предлогот за донесување на закон гласаше парламентарно мнозинство што е тука и тогаш гласаше Сарај да остане како општина. Сега излегуваат со аргументи Сарај да не остане како општина. Тоа неможе да значи ништо друго, туку дека законодавната власт целосно е инструментализирана и ставена во функција на извршната власт, односно во позиција на една послушност, на реализација на договорите што се вршат надвор од ова Собрание, односно помеѓу политичките партии што ја сочинуваат владината коалиција.

Последиците, исто така, многу тешко е кога на овој начин се гледа дека главниот град на Република Македонија станува заложник на овие политички пазарења за кои што јавно бевме известени и од премиерот на Владата на Република Македонија господинот Хари Костов кој имаше една многу силна изјава во тој период кога се водеа тие политички преговори дека тој не дава и едно и друго, туку дава или двојазично Скопје, или Струга и Кичево.

Меѓутоа, најмногу од се ме загрижува индолентноста на градоначалникот на Скопје, господинот Ристо Пенов кој ја поддржува оваа опција. Ако е..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски ова ви е последен пат да ве опоменувам. Држете се до темата бидејќи следниот пат без опомена ќе ви го земам зборот.

Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Претседателе, вие можете да го одземете зборот слободно ако ви пречи, меѓутоа кога кажувам аргументи..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мене не ми пречи, само држете се до точката, а тоа е амандманот за Сарај.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Па добро, дали Скопје не станува заложник со тоа што Сарај се припојува кон Скопје и станува двојазично. Тој е главен град на Република Македонија. За што да зборувам?

(Реакции со дофрлања)

За што да зборувам? Да зборувам дали езерото..

(Дофрлање од место)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете, продолжете, последна опомена имате.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Значи, сакам малку да ве потсетам во однос на тоа што се случуваше заради опстојувањето или неопстојувањето на општина Сарај. Односно со опстојувањето на општина Сарај, останувањето на Скопје како еднојазичен град или со неопстојувањето на општина Сарај, односно со припојувањето на општина Сарај кон Скопје и на тој начин станувањето на главниот град на Република Македонија Скопје двојазичен.

Значи тие преговори што се вршеа дали општина Сарај да опстои или не и Скопје да стане двојазино или не, многу често беа третирани и од медиумите и од најразлични преставници на стручната јавност во Република Македонија. Така, јас можам да ви цитирам неколку информации од тој период кои децидно ја разоткриваат целта и начинот на кој што се дошло до таа цел, односно до овој предлог општина Сарај да биде укината и биде припоена до градот Скопје.

Меѓународни претставници притискаат СДСМ и ДУИ до денеска да постигнат договор за границите на Струга, Кичево и Скопје. Значи ова е една информација што

децидно кажува дека е правен договор за границите на Скопје, каде што општина Сарај, наместо да остане како првичниот предлог на Владата се припојува на Скопје и на тој начин Скопје станува двојазично.

Хелсиншкиот комитет за човекови права, во неговиот јунски извештај..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам исклучете го господинот Стојановски. Ве молам, господине Стојановски зборувајте за општина Сарај и за предностите или недостатоците, а не што кажала меѓународната заедница што кажал Хелсиншкиот комитет. Ве молам напуштете ја говорницата. Јас пет пати ве опоменав.

(Рекации од страна на пратеникот Блаже Стојановски)

Јас има право да оценам, пет пати ве опоменувам вие си терате по свое. Сте напишале говор каде што уште Обединетите Нации фалат тука да ги спомнете. Ве молам.

(Пратеникот Стојановски реагира)

Да, можете да образлагате за двојазичноста но вие тоа не го образлагате. Вие образлагате дека под притисок е направено, дека Хелсиншкиот комитет има некакви изјави и уште како е дојдено до..

(Пратеникот Стојановски реагира)

Не, генезата не не интересира, само за општина Сарај зошто сметате дека треба да биде одвоено, а не за генезата.

Ве молам, напуштете ја говорницата, пет пати ве молев.

Следниот говорник е..

(Пратениците бараат реплика)

Нема реплика.

Повелете госпоѓа Лалчевска има збор.

Процедурално се јави господинот Караџоски.

Повелета да го слушнеме процедуралното.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, работиме повеќе од 10 часови, работното време се продолжи со одлука на мнозинството.

Прво, би ве прашал, имате ли намера да кажете до колку ќе работиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Еве, веднаш ќе ви кажам и завршите со процедуралното.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Нема да завршам, зависи што ќе кажете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Додека не заврши расправата по оваа точка.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, бидејќи знаев дека тоа ќе го кажете, затоа така и одговорив.

Во тој случај претседателе пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ниту денеска побара, ниту доби пауза. Побара, вие не дадовте. Два пати добиваме пауза на ваша одлука.

Имаме право, согласно деловникот, како пратеничка група, бидејќи работиме десет саати барам половина час пауза како пратеничка група.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вие немате право затоа што не сте координатор, а координаторот може тоа да го побара.

Еве, координаторот не дава пауза.

Повелете госпоѓо Лалчевска, но простете господинот Макрадули бараше реплика.

Повелете господине Макрадули имате 3 минути реплика.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, стандардно тоа што се обидувам да го дознам овие 4 дена од предлагачите на амандманите е чии интереси застапуваат кога ги предлагаат амандманите. Да бидат свесни дека кога предлагаат амандмани, некои, можеби тој ќе биде прифатен да има искрени намери спрема граѓаните за општината од која што

доаѓаат и чии интереси застапуваат. Затоа да потврдам, интересите на граѓаните на Република Македонија се: подобра децентрализација, подобро здравство, подобро образование, подобра социјална грижа, а нивните интереси се Европската Унија и НАТО. Да не ги злоупотребуваме интересите на граѓаните..

ЉУПЧО ЈОРДАОВСКИ:

Простете Макрадули никаде не спомна ни здравство ни ова. Господинот Стојановски затоа го прекинав и го тргнав од говорница и затоа репликата треба да биде упатена на тоа што е кажувано.

Господине Стојановски имате 1 минута контра реплика.

Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине Макрадули, ние ги застапуваме интересите на граѓаните на Република Македонија кои на референдуми се изјаснија за зачувување на опшќтините. А, чии интереси вие застапувате со Струга, со Кичево, со двојазично Скопје, тоа вие треба да одговорите на граѓаните на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете госпоѓо Лалчевска имате збор.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе.

Конечно добив збор.

Јас сум еден од прелдагачите на овој амандман..

Може да ми обезбедите тишина малку?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Лалчевска, за време на буџетот барав такви услови за работа па не ми обезбедивте, ова сега е мртва тишина.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Буџетот би и помина, ова е сега Предлог на закон за територијална организација.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам продолжете.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Зошто го поддржувам амандманот? Слушнав тука мислење дека можеби Сарај било во природен склоп на Скопје. Тоа можеби е минато и свршено време, но во меѓувреме се случија процеси, во меѓувреме општината Сарај напреднала п сите основи. Значи доживеала еволуција. Така што денеска, условите се такви што јас лично мислам, а и група пратеници мислат дека општината Сарај треба и понатаму да опстојува како посебна општина, а не да се приклучува како општина на градот Скопје.

Од кои причини? Од причини што Сарај, прво, доживеал демографски, економски и секаков развој, па стигнал до бројка на жители од некаде 35 илјади што е завидна бројка за една општина да може да се развива по сите параметри и да биде успешна општина, да ги застапува интерсите на граѓаните кои живеат на територијата на општина Сарај. Истото ова го мислеше и Владата, убедена сум, затоа што во првата фаза општината Сарај си остана во постојните граници. Владате не понуди решение да ја приклучи на градот Скопје. Сеуште го застапувам тоа мислење и мислам дека треба да си остане во своите граници, затоа што само така ќе ја оствари децентрализцијата, ќе ја оствари својата функција. Односно, ќе се приближи до..

Господине министре, седете и слушајте ме. Ве молам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Седете господине министре.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Нема. Нека побара пауза министерот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тука нема милост. Пратениците може да шетаат, ние мора да седиме овде.

Повелете.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам.

Значи, неспорно е дека демографски, економски и секакви параметри општината Сарај има исполнето и затоа 1996 година и  жителите на општина Сарај се залагаме да добијат посебна општина и да се откачат, да речам, од градот Скопје, затоа што ценеле дека ќе имаат поголеми можности да се развијат како своја општина.

Сега, не ми е јасно зошто наеднаш Владата во последен момент се премислува и општината Сарај повторно ја враќа на папочна врвца на градот Скопје.

Убедена сум дека ако е општина на градот Скопје ама баш ништо повеќе нема да има, ниту повеќе ќе се развие, ниту пак ќе се приклучи така лесно на инфраструктурата на градот, затоа што градското јадро во меѓувреме отишло многу напред, а општината Сарај е типично рурална средина, со поинакви потреби, со инакви можности и поинакви параметри за иден развој. Од тие причини ценам дека општината Сарај треба да си остане посебна општина, а не во склоп на градот Скопје.

Значи, оние параметри што важат за основање на една општина таа ги исполнува. И од такви причини не е приклучена кон Скопје, туку е приклучена само од предимензионираното прашање за двојазичност на градот Скопје. Тоа му е јасно на секој граѓанин на Република Македонија а со тоа општината Сарај и жителите на општината Сарај нема да добијат ама баш ништо. А, градот Скопје ќе биде оптоварен и економски и секако со воведување двојазичност и ќе се изврши една јазична федерализација на градот Скопје. А, дека е тоа така и дека следна фаза е некаква друга федерализација на државата е доказ дека денеска во градот Гостивар, верувале или не цел ден си се вее албанското знаме на јарболот на градот, на главниот јарбол и за тоа ама баш никој не реагира. Тоа за мене се опасни знаци.

Затоа ги молам господата од ДУИ да си ги повикаат своите функционери во Гостивар, затоа што градот Гостивар е град на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Лалчевска, само што сакав да ве прекинам, бидејќи се одалечивте од темата, а вие завршивте.

Господине Талат Џафери, повелете имате 3 минути реплика.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Првенствено мислам дека колешката не ја откри Америка или ја открива Америка, таа е откриена.

Под два, да не не поканува да ги повикуваме нашите функцонери во Гостивар, во општина Гостивар, оти во оваа општина раководат нивните коалициони партнери, значи претходната власт кои во овој "театар" не учествуваат во оваа дебата. Затоа да не не повикуваат нас за Гостивар, како ДУИ. Од последната дискусија на колешката ништо не излегува на виделина освен фактот дека нивниот коалиционен партнер не учествува токму за тоа за што се договарале, за што говореше и некој претходно, дека во Охридскиот договор и во текот на преговорите се повлекле од тоа што е ставено на маса.

Не случајно се случуваат овие работи. Затоа, почиувана колешке, решете ги проблемите во рамките на вашата опозиција и оставете ги работите што им припаѓаат на другите да ги решат и најмалку припаѓа на ДУИ да ги решава проблемите во однос на Гостивар.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Лалчевска имате 1 минута за контра реплика.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Колега, јас воопшто не тргнав во откривање на Америка, туку тргнав во одбрана на моите причини зошто предлагам Сарај да остане посебна општина надвор од градот Скопје.

А инаку, рамковниот договор сме го читале и вие и јас и многу добро знаете и вие и јас што значи зборот "ревидирање" а што значи "нов предлот за територијално организирање", Тука да не дебатираме јасно ни е на сите.

А, во мојата партија ама баш никакви проблеми нема. Јас не сум задолжена да ја координирам опозицијата. Во опозицијата има три партии.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам почитуван г-дине претседател, почитувани пратеници, министерот не мора да влезе во салава, мислам ако ја гледа и ја слуша дискусијата надвор, нема потреба да влезе, меѓутоа би барал да одговори на дел од прашањата што ќе ги поставам.

Голем дел од денешнава дискусија се сведе за овој амандман, мислам за Сарај е сведена на двојазичноста во главниот град на Република Македонија Скопје, и таа поврзаност со инкорпорацијата и вклучувањето на општина Сарај и Кондово во границите на Градот Скопје.

Уште на почеток би го изнел својот личен став и мислам дека тој став е на најголемиот дел од претставниците на опозицијата, дека никој од нас нема против двојазичноста во Градот Скопје. Меѓутоа, би инсистирал министерот и предлагачот на овој закон да изнесат пред парламентот и пред македонската јавност да го изнесат начинот на кој се постигнува двојазичноста во Градот Скопје. Значи, не е дискутабилно дека според Рамковниот договор на сите етнички заедници кои што се застапени над 20% им следува правото за официјална употреба на својот мајчин јазик. Тоа право и тој принцип стои во Рамковниот договор и тоа не е дискутабилно. Предлагачот на овој закон и Владата на Република Македонија треба на сите граѓани на Република Македонија децидно да им го образложи начинот на кој што е постигната двојазичноста во Градот Скопје. Бидејќи двојазичноста на градот Скопје не беше предмет на првиот предлог кој што го помина Парламентарниот дом, меѓутоа, после се случија многу чудни собития во Република Македонија и се случија големи политички потреси кои што на крај резултираа со одредени измени во тој првиот предлог кои што конечно,значи резултираа не да се изгуби со два нула, во Владата на Република Македонија, значи внатре во коалицијата и кога сите очекуваа македонската јавност кога очекуваше парламентарното мнозинство од СДСМ и ЛДП да намали од 2:0, барем на 2:1, тие си постигнаа автогол. Си постигнаа автогол и на крај со целокупниот образ излегоа пред македонската јавност со оправдување на резултатот од 3:0.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прва опомена. Продолжете за Сарај зборувајте.

САШКО КЕДЕВ:

Значи, Сарај, на ДУИ со автоголот на СДСМ и ЛДП им даде резултат 3:0. Јас во оваа прилика им честитам на ДУИ во коалицијата, бидејќи навистина знаат да се борат и за своите партиски интереси и за некои други интереси кои што во блиска иднина ќе можеме да ги видиме во Република Македонија.Од страна на координаторот на најголемата пратеничка група во Парламентот се инсистира при образложение на овие амандмани да ги застапуваме интересите на граѓаните кои што се предмет на амандманите. Во овој случај граѓаните од општина Сарај.

Јас би искористил во оваа прилика да укажам дека припојувањето на општина Сарај кон општина Скопје, е против интересите на локалното население од општина Сарај, бидејќи ако зборуваме за децентрализација сигурно дека квалитетот на животот на граѓаните во општина Сарај во значителна мера ќе се намали, бидејќи нема да функционира нивната локална самоуправа внатре во нивната општина и за сите потреби тие ќе мораат да одат на поголема оддалеченост од своите локални структури во Градот Скопје и да ги остваруваат своите локални права. Тоа е една работа.

Втора работа сметам дека овој Предлог е и против интересите на албанската заедница во Република Македонија, во конкретниот случај на граѓаните од општина Сарај, бидејќи ги потценува граѓаните на Сарај. Не ги прашува дали тие сакаат да живеат во своја општина во која што во значителна мера ги остваруваат своите права на локалната самоуправа со повисок квалитет во однос на претходниот период кога беа во границите на Градот Скопје. Знач, тие граѓани се предмет на манипулација, бидејќи за да се овозможи постигнување на тој цензус од 20% албанци во Градот Скопје, се жртвуваат граѓаните од општина Сарај. И уште еднаш оврзаноста со двојазичноста и припојувњето на општина Сарај. Точно е тоа во многу дискусии беше кажано дека општина Сарај припаѓала со долга традиција во границите на Градот Скопје. Меѓутоа, кога ќе го образложуваме тоа, сите образложувачи на таа теза дека општина Сарај има многу заеднички деловни точки со Градот Скопје, треба да кажеме и дека општина Илинден,

општина Петровец беа општини во Градот Скопје. Ако зборуваме за стратешките објекти кои што ги поседуваат овие општини, значи културно рекреативниот центар Сарај, Матка, и дискутабилниот извор Рашче од аспект на припојувањето кон Скопје, да ги споредиме со аеродромот во Петровец. И со некои други стратешки објекти кои што се наоѓаат од друга страна во поранешната општина Скопје. Значи, основното прашање на кое што треба да одговори министерот и Владата е зошто Сарај се припојува, а не се припојуваат другите општини и по кој критериум и зошто во фаза кога Република Македонија помина низ многу турболентен период кога го изгуби претходниот пртседател г-динот Борис Трајковски. Одеднаш во наредната фаза имаме 3:0 за ДУИ и припојување на Сарај и двојазично Скопје. значи, не е предмет двојазичноста како двојазичност и не треба да губиме време во Парламентот да зборуваме, да елаборираме дека во Рамковниот договор стои двојазичност. Тоа не е дискутабилно. Тоа го потпишале некои политичари и треба да си стојат на тоа и мислам сите ја прифаќаме одговорноста од Рамковниот договор. Ја поддржуваме двојазичноста, меѓутоа,по трет пат потенцирам да ми се одговори начинот на кој што се постигна двојазичноста и зошто кога имаме значајни отстапки од првото читање на Законот во Парламентот. И сега имавме само излагање во траење од минута ипол на министерор во кое што ја образложи итноста на процедурата, итноста ја образложи за 80 секунди, а имаме значајни измени во овој закон, значајни измени кои што во моментот можеби нема да ги посетат во значајна мера граѓаните на Скопје, меѓутоа, при првиот историски момент кој што ќе дојде и тоа најверојатно нема да чекаме многу долго, ќе се види која е политичката заднина на овој чекор. И кога зборуваме за интересите на локалното население од општина Сарај, дека тие се изманипулирани и дека со ова ништо не добива. Нивната општина била и ќе биде и понатаму дел од Скопје, не мора формално правно да се прилепува општината и да им се ускратуваат правата на граѓаните на општина Сарај и Кондово кои што ги имаат во моментот и ги уживаат тие права во моментот. И со овој Предлог-закон кој што е резултат а политички договор да им ги намалуваме нивните права на локална самоуправа. И понатаму, до каде оди потценувањето на граѓаните во општина Сарај? Оди до таму да дел од владеачката коалиција го образложува ова механичко припојување на општина

Сарај со фактот дека макдонците ќе добијат мнгоу, скопјани ќе добијат многу со тоа што изворот Рашче ќе биде формално правно во границите на Градот Скопје и дека при некоја евентуална криза тоа локално население во општина Сарај кое што во моментот се потценува, се понижува и се манипулира, се означува потенцијално со некакви некоректни најблаго кажано, намери во однос на Градот Скопје и се асоцира на состојбата во која што беа кумановчани во фаза на кризата од 2001 година, да ве потсетам беше кризата со Липковското езеро и со тешкиот проблем кој што го имаа со недостигот на вода. Значи, ова е типичен пример за манипулирање и потценување на граѓаните на општина Сарај. Токму, во тоа е суштината на нашиот Амандман, на граѓаните на општина Сарај да им овозможиме и понатаму уживање на правата кои што ги имаат во локалната самоуправа, тие се дел од Скопје и ќе бидат дел од Скопје, не мора тоа да биде резултат на некое механичко прецртување на граници од кое што имаат корист само политичките претставници. И прашање е колку тие политички претставници ги застапуваат нивните интереси бидејќи ние сме во една ситуација кога делот од владеачката коалиција неј води грижа за тоа локално население. Ние сме во ситуација кога огромниот дел од албанците и не гласаа за време на последните избори и тие беа изманипулирани. Значи, нивните интереси не ги претставува ниту нивниот преставник во владеачката коалиција, ниту нивниот во моментот претседател на Република Македонија. Значи суштината на амандманот е да се свртиме кон интересите на сите граѓани на Република Македонија, бидејќи овој Предлог закон не е од партиски интерес, почитуван г-дине министер, не е од национален интерес, туку овој Предлог закон е од државен интерес, бидејќи овој Предлог закон остава простор за многу сомнежи во иднина, со сите три гола, со двата гола на ДУИ и со едниот автогол на СДСМ, дека во првиот историски момент ќе се случуваат суштински турболенции во Република Македонија. Затоа јас го поддржувам и сум потписник на овој амандман и барам во интерес на граѓаните на општина Сарај и во интерес на граѓаните од општина Скопје, метрополата на Република Македонија, во интерес на зголемување на довербата на сите граѓани во Република Македонија да им овозможиме на граѓаните на општин а Сарај и Кондово да ги уживаат правата кои што ги уживаат од 1996 година.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Почитуван претседателе, сакам да реплицирам на сеуште прегласниот говор на г-динот Ќедев што го практикува овде во Собранието, со еден мал вовед дека човекот што тука зборуваше еднаш за автоголови во Собарнието, нема баш добра судбина, така што не го користите тоа, лоша конотација ќе добиете и лоша асоцијација се создава. Апсолутно незнам кој е тој прв историски момент што ќе дојде? Значи, нешто што доаѓа не може да биде прв историски момент. За тоа веројатно вие знаете подобра експликација да дадете. Г-дине Ќедев, апсолутно не сте го прочитале законот за териториjална организација. Ви гарантирам, ниту Законот за локална самоуправа. Кажете едно право што сега го ужива граѓанинот на Сарај што ќе му биде ускратено со овој нов Предлог за теријторијална организација и јас ќе го поддржам вашиот амандман. Кажете едно единствено право. Затоа јас повторувам постојано, без разлика дали ќе ме прекине пртседателот. Не го поднесувате во интерес на граѓаните на Сарај овој амандман, го поднесувате за да опструирате и дека сте против двојазично Скопје. Кажете отворено кои интереси ги застапувате, која платформа ја застапувате, кој концепт за иднината на Македонија го застапувате. Не се кријте зад граѓаните на Сарај со квази амандмани. Кажете кое право ќе им биде ускратено и јас ќе го подржам вашиот амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега, не ве прекинав г-дине Макрадули, бидејќи бевте во рамките на она што беше кажано.

Повелете г-дине Ќедев, една минута.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам, за репликата и сеуште го очекувам одговорот на прашањето кој е принципот на кој што двојазичноста е решена со механичко припојување на Сарај, а тој принцип не е зачуван за другите поранешни општини на Скопје. Меѓутоа, би се осврнал на апсурдноста на овој Предлог закон во однос на измената на границите на општина Сарај. Кој ги праша граѓаните од општина Сарај на кој начин се оствари демократското

право на граѓаните од општина Сарај да го изразат и да кажат дали сакаат да бидат дел од општина Скопје или да имаат свој градоначалник и секако останува во границите на општина Скопје во секој случај. Кој им ги ускратува нивните локални права на локална самоуправа. Никој не одговара на тоа прашање. Значи, прво, да се одговори зошто општина Сарај да се овозможи двојазичност против која лично и сметам најголем дел од опозицијата нема против.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Многу ме прозива пратеникот Ќедев. Г-дине Ќедев, и да манипулираш треба да знаеш. Ме убедивте за малку дека ќе ги повикате граѓаните од Сарај да дојдат пред Собранието, бидејќи ги браните нивните интереси, ќе немале општина. Г-динот Макрадули кажа, немате поим и многу ми е жал, за организирањето на Градот Скопје. Граѓаните на општина Сарај имаат општина со сите перформанси од Законот за локална самоуправа и со сите десет општини во Скопје. И ви објаснував што значи тоа, бидејќи исто и од Ѓорче Петров ќе патуваат, па ќе патуваат и од Гази Баба и од приградските населби исто. И во тој дел прочитајте го Законот, не би сакал да ви објаснувам, што значи општина во Скопје, што значи двостепена и кои надлежности ги има општината во новиот закон врз основа на дискусиите во овој Парламент, во урбанизмот, во комуналната сфера, во здравството, во образованието, основните школи, она што го има општината Центар, тоа ќе го има и општината Сарај. А, за кои елементи што прашувате незнам дали бевте тука, може би не слушате, земете ги стенографските белешки па прочитајте за она што го објаснував и што го кажував кои се причините и природни географски и политички и етнички аспекти што се приклучува општината Сарај и Кондово спрема Скопје. Друго, незнам дали следите вие, или откога не сте во политиката активни, не слушате за што се изјаснуваат претставниците на граѓаните на Сарај. Дали сте го слушнале градоначалникот на општина Сарај кој е легитимен претставник, што искажува и зошто бараат и кои аргументи ги искажува, или ќе се кандидирате во Сарај сигурно можеби кога не успеавте на пртседателските избори. И уште нешто, службениот јазик, ова ќе ви го повторам бидејќи инсистирате. Отворете го предлогот за донесување на закон во кој,

можеби не го видовте, или не бевте заинтересирани, во членот 33 кој зборува за службената употреба и комуникација на граѓаните припадници на заедниците кои имаат во две општини и оние што живеат и во Ѓорче со 1,5% и оние што живеат во Гази Баба со 17% и  овие во Центар и оние, дека и во првиот закон беше регулирана  употребата на службената употреба на едно ниво на комуникација со органите на Градот. Ако тоа не го знаете, јас сум министер точно треба да објаснувам, но еднаш објаснував. Изгледа вие не можете да сфатите она што го зборуваме овде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Само да кажам, јас сум љубител на убавиот збор, па така наместо да кажете "немате поим", може да се каже "немате доволно познавање".

Повелете г-дине Ќедев имате една минута.

САШКО ЌЕДЕВ:

Почитуван г-дине мимнистер, на сите нас ни е јасно во каква позиција сте вие. И мислам дека никој не би сакал да биде во ваша позиција кога најголемиот дел од македонската јавност ве означува за предавник на националните и државните интереси на Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Кедев сега ќе ве прекинам, бидејќи ова навистина ги надминува сите мерки. Некој да се прогласи за предавник, мислам дека тоа крајно е некоректно и вие ја завршивте вашата контрареплика за недоличен збор и за навреда. Ве молам, да се држи нивото.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Г-дине Кедев, не ја одземајте картичката. Господине Кедев, оставете го претседателот на Собранието на мир. Господине Кедев и г-дине Груевски оставете му ја картичката, ве молам. Господине Грујевски, ве молам оставете го претседателот на Парламентот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате уште 30 секунди.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам претседателе, и би му потенцирал уште еднаш на министерот дека пред македонската јавност не одговори на клучното прашање, зошто токму Сарај а не општина Петровец. Одговорете на тоа прашање. И зошто овој предлог не беше во првата фаза во Парламентот, или требаше да се случат предвремени избори, нови пазарења и да го дадете автоголот за 3:0.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелета господине министре, имате збор.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Пак ќе го повторам она што го реков. На сите тие прашања и јас како министер, претставник на Владата, и пратениците одговорија.

Господине Кедев, вие можете да зборувате овде што сакате во своите фрустрации. Најголем предавник е оној кој го прогласуваат своите, а вие сте на своите, на својата партија, оние кои ве кандидираа. Најголем предавник е тој во своето семејство, кој го предал своето семејство и својата партија. Вие така сте осудени и така ќе живеете цел живот. (Реакции)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Фрустрации се медицински израз, а за предавник одговори за предавник.

Повелете господине Жерновски, имате реплика три минути.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Господине Кедев, внимателно ја сослушав вашата дискусија и можам да кажам дека во вашите главни две тези ние тука апсолутно се согласуваме.

Прво, кажавте, цитирам “дека апсолутно не е дискутабилна двојазичноста според Охридскиот рамковен договор”.

Второ, и ова е моето прашање до Вас, кажавте, читам бидејќи го запишав, “тие што го потпишаа Охридскиот рамковен договор треба да го почитуваат потписот што го ставиле”. Сакам да ве прашам директно да ми одговорите мене и на целата македонска јавност, дали сметате дека господинот Љубчо Георгиевски го почитува својот потпис ставен на Охридскиот рамковен договор. Ве молам, директно да ми одговорите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате право да го побарате тоа, но не знам дали ќе добиете одговор.

Повелете господине Кедев, имате една минута за контра реплика.

САШКО КЕДЕВ:

Најпрво сакам да му заблагодарам на ценетиот колега за цивилизираната реплика и за нивото на кое разговара, кое заслужува да го има ова Собрание. Најпрво би му одговорил на првиот дел од поставеното прашање дека во однос на обврските на потписниците од Охридскиот рамковен договор дека е нормално да стојат зад тоа, а во конкретниот случај треба да го прашате конкретниот пратеник кој што е потписник на Охридскиот рамковен договор. Меѓутоа, двојазичноста на градот Скопје и двојазичноста во принцип која е обврска од Рамковниот договор не треба да биде на други политички договори и манипулирање на граѓаните. Како пример ги имаме Албанците од општина Центар кои ја имаа двојазичноста во општина Центар, а сега ја губат, со новата територијална поделба ја губат. Значи суштинските работи се предмет на груби политички договори.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Рафис Алити, имате три минути за реплика.

РАФИС АЛИТИ:

Лично очекував дека господин Кедев, кој беше кандидат за претседател, денес не само што ќе донесе аргументи за тоа што има или што нема за она што говоревте, туку навистина мислев дека ќе настапи со многу повизионерски настап. Но за жал, тој повтори некои фрази од претходните говорници. Несреќата е во тоа што некои негови претходни говорници, како што беше Слободан Чашуле, на еден многу поперфиден начин знаат да го искажат тоа. Навистина жалам господине Кедев што вие целот време говорите за некој резултат од 3:0, автогол итн. Јас ќе ви кажам дека вие не успеавте да ја разгледате таа формула дека со 3:0 добија граѓаните и Република Македонија, а автоголот го постигнавте вие, македонската опозиција, со митингот што го одржавте во Скопје, а особено со настаните во Струга. Тоа е автогол за Македонија и за граѓаните на Македонија, а не она што вие го рековте или го коментиравте.

Што се однесува до она што вие се обидувате да ги заштитувате правата на Албанците или дали имаат или немаат легитимни претставници кои ќе ги бранат нивните права, вие навистина ова не знаете да го кажете како што треба, како што го кажа господинот Чашуле, кој што само што не заплака на бината за она колку беше натажен, колку граѓаните се натажени од Сарај и Кондово во врска со сето ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута, господине Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам за репликата и уште еднаш очигледно е дека некои работи треба да ги повторуваме никој не е против двојазичноста, меѓутоа, никој не дава одговор на суштинското прашање на кој начин се доаѓа до двојазичност и дали овој начин ќе ја зголеми довербата што беше предмет на репликата меѓу Македонците и Албанците. Дали пратениците од ДУИ сметаата дека ова е начинот со кој ќе го притиснат до ѕид нивниот коалиционен партнер да ги прифати сите нивни политички барања, кои не мора да значи дека се во интерес на Албанците. Во конкретниот случај ова е политички интерес на ДУИ, не е интерес на Албанците од Сарај, не е во интерес од Кондово, туку ова е интерес на ДУИ и јас уште еднаш им честитам за начинот на кој ги постигнуваат нивните партиски цели.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Велиу три минути.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги,

Немав намера да говорам и да земам збор, но претходниот дискутант Кедев ме предизвика како мене така и мојата партија, а во исто време и Албанскиот народ, па затоа дозволете ми да кажам неколку збора.

Јас очекував тој како академски граѓанин да каже добри зборови во оваа насока, а истовремено и за состојбата во која чекориме за да ги надминеме тешките состојби, а да не говориме за оваа состојба, но тој го направи спротивното, така како што направија и неговите претходници и сигурно има поука од нив да продолжи со истиот

јазик и истите навики. Ме изненадува бидејќи тој е истовремено хуманист по професија, но со анти хумани идеи, посебно во оваа држава во која градиме една иднина за нашите генерации, за кои сме се определиле. Ништо не рече за Сарај, покрај зборовите дека тој е дел на Скопје, за да ја стекне Скопје двојазичноста. Кога го споменувам Сарај треба да нагласам дека тој го сака Сарај за да оди таму за да одмара и Албанците да не ги гледа тука, тие да се отстранат од тука бидејќи е убаво место, а не треба да биде убаво место за албанците. Повторно го спомна вчерашниот случај во однос на водата и го спореди со водата од Липково, каде можеби ова е загрозено од Албанците, но не е вистина, дека тој извор е на Албанците, но ако оди по течението на Вардар и другите места бидејќи од тука пијат вода сите тие кои живеат во оваа земја.

Ме изненадува зошто тој не ја знае историјата дека во потешки моменти сме го заштитувале македонскиот јазик. Сакам да го кажам трудот на Кочо Рацин кој го дал за оваа држава, споредбено со тој на бугарскиот, кога во 60-тите години се загрозуваше книжевниот македонски јазик, кога Албанците рекоа јасно дека во Втората светска војна е употребен македонскиот јазик, а не бугарскиот. Ме изненадува исто така зошто тој често пати алудира дека Албанците ќе го загрозат Скопје, кога добро знаат дека Албанците го заштитуваат Скопје наспроти сите наши соседи кои сакаат да го негираат Скопје и самата Македонија. Ние не сакаме да говориме за да го изградиме Скопје, но почитуван колега, но треба да знаеш дека по едно време ќе бидеме ние градители на Скопје и да не ги обвинуваш и Турците кои ќе го градат Скопје, кои ќе бараат и тие да го употребуваат нивниот јазик, бидејќи местото им припаѓа на тие што ја градат оваа држава. Ние како и вие сме мештани и ако го употребувате овој јазик, вие ќе бидете во средината на луѓето кои не ги сакате, тие кои што живеат заедно со вас.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Кедев, имате право на една минута контра реплика.

САШКО КЕДЕВ:

Господине Велиу, дали сметате дека довербата меѓу македонскиот народ и припадниците на албанската етничка заедница ќе биде на повисоко ниво со уценување на

вашиот коалиционен партнер и победување на вашиот коалиционен партнер и дали сметате дека со тоа овозможувате поквалитетен соживот и подобра иднина на сите граѓани во Република Македонија. Тоа е суштинското прашање. Дали сметате дека чувството на победа во вашите меѓупартиски пресметки внатре во коалицијата вие им помагате на Албанците, Турците, Србите, Власите, Ромите и Македонскиот народ за поквалитетен соживот. И ова чувство на победнички менталитет кое го создавате вие од една страна и чувството на губитниците кое го создава министерот и неговата Влада, губитници од страна на македонскиот народ е нешто што ќе оди во корист на соживотот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За збор се јави министерот за локална самоуправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Господине Кедев, изгледа многу сте навредени од вчера, бидејќи сеуште живеете во филмот. Свртете се зад вас за да видите кој ве поддржува, кога зборувате сите ја напуштаат од вашата партија. Тоа е вашата поддршка, тоа е вашиот авторитет, тоа е вашиот углед. Цело време само вие не можете да разберете. Тоа е вашиот углед на претседателски кандидат и немојте на мене да ми се обраќате на тој тон, бидејќи јас не ви се обраќам така.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика за господинот Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Почитуван господине министре, дури не знам дали веќе да ви се обраќам со зборовите почитуван, очигледно е дека немате сенс што се случува во државата. Очигледно немате допир со реалноста. Вие правите историски потез за кој ќе бидете осудени во историјата и треба да се освестите господине министер.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Груевски, а потоа нека се подготви пратеникот Ганка Самоиловска Цветанова.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

На почетокот на мојата дискусија, почитуван претседателе и почитувани пратеници, само кратко дозволете ми да го потсетам министерот за локална самоуправа околу неговото членство, малку да прошета низ Кичево, Струга, Скопје и еден куп други општини и да види какво е мислењето и однесувањето на нивното членство во СДСМ за оваа политика и овие чекори што ги преземаат. Меѓутоа, патем речено тоа се знае во јавноста и се гледа и деновиве имавме повеќе прилика тоа да го дискутираме и експлоатираме, а сега да се вратам на овој амандман.

Она што би сакал да го споменам е дека генерално она што се случува со припојувањето на Сарај кон Скопје да биде дел или како општина од градот Скопје и припојувањето на Кондово кон Сарај не е ниту консултирано во локалната самоуправа, ниту се консултирани граѓаните кои живеат во Кондово и Сарај, а најмалку граѓаните кои живеат во Скопје. Дали некој ги прашал граѓаните во Скопје дали тие сакаат општината Сарај да биде под градот Скопје, дали некој ги прашал граѓаните во Кондово, да кажеме со локален референдум, дали тие сакаат да им се укине општината и да бидат дел од општината Сарај и воопшто дали граѓаните во општината Сарај, досегашната општина, на некој начин се консултирани и прашани дали животот ќе им биде поубав на овој начин или на начинот како што досега живеат и функционираат.

И генерално, со овој закон за територијална организација имаме еден спротивен правец од децентрализација, една класична централизација на окрупнување на општини, спојување на неколку во една општина, со што, како што споменав и пред некој ден, се одзема правото односно се намалува можноста на секој граѓанин да се доближи до локалната власт. Една од основните цели на децентрализацијата е доближување на граѓанинот до локалната власт, а овде на некој начин тоа не можеме ниту да го забележиме, ниту да се оствари затоа што работите одат во спротивен правец.

Она што би сакал да го споменам е дека во целата оваа ситуација се работи за еден класичен внатре коалиционен договор, во кој 40 дена се преговараше дали ќе бидат само Струга и Кичево, или ќе биде Скопје и 40 дена слушавме двајца потпретседатели на СДСМ кои кажуваа или Струга и Кичево или Скопје, за после 40 дена да излезат истите

луѓе со целата екипа да ни објаснуваат дека општината Сарај е многу паметно и добро да биде приклучена кон градот Скопје, дека тоа е вистински потег за зголемување на довербата меѓу Македонците и Албанците, итн. Дали претходно не беше добро за зголемување на довербата, останува да слушнеме од натамошните дискусии, бидејќи се работи само за еден краток период од 40-тина дена. Пред само 40-тина дена сите викаа или Струга или Кичево од една страна, или Скопје. Сега се треба да се прифати. Истите луѓе тоа ни го кажуваат и истите луѓе сега тврдат дека е многу добро што Сарај ќе влезе под Скопје, многу паметна работа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега вие кажете зошто не е паметна работа и почнете со Сарај.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Ве молам, не ми упаѓајте во збор, ако може.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Кичево и Струга го спомнувате, јас молчам веќе две минути.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Сакам да кажам дека овие чекори и ова припојување на Сарај нема никаква врска со децентрализацијата, ниту пак со границите на општините, ниту пак има со Рамковниот договор, бидејќи сосема е јасно дека никаде во Рамковниот договор не пишуваше дека Скопје треба да биде двојазично. Ова е еден класичен нов момент со кој што се  даваат одредени одредени концесии само за да не се распадне коалицијата на власт, бидејќи ДУИ покажа подготвеност да ја напушти коалицијата и на некој начин да падне Владата, што да речеме за СДСМ не беше прифатливо, затоа што треба да излезат на нови избори, да се соочат со граѓаните и да ја загубат позицијата. Меѓутоа, очигледно дека државните и националните интереси не се ставаат во преден план.

Се поставува едно прашање зошто во долг период на чекање на македонската јавност да види што ќе се случи со овие крупни прашања, меѓу кои и припојувањето на Сарај и Кондово кон Скопје, зошто имавме една таква невидена упорност од страна на ДУИ и нејзиниот претседател Али Ахмети и што е причината за тоа. Што е причината да се растури Владата, да се оди дури на предвремени парламентарни избори само за да се

добие припојување на Кондово и Сарај кон Скопје. Дали е тоа случајно или има некоја посилна позадина.

Генерално уште еднаш би повторил дека ниту јас ниту останатите луѓе пратеници од опозицијата немаме ништо против албанскиот јазик, Албанскиот народ, ниту против двојазичност, доколкутаа е принципиелна или со други зборови доколку по природен и нормален план се остваруваат 20%, кои на некој начин се некој меѓународен стандард и кои се внесени во Уставот на Република Македонија, со кои 20% може да се воведе двојазичност на комуникацијата со градот. Меѓутоа, ова е создавање на нешто на вештачки начин и заради тоа се припојува општината Сарај, што посебно создава револт кај македонскиот народ, можеби наспроти објаснувањата дека тоа ќе ја зголеми довербата меѓу Албанците и Македонците. Напротив, сигурно се оди кон тоа да се намали довербата, затоа што се поставува прашањето од каде толкава упорност од страна на ДУИ и Али Ахмети за да се добие на сила на вештачки начин и да се направат општините Кичево и Струга со мнозинско албанско население.

Јас навистина немам што друго да кажам освен дека во овие претумбации не се одеше принципиелно, бидејќи ако се одеше принципиелно барем ќе се одеше на прашањето зошто истиот принцип не е воведен и за општините Петровец, Зелениково, Илинден и Сопиште, кои исто така можат да останат општини, а да се под капата на градот Скопје, ако се земат критериумите заради кои формално ни се објаснува зошто Сарај влегол под Скопје, ниту се одело принципиелно, ниту експерти се консултирани, ниту се слушани советите на експертите што се дадоа во јавноста. Практично ниту еден експерт во јавноста не се согласува со чекорите што ги презема Владата и навистина се оди на еден дисполитички пазар. Веројатно освен тоа што борбата е да не падне Владата, односно да се задржи коалицијата, тука имаме и многу нерасчистени сметки од претходните претседателски избори, полнењето на кутиите, па сега раздолжување за тие работи од минатото.

И сега истите луге што пред некое време ни објаснуваа дека Скопје не може да оди, Кичево и Струга сега не убедуваат колку е тоа добро сите три да си завршат онака

како што тоа го бараше ДУИ и како што сега го предложи Владата на Република Македонија.

Уште еднаш ќе кажам дека ова нема никаква врска со границите на општините, со Законот за граници на општините, нема никаква врска со децентрализацијата која што ние ја подржуваме, нема никаква врска со Рамковниот договор, кој исто така ние го подржуваме, туку нешто надвор од сето тоа, како што беше надвор признавањето на нелегалниот тетовски универзитет, како што беа надвор и други прашања кои што немаа никаква врска со Рамковниот договор, а некој се обидуваше да ги прикаже како дел од Рамковниот договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Сега имате право на реплики.

Петмина се јавени за реплика, господине Адем Абдураки вие барате збор, или реплика?

АДЕМ АБДУРАКИ:

Реплика.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, вие сте први.

АДЕМ АБДУРАКИ:

Ви благодарам  г-дине претседателе,

Сакам да реплицирам на ставовите на претходниот говорник. Во неговата дискусија тој спомна дека воопшто не е консултирана локалната самоуправа и граѓаните на Сарај дали сакаат да се спојат со Скопје или не. Сакам да го демнатирам јавно г-динот Груевски затоа што официјален став на општина Сарај и Кондово е тие да се спојат со Скопје. Јасно било кажано од претседателот на општината и на Советот и од жителите на двете општини - Сарај и Кондово дека тие целосно се согласуваат да се спојат со Градот Скопје.

Потоа зборувате за  целта на децентрализацијата и велите и велите дека граѓаните на Сарај и Кондово ќе изгубат многу бенифиции до колку се спојат со Скопје. Јас сакам да го кажам спротивното.

Граѓаните на Кондово и Сарај ништо не губат ако се спојат со Скопје. Напротив со ова добива и Скопје, добива и Македонија, добиваат и жителите на Сарај, бидејќи децентрализацијата ќе се изврши, надлежноста ќе ја има повторно општината Сарај која што ќе се спои со Скопје. Во недостаток на аргументи вие ништо не велите ново. Ни вие, ни вашите претходни говорници. Секогаш од вашите дискусии од недостаток на тие податоци се обидувате да кажувате стории, приказни.

Кога вие г-дине Груевски ќе ги убедите своите пратеници да ве слушаат и тие да гласаат во Парламентот можеби и ние ќе бидеме убедени . Вие велите дека на вештачки начин се спојува Сарај со Скопје, јас на разбирам како на вештачки начин кога Сарај е дел од Скопје. Дел од Скопје беше до 1996 година. Тоа не е дојдено од Гостивар и Тетово, туку тука е.

Често пати прашувате и за ДУИ кои се целите, кои се определбите на ДУИ. Вие можеби повеќе треба да се занимавате со својата партија и треба да се вратите назад колку пратеници ве слушаат овде во салата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, ако е нешто вистина овде се сите пратеници од опозицијата потпишани за овој амандман, барем тука се едногласни.

Господине Груевски повелете, имате една минута.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам за репликата.

Беше споменато дека биле прашани граѓаните на Кондово и Сарај за тоа дали сакаат Кондово да исчезне како општина, обично сите граѓани сакаат да си ја задржат општината, дали кон Сарај да се припои Кондово и Сарај како општина кон Скопје, вие ни кажувате за тоа дека градоначалникот и советот дал такво мислење. Меѓутоа тоа не е референдум, тоа не е мислење на граѓаните. Се работи за референдум, дали со референдум се прашани граѓаните на Кондово дали сакаат да им се укине општината и да одат во Сарај кога имаат некаква потреба, или да одат во центарот на Скопје, во општината Скопје за некои ингеренции што се пренесуваат на градско ниво.

Значи, се работи за политички структури, не се работи  за граѓаните, прашани се советите и градоначалниците.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Груевски, минутата ви истече.

Следниот за реплика се јави господинот Слободан Најдовски.

Повелете, имате три минути.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Сакам да му реплицирам на две тези на господинот Груевски.

Првата теза е дека овој закон и ова се прави за да не дојде до предвремени избори.

Прво, господине Груевски веднаш после претседателските избори најавивте дека барате предвремени избори во Република Македонија. Преку медиумите имавте јасна порака дека ние како пратеници од ЛДП ќе ве поддржиме за таа иницијатива ако ја поднесете по процедура во Собранието на Република Македонија. Знаете деловнички како се поднесува тоа барање и до ден денес го немате поднесено што значи дека само декларативно барате предвремени избори. Ние не се плашиме од предвремени избори. Тезата е сосема погрешна.

Втората теза е дали ги прашавте граѓаните од Сарај за ова?

Јас ќе ве прашам господине Груевски, знаете ли што амандман поддржавте овде во понеделникот овде од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Ги прашавте ли моите од Кравари, од Егри, од Оптичари, од Крстоар дека сакаат двојазична табла да имаат кај нив, дека сакаат двојазичност? За тоа ги прашавте ли вие? Или пак ако не знаете каде се наоѓаат ќе ви кажам во општата расправа за да знаете кога ќе ги поврземе сите амандмани што ги предлагате и што ги поддржувате и она што го дискутирате дека е контрадикторно на сите вас и нема едно со друго ама никаква поврзаност и дека се е декларативно и сеење на магла.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ

Господине Груевски имате една минута, повелете.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Благодарам на репликата.

Првото што беше, што нема врска со репликата, што нема врска со целата ситуација за предвремени избори...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

А има врска со вашата дискусија.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Се извинувам.

Не сме му вратиле одговор затоа што не е некој политички фактор во моментот и не зависи од него дали ќе има предвремени избори, туку зависи од СДСМ. Ако пратениците на СДСМ сакаат да имаат предвремени...

(Реакција на пратениците во сала).

Се извинувам ако може да ми дозволите...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете, повелете.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Ако пратениците на СДСМ сакаат да има предвремени парламентарни избори тие можат да го направат тоа, нека повелат, ние сме подготвени, целосно стоиме зад таа идеја.

Инаку, остана неодговорено прашањето зошто само Сарај и Кондово се припојуваат кон Скопје, а не Илинден, Петровец, Сопиште и Зелениково. Кои се тука различностите во критериумите. Тоа ако може да ми го одговорат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Груевски.

Ова за поднесување на предвремени избори јас го разбрав како некоја симболика.

(Никола Груевски од место - не, не).

Они да поднесат како некоја симболика.

Повелете господие Игор Ивановски, имате три минути.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Ќе се обидеме да дадеме одговор повторно на истите прашања.

Класична контрадикторност господине Груевски кажувате. Велите не е проблем двојазичноста, а во исто време е проблем. Велите Сарај и Кондово не се проблем да се во Скопје, а веднаш потоа се свртувате кон Илинден, Петровец и Сопиште. Ајде да ги тргнеме на страна Илинден, Петровец и Сопиште, веројатно имате амандмани и за нив, ќе разговараме кога ќе дојдат на дневен ред.

Сарај и Кондово во Скопје не се проблем според вас, двојазичност не е проблем за вас, не е? Тогаш каде го гледам јас проблемот, каде е разликата? Доаѓате до ова што е клучно прашање, како што велите вие - тоа е направено на вештачки начин. Се извинувам како на природен начин се прави закон. Кој е тој друг начин освен политичкиот начин да се направи закон. Тоа е политички договор. Рамковниот договор е направен за да се спречи етнички конфликт, има етничка димензија. Законот за децентрализација произлегува од тој договор и има меѓуетничка димензија. Нормално е дека тие критериуми играат улога, нормално дека тоа е резултат на компромис, но и на концензус. Затоа и дебатираме. Тоа е клучното прашање.

И оваа владина коалиција, ова парламентарно мнозинство ја презема одговорноста за тоа. Не затоа што тоа било направено на вештачки или на природен начин, туку затоа што тоа е единствениот начин да се мрдне напред, затоа што ќе се затвори Рамковниот договор, ќе се фокусира на останатите проблеми, затоа што тоа е чекор кон Евроа и НАТО. Тоа е единствениот начин и затоа всушност ние дебатираме.

На крајот на краиштата немојте да алудирате дека ова е идеја на владината коалиција или на парламентарното мнозинство затоа што не сака или сака предвремени локални или парламентарни избори, не знам како беше тезата. На крајот на краиштата во изминатите десетина дена погледнете позади вас, празно е. Вие го искористивте тој момент за пресметување помеѓу вашите струи. Вашиот почесен претседател сеуште тврди дека двојазичноста за него е најголема катастрофа за Скопје, а вие велите дека не е проблем. Господинот Кедев тоа го рече, веројатно и потпретседателката Самоиловска тоа ќе го каже.

Значи, премногу е крупна работата, премногу е опасна реториката и контрадикторноста со која што се служите за да се пресметате внатре во партијата и за да го фокусирате своето членство за евентуално подигнувањена рејтингот за некакви локални избори. Не е проблем, да ги завршиме законите, на 7 автуст претседателот на Собранието ќе ги распише локалните избори, тоа е тестот, таму е местото, тоа е местото каде што ќе се мерат вистинските аргументи за и против не територијалната организација, единствено за децентрализацијата. Но, да дојдеме до тоа.Тоа е вистината ако сакаме да ја прикажеме, а се друго ќе биде само обични фоскули за кои што верувам дека ќе дискутираме и во следните денови нанапред.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ :

Повелете господине Груевски имате една минута реплика.

НИКОЛА ГРУЕВСКИ:

Многу испревртувања на тези слушнав во оваа дискусија, многу интересни делумно кажувања, делумно некажувања на она што не било кажано.

Јас кажав дека не би имал ништо против двојазичноста доколку таа настанала по природен пат со прираст на албанско население, без вештачко прекројуање на границите. А вештачко прекројување на границите е ова што се случува сега кога Кондово се придодава кон Сарај и двете заедно кон Скопје со критериуми кои што не важат за другите Илинден, Сопиште, Зелениково, Петровец и сл. Тоа е тоа што некој се прави дека не го разбрал, па си поставува двојни тези и прашања.

Уште еднаш ќе го поставам прашањето, ако е ова природен начин создавање закон зошто толку СДСМ се спротивставуваше на оваа работа. Дали сега ние не разбираме нешто, или СДСМ жестоко се спротивставуваше 40 дена за да на крај си го прифати...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам истече вашата минута.

На тоа ќе ви одговори госпоѓа Самоилова Цветановска.

Вие имате збор, повелете.

ГАНКА САМОИЛОВА ЦВЕТАНОВСКА:

На тоа господине претседателе ќе треба да одговори СДСМ, а јас можам да кажам само за нашите тези кои се во насока на поддршка на амандманот со кој бараме опстојување на Сарај во постоечките граници.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во таа смисла мислев да се одговори.

ГАНКА САМОИЛОВА ЦВЕТАНОВСКА:

Во денешната исцрпна дискусија во насока на поддршка на амандманот кој го поднесовме, а во кој бараме Сарај да опстои во сегашните општински граници, значи како самостојна општина беа кажани навистина суштински тези и мислам дека јасно поентиравме што е нашата намера, што е нашата цел со поднесувањето на овој амандман и јасно укажавме за недоследноста и неправилноста при решавањето на овој проблем. Значи ќе се обидам да бидам исклучително концизна и крата бидејќи навистина имавме исцрпна дискусија и мислам дека на македонската јавност веќе и се јасни тезите и она што навистина се случува со поднесувањето на овој непринципелен закон за територијална поделба на Република Македонија.

Проблемот при решавањето на границите на градот Скопје, односно припојвувањето на општината Сарај во градот Скопје не е прашање со кое треба да се реши двојазичноста во градот Скопје. Значи проблемот е што прашањето на двојазичноста не е прашање кое треба да се решава преку процесот на децентрализација, односно уште помалку преку прашањето на територијалната организација. Мислам дека во Република Македонија веќе не постои граѓанин кој не ја знае дефиницијата за процесот за децентрализацијата, но во насока на појаснување на дискусијата и потсетување на колегите пратеници еве уште еднаш да ја повториме дефиницијата за децентрализација.

Процесот на децентрализација значи пренесување на надлежностите од централно на локално ниво.

Тука никаде не гледам простор за решавање на прашањето за двојазичноста.

Исто така сметаме дека со припојувањето на општината Сарај кон Скопје животнот стандард или квалитетот на живеењето на жителите од општина Сарај апсолутно нема да се подобри, нема да се подобрат прашањата поврзани со инфраструктурата во Сарај, неа да се подобрат прашањата од комуналнат асфера во општината Сарај и апсолутно јас би сакала одговор на кој начин ќе се подобри животниот стандард или квалитетот на живеењето на жителите на општина Сарај со тоа што Скопје ќе стане двојазично. Кој е тука бенефитот на граѓаните, односно на жителите на општина Кондово и општина Сарај.

Уште еднаш сакам да потенцирам, точно кажа претходниот репликант, господинот Ивановски, и јас ќе кажам дека апсолутно немаме ништо против двојазичноста. Апсолутно немаме ништо против соживотот. Апсолутно немаме ништо против една етничка заедница во Република Македонија која опстојува на територијата на Република Македонија и за нејзиното право да ги реализира нејзините јазични и културни потреби, но имаме проблем со непринципелниот начин на решавањето на прашањето за двојазичноста. Најдете начин поинаку да се среди тоа прашање, не со механичко припојување на одредена општина.

Исто така тезата дека е многу важно затоа што изворот Рашче ќе биде под контрола на градот Скопје не држи. Ќе ја повторам уште еднаш тезата. Тогаш дајте општината Петровец во која се наоѓа аеродромот, кој е исто така стратешко, исклучително значајно место во Републиката и треба да потпадне под ингеренци на градот Скопје. Јас ги молам пратениците од ДУИ, апелирам до нив да се свестат дека тезата за евентуална криза во која некои структури ќе имаат контрола врз изворот Рашче не ја пласиравме ние туку нивниот коалициски партнер од ЛДП.

Понатаму, дали сметате дека при механичкото припојување на општината Сарај и ваквиот начин на решавањето на двојазичноста во градот Скопје е во насока на подобрување на соживотот, подигањето на нивот на соживотот и спуштањето на тензиите кај граѓаните не само во Скопје туку и во Република Македонија. Апсолутно не. Како потврда на ова, како илустрација ќе го кажам примерот за митингот во Скопје на кој присуствуваа 30 илјади граѓани, од кои 2/3 според нашите проценки беа граѓани на Скопје, што не се случило во историјата на организирањето на митинзите Скопјани да

излезат и да дадат таква поддршка односно да го искажат својот револт во однос на решавањето на ова прашање. Значи ова е во насока на подобрувањето на соживотот во Скопје и во Република Македонија . Апсолутно не. Дајте ако ништо друго, тоа прашање може во блиска иднина на еден природен начин ќе се реши после 5 - 10 години, но на ваков начин едноставно создавате револт. И прашањето и одговорот дека вие само го спроведувате Рамковниот договор апсолутно веќе никој не верува,. На тоа прашање веќе никој не ви верува и затоа немојте да го злоупотребувате Рамковниот договор. Рамковниот договор доследно се спроведува и се почитува од сите потписници.

Значи, уште еднаш потенцирам дека сме ние против непринципиелниот начин на решавање на двојазичноста и поврзаноста на решавањето на процесот на децентрализација, започнувањето на процесот на децентрализација и територијалната организација и поврзувањето со двојазичноста на градот Скопје.

На крајот до сите пратеници, дискутанти, членови на Владата кои се прашуваат каде е нашата поддршка, односно од пратеничката група. Кога некој од вас особено од Владата ќе прошетате низ Струга, а без притоа да бидат ангажирани специјалната полиција и обезбедување на извлекување на членови од Владата со хелихоптери, тогаш во рамноправна положба ќе разговараме каде е вашата поддршка. Прашањето на поддршката не е тема на денешната дискусија, а поддршката ќе си ја кажат граѓаните. Во овој случај повторно се занимаваме со маркетиншки прашања, односно ја користиме во партиски маркетинг собраниската говорница и го занемаруваме основното прашање а тоа се проблемите на граѓаните во Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Молам, дали има намера некој да се откаже од реплика?

(Сите се откажуваат).

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ако има доволно, ќе дадам пауза пет минути за да се собереме и потоа да гласаме по амандманот.

Молам, координаторите на пратеничките групи да ми кажат дали има можности за обезбедување на доволен број на пратеници.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Нема.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Во тој случај тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме со работа утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 21,30 часот).